**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 јули 2000-та година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на РМ, со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието на РМ.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ја отворам Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, г-дин Борис Трајковски, Претседателот на Владата на Република Македонија г-дин Љубчо Георгиевски и предложените кандидати за министри за состав на новата Влада.

Со оглед на значењето на прашањето што е предложено на дневен ред на оваа седница, предлагам да не се дополнува предлогот на дневен ред со други точки.

Ве молам да гласаме по предлогот. (По гласањето).

70 пратеници гласаа "за", 4 "воздржани" и немаме "против".

Според тоа, констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

- Избор на нов состав на Владата на Република Македонија.

Ве молам да гласаме по предложениот дневен ред. (По гласањето).

74 пратеници гласаа "за", 2 се "воздржани" и "против" нема.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Преминуваме на дневниот ред - Избор на нов состав на Владата на Република Македонија.

Предлогот за разрешување на членови на Владата и предлогот за состав на Владата на Република Македонија ви се поделени.

Со оглед на тоа што претседателот на Владата предлага разрешување на повеќе од 1/3 од членовите на Владата од претходниот состав, согласно член 94 став 4 од Уставот на РМ, Собранието ќе одлучува со единствено гласање по предлогот за избор на нов состав на Влада.

Собранието избира Влада со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање. Тоа значи дека не го исклучуваме системот за гласање, тоа е јавното гласање.

Гласањето за избор на Влада се врши по предложениот состав на Влада во целина.

Отворам претрес.

Го молам претседателот на Владата на РМ, г-дин Љубчо Георгиевски да го образложи предлогот за избор на нов состав на Влада.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе на државата, почитуван претседателе на Парламентот, почитувани пратеници, дами и господа.

Должност ми е, истовремено и задоволство, денес да ви се обратам по повод денешниот избор на Владата.

Меѓутоа, пред да поминам на експозето, сакам од истово место од каде го предложив составот на мојот претходен Кабинет, да се обратам на досегашните членови на Владата, да им се заблагодарам на нивниот досегашен ангажман, на соработката што ја имавме и на храброста да бидат министри во едно тешко и неизвесно време.

Овој пат нема да ги спомнувам проблемите што ни ги донесе Косово и Косовската криза, што претставуваше и тест на нашата издржливост и подготвеност да се соочиме со таков товар што ретко може да се издржи во било која друга земја и народ, но уште еднаш ќе ја истакнам благодарноста до министрите кои поради новата организација за работа на Владата и намалување на бројот на министерствата, не сте во состав на новиот Кабинет. Ова само го спомнувам за да потсетам во каков амбиент работеше досегашната Влада, која навистина постигна, барем според мене, значајни резултати.

А сега излагајќи го моето експозе, сакам да истакнам дека целта и императив

на оваа Влада, е да создаде услови за подобар и достоинствен живот на своите граѓани. Тоа ќе го обезбеди со владеењето на законот, со владеењето на правото и оваа своја определба постојано ќе ја остварува, заштитува и афирмира во целокупното живеење.

Денес кога ви го претставувам новиот состав на Владата, во кој повторно учествува коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ, ДА и ДПА, накратко ќе потсетам за процесите, за проблемите со кои се соочувавме во изминатиот период, а исто така за насоките по кои ќе се движиме.

И овој пат ќе почнам со надворешната политика, вклучувајќи ја регионалната соработка. Правците на нашето дејствување во надворешната политика беа и остануваат приоритетно значајни и тоа се евроатланската ориентација, односите со ЕУ, САД и со НАТО-пактот. Реално очекуваме во блиска иднина да дојде до потпишување на Договорот за асоцијација со ЕУ, со што ќе се отворат нови можности и ќе се создадат услови за побрз развој и интеграција.

Воедно, истакнувам дека во однос на НАТО-пактот е прифатена нашата Акциона програма, што значи отпочнување на структурни реформи во АРМ и чекор за приближуваше кон НАТО.

Нашата надворешна политика ја потврдува својата вредност и со воспоставување на поблиски контакти и соработка со бројни земји во светот. Наша ориентација останува и во иднина да се изградуваат такви односи, а притоа да не се запостават односите со Руската Федерација, Украина и другите земји со кои имаме интерес да соработуваме.

Република Македонија подеднакво негува добри односи со соседните држави, што е позитивно оценето од меѓународната заедница. Она што долг период беше прашање и проблем во односите меѓу државите на Балканот, за кои ниту се разговараше, ниту се бараше решение, денес се надминати и за сите проблеми се разговара отворено. Соработката што ја воспостави нашата земја со соседните држави е пример за воспоставување на таква соработка меѓу сите земји на Балканот. Верувам дека оваа година, кога сме претседавачи на процесот за Југоисточна Европа, ќе придонесеме за уште поголем и побрз развој на односите на балканските земји.

Во контекст на односите на Балканот, значаен фактор за стабилност и очекувањата со конкретно операционализирање на проектите да се овозможи побрз развој на земјите од регионот, што бе значи и негова стабилизација. Регионалната соработка наоѓа посебен интерес во економијата, политичката и културната сфера, при што во оваа прилика би сакал уште еднаш да го спомнам заедничкиот Проект – Коридорот - 8.

Почитувани дами и господа, по овие релации со светот и регионот доаѓаме и на домашен терен, односно до нашата внатрешна политика, каде што ќе започнам со политиката на оваа Влада за развој на демократијата и правната држава, а исто така и развој и збогатувањето на меѓуетничките односи во нашата држава.

Кога се однесува на меѓуетничките односи, морам да кажам дека оваа Влада има намера да продолжи со својата политика, која многу добро е позната не само во Македонија, туку има и широка меѓународна поддршка, која верувам дека е основа, кога зборуваме за стабилноста, безбедноста на нашата држава, меѓутоа, и основен услов за економскиот просперитет на нашите граѓани и на заедничкиот интерес да ја видиме Македонија богата и со висок стандард на живеење.

Што се однесува до заложбите на Владата за проширување на демократијата и владеењето на правото, исто така и реформската ориентираност на Владата, би рекол дека во однос на утврдувањето на политиката на извршувањето на законите и предлагањето на законите, се направени извонредни напори и ангажирање во процесот на воспоставување на стабилност и правниот систем, посебно со предлагање на закони што ги донесе ова Собрание.

Законите знаеме дека регулираат одделни области, но истите функционираат во единствен правен систем. Неусогласеноста што постоеше во законските акти во одделни области практично создаде состојба на без нормативност. Јас не би сакал во оваа прилика да истакнам, но само ќе потсетам дека досегашната Влада, за не цела година, сакам да го изолирам овде периодот на Косовска криза, кога беше невозможно нормално да се работи, жестоко отпочна со целосни реформи и донесе толку закони, во подготовка и во процес на донесување се и други законски проекти, што за целото шестгодишно владеење на претходната Влада не се донесоа.

Во овој период се донесени: Законот за Владата на РМ, Законот за организација и

работа на органите на државната управа и Законот за државните службеници. Овие три закони во јавната администрација, се неопходност за нашите процеси за европската интеграција и значат организирање на една администрација, која во практика ќе биде ставена потполно во функција на хармонизирање на законодавството.

Затоа, како Влада се определивме за правна држава. Затоа, за ефикасноста на судството ги донесовме сите неопходни закони.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:** (Продолжение)

Овде сакам да потенцирам дека создавање на Судскиот Буџет, целосно ќе го решиме прашањето на независноста на третата власт.

Потсетувам дека во меѓувреме беше донесен и Законот за старата девизна заштеда, со која за прв пат, фактички се обезбеди враќањето на заробените девизни влогови.

Законот за денационализација, чие донесување е поздравено не само од некогаш оштетените граѓани, туку и од институциите на Меѓународната заедница, конечно оваа Влада ќе почне да го применува. Така се затворени два големи долгови кои оваа држава, како сериозна, ги има спрема сопствените граѓани. А деновиве се наоѓаме пред затварање на уште еден долг. Тоа е долгот кој го наследивме, како Влада, познатите 8% на пензионерите кои им беа ускратувани во период од некаде 4 години и 10 месеци и верувам дека на својата прва седница на оваа Влада, уште утре ќе биде донесена одлука, со која и третиот долг односно една голема трета обврска ќе ја затвориме и ќе можеме да кажеме дека навистина секој граѓанин може да ја врати довербата во сопствената Влада и сопствената држава.

Свесни сме дека за здравството, стопанството, потребно е здраво банкарско работење. Банкарскиот систем го поставуваме на современи европски принципи, а законите кои треба да ги дадат резултатите поминаа токму оваа недела и веќе се зад нас.

На полето на економијата се прават напори да се намалат даночните стапки, со што ќе се растовари и ќе заживее стопанството, ќе се создадат услови за нови вработувања. Затоа, главен приоритет и понатаму е решавањето на големиот наследен проблем, невработеноста.

Последните анкети на работната сила направени од меѓународните институции говорат за мало намалување на невработеноста, но сепак значајни.

Како позитивно движење што не охрабрува е и фактот дека се намалува бројот на лицата кои со задоцнувања примаат плата, од 17% на 12%.

Во прилог на нашиот оптимизам е и нивото на инфлацијата, која неколку години се држи под контрола.

Многу значајно за нашиот развој и што посебно ме радува е тоа што прв пат, после 10 години ќе имаме највисока стапка на раст од 6%, што е на прво место во сите земји на транзиција во Источна Европа.

Почитувани пратеници, не еднаш досега како Влада сме ги потврдиле нашите напори на привлекуваше на што поголем број странски инвестиции. За таа цел создадовме правна рамка, која ќе биде привлечна за странските инвеститори и ќе им овозможи да чувствуваат дека својот капитал го вложуваат во сигурна земја, а за нас е многу значајно бидејќи приливот на странските инвестиции ќе овозможува отворање на нови работни места. И на овој план забележани се крупни и конкретни резултати. Статистичките податоци покажуваат дека странските директни инвестиции во првите 5 месеци од оваа година изнесуваат 66 милиони американски долари.

На планот на производството се бележат значителни позитивни движења каде што за илустрација ќе кажам дека индустриското производство во јуни 2000 година е за 14,8% повисока од јуни 1998 година, а севкупниот просек за првите 6 месеци е некаде над 10%.

Во овој период се забележува и зголемена финансиска дисциплина кај даночните обврзници, за што е и придонес за зголеменост на приливот на средствата по таа основа. Податоците покажуваат дека наплатата по основ на данок на промет и ДДВ во 2000 година, во однос на 1999 година се зголемени за скоро 87%. Не се работи за исцрпување на стопанството, како што некои тврдат, туку за стеснување на просторот на сивата економија и конечно почитување на економските закони во оваа држава.

Донесувањето на Законот за ДДВ се вклопува во проектот за хармонизација на нашето законодавство за законодавството на Европската Унија. Релациите со меѓународните финансиски институции ММФ и Светската банка се одвиваат позитивно на наше задоволство.

Кога сме кај Буџетот, јас само ќе спомнам две бројки.

Буџетот за оваа година беше проектиран за 10% од Буџетот за 1999 година. Не само што го оствaривме планираното зголемување и остварување на Буџетот за 10%, туку, морам да кажам дека и 10% над планираните 10 се натфрлени. Во овој момент 10% на ниво на годишниот Буџет се натфрлени. Во овој момент суфицитот на Буџетот на Република Македонија е околу 6 милијарди денари, односно околу 200 милиони марки.

Значи, оваа Влада во овој момент има 200 милиони марки надвор од сите можни планирања на Буџетот на Република Македонија. И нормално сега е работа со преговори со ММФ кои ќе се финализираат идната недела и во Вашингтон, што треба и што можеме да направиме со тие 200 милиони марки, при што тука имаме многу можности, за развој или за нови проекти. Јас го спомнувам овој податок затоа што тоа не го памтиме во Македонија, не во минатите 10 години, туку мислам во изминатите 50 години не се памти таков податок.

Ваквите движења сметаме дека без веќе посебен проблем ќе овозможат зголемување на бруто домашниот производ за 6% оваа година, а наша крајна цел е тој процент да биде малку и поголем. Оптимизмот го темелиме на фактот на првиот квартал од оваа година, што имаме пораст на бруто националниот доход за 14,3%, што е своевиден рекорд не само во Европа, туку и многу пошироко. Така што првиот квартал без сомнение гарантира дека процентот од 6% веќе можеме да гарантираме дека ќе ја оствариме нашата цел, која ја поставуваме пред нас, е таа да биде малку и поголема.

Конечно на крајот би сакал да ги истакнам и реформите за социјалната и здравствената дејност, каде законите во најголем дел веќе се донесени и пред нас е имплементацијата во јавниот живот.

Тоа пред се со реформите во пензискиот систем, со што градиме сигурен и современ пензиски систем, во согласност со Европскиот. Овој систем ќе овозможи зголемување на националните заштеди и зајакнувањето на моќта на инвестирањето.

Значаен е и проектот за реформи во здравствената заштита, со кои се предлага да се отпочне процес на трансформација на примарната здравствена заштита што опфаќа и обезбедува сигурност на здравствените работници, со што на осигурениците им се обезбедува здравствената заштита на товар на здравственото осигурување.

Конечно, кога зборуваме за севкупните реформи и она што не очекува, уште еднаш ќе потенцирам дека пред оваа Влада приоритет се трите договори, кои мислам со сигурност веќе можеме да најавиме дека ќе бидат потпишани во раната есен. Тоа е договорот за асоцијација со Европската Унија, тоа е договорот со ММФ и тоа е договорот со Светската банка, при што јас можам да кажам дека со сите тие три договори се отвараат невидени перспективи за секој граѓанин на Република Македонија и дефинитивно прифаќање на Македонија комплетно во Меѓународната заедница.

Кога сме кај договорот со ММФ и со Светската банка, јас само ќе спомнам уште еден податок кој мислам дека благо е промовиран веќе во јавноста. Имено во разговорите со ММФ ние имаме вакво навестување: Доколку Република Македонија продолжи со истото темпо и со истата дисциплина на реформи како што тоа го правеше во изминатите шест месеци, во идната година ова ќе биде последниот аранжман што ММФ ќе го бара од Република Македонија. Значи веќе доаѓаме до крајот на тунелот каде што ја гледаме светлоста, каде што конечно ќе речеме дека Република Македонија, покрај политички, државно, созреа и економски. Јас сум убеден дека, ако продолжиме со ова темпо и со оваа дисциплина на реформите, овој аранжман навистина ќе биде последен за Македонија и ќе го напуштиме она долго сеќаваше во нашата свест каде што економските процеси, економските одлуки ни се диктираат од меѓународните финансиски организации, ќе пораснеме и ќе созрееме како една од првите земји во транзиција Источна Европа.

На крајот, почитувани пратеници, оваа Влада која денес ја претставувам, морам да кажам дека има моќ и капацитет да се соочи со предизвиците што ни ги наметнува времето во кое живееме, да ги реализира и заокружи реформските проекти и да ги донесе сите неопходни законски акти, што треба побрзо да го доближат нашето законодавство со европското и светското и да ни овозможат побрзо влегување во семејството на европските земји.

Верувам дека ќе ја оправдаме Вашата доверба. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Љупчо Георгиевски за даденото образложение во врска со предлогот за избор на нов состав на Влада.

Продолжуваме со општиот односно отворениот претрес.

Процедурално се јавува за збор г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, господа министри во предлог.

Обично досега во Собранието било пракса експозето да биде поделено однапред. Незнам сега за прв пат ниту имаме експозе, ниту пак давате пауза за да го видиме експозето кое по Уставот е програма за работа на Владата заедно со листата на Владата. И не знам зошто не е поделено.

Би ве замолил да се даде барем десетина минути пауза, со оглед дека тоа постои, да го имаме пред нас, затоа што не се работи за настап, се работи, согласно Уставот, за програма на Владата.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дали тоа го барате во име на пратеничката група?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Да.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Предлагам пауза, за да се симне стенограмот, да се подели.

Значи оној момент кога ќе го добиете експозето, ќе продолжиме со работа.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот).

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, стенографските белешки од господинот премиер Љубчо Георгиевски ви се поделени, ги добивте, според тоа продолжуваме со отворениот претрес.

Процедурално се јави господинот Љубчо Георгиевски, премиер на Владата.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Господине претседателе, би сакал неколку реченици да ги дообјаснам за да не дојде до недоразбирање.

Имено, идејата на ова експозе не е да го претставиме како програма на Владата на Република Македонија, од причина што оваа Влада е Влада на континуитет и во поглед на луѓето и во поглед на програмата, а сите ние знаеме дека оваа реконструкција е практично изнудена од еден закон, кој по силата на законот бара реконструкција на Владата и намалување на бројот на министерските места. Експозето е дадено во функција на одреден просек на работата на оваа Влада и насоките по кои ќе се движиме како влада.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ви благодарам на дообјаснувањата во врска со натамошната расправа.

Му дадов збор уште пред паузата на господинот Ѓорѓи Спасов. Повелете.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван господин премиер, почитувани кандидати за министри, почитувани колеги пратеници, по речиси две години од формирањето на првата Влада на коалицијата за промени во Македонија, денес имаме прилика да го видиме владиниот четврти состав.

Тоа говори само по себе за вистина мошне динамични промени во нашето општество. Ако ништо повеќе, барем министрите се менуваат. Но за разлика од досегашните измени во Владата, кои се однесуваа само на нејзиниот персонален состав, денеска имаме пред нас и една значајна промена, наместо досегашните над 20 министерства и 21 министри, премиерот денеска ни предлага Влада со 14 министерства и 17 министри. Тоа, според парламентарната група на СДСМ е голем напредок и ние како парламентарна група го поздравуваме овој чин.

За нас оваа промена треба да се толкува како оддавање на признание на опозицијата, која уште во расправата по првиот состав на Владата изнесе три основни забелешки.

Првата забелешка беше дека за Македонија не е добро да прави мамутска влада со 21 министерство и 27 министри и тогаш тврдевме дека тоа само по себе нема да придонесе за нејзината ефикасност, а ќе ги зголеми трошоците на државната администрација.

Втората забелешка беше дека формирањето на таква Влада е во спротивност со програмските определби дури и на партиите од владината коалиција за оптимална, ефикасна и рационална државна управа, но е во спротивност со долго време подготвуваната стратегија за реформа на државната управа во Македонија и со ставовите на Европската Унија и на меѓународните финансиски институции.

Третата забелешка беше дека персоналниот состав во таа Влада, не е само што не дава гаранција за успешно остварување на нејзините функции, туку дека ќе ја зголеми политичката конфликтност во македонското општество. Но, тогаш како и многу пати потоа нашите залагања и залагањата на целата македонска опозиција беа целосно игнорирани и протолкувани како непотребно солење ум од страна на оние кои во овој Парламент од страна на парламентарното мнозинство добиваат третман на непријатели и на лица кои не и мислат добро на Македонија.

Денес слушнавме дека до овие промени на Владата доаѓа на барање од Европската Унија и ние тоа целосно го разбираме. Многу е подобро по две години упорно опстојување на својот антиреформски концепт да кажете дека започнувате да ги реализирате барањата на Европската Унија, отколку да признаете дека можеби опозицијата на самиот почеток на мандатот на оваа Влада за некои работи имаше право.

Се сеќавам по овој повод на анегдотата што по тој повод по составот на првата Влада ја кажуваше во овој Парламент тогашниот министер за правда Владо Камбовски. Тогаш тој потсети дека мудреците ги советувале политичарите на местата во нивните говори, на кои недостигаат аргументи само посилно да викаат, затоа што постои верување дека силата на аргументите може да се заменува со аргументот на силата или викањето во овој случај, а вие тогаш викавте господа и не не убедувавте.

Почитувани колеги пратеници, оценките за резултатите од работењето на Владата на Македонија во изминатите речиси две години се мошне различни, па дури и спротивставени.

Премиерот, Владата и голем дел од пратениците на парламентарното мнозинство веќе имавме прилика да ги слушнеме дека живеат во убедувањето, дека Македонија ја има најдобрата и најспособната Влада од стекнувањето на независноста до денес.

Овој дел од македонската популација живее во убедувањето дека владината коалиција од првиот ден на нејзиното стапување на власт, ги остварува стамено сите потребни реформи и сите свои програмски ветувања. Македонија, како што имаат обичај да кажат некои луѓе од владината коалиција, "секој ден во секој поглед се повеќе и повеќе напредува", како во филмот "Се сеќаваш ли Доли Бел", кога со тие зборови се обидуваат да го хипнотизираат кроткото зајаче. И, единствен проблем за власта денеска според нејзиното кажување бројните новинари и независни медиуми во земјата, кои не гледаат со истата диоптрија на тие нешта и нормално главниот проблем на оваа власт е опозицијата за која, како што вели еден од водачите на коалицијата господинот Васил Тупурковски од злонамерност или од незнаење, не сака да ги види големите успеси на Владата. Сето ова можеби и да е точно, но незнам само зошто мене како претставник на опозицијата многу ме потсетува на една анегдота од времето на комунизмот во Советскиот Сојуз. Таму власта долго време го убедуваше народот дека живее во најдоброто и можеби во најбогатото општество во светот. Оние што во тоа не веруваа, ги прогласуваа за луди, односно за неспособни да сфатат дека живеат во најдобриот политички систем во светот и ги ставаа во таканаречени психушки.

Но, народот секој ден се соочуваше со недостаток од продукти за јадење, а месото беше реткост. Во една продавница за месо пред која залудно се собирале луѓето, секој ден да купат месо продавачот нормално комунист ги замолил сите комунисти што чекаат да влеза во продавницата, потоа ги замолил на останатите да им објаснат зошто нема месо во продавницата. Им рекол излезете на народот и кажете му вака, дека ние кон комунизмот одиме толку брзо што стоката не може да не стигне.

Со ова сакам да укажам на фактот дека, животот нема да се разубави само со приказните за големите реформи што ги остварува оваа Влада и со успесите што наводно таа ги постигнала. Напротив, Владата ќе ги зголеми своите шанси за успех кога ќе почне да ја сваќа сериозно критиката на своите потези, кога ќе почне да се ослободува од илузијата за својата безгрешност и кога во опозицијата ќе гледа еден вид на осигурувач, кој избива пред да се запали целата државна инсталација.

На јавноста и е добро познато дека ние како опозиција сметаме дека, Владата за овие речиси две години владеење не ги оправда очекувањата на народот, ниту на симпатизерите на партиите од владината коалиција. Зошто?

Покрај сите оправдувања што можат да се бараат во наводно и често нагласуваното тешко наследство што и било оставено од претходната Влада или заради

војната во соседството и бегалската криза, факт е дека на главните насоки од општествениот развој не е направено ниту едно значајно исчекорување.

Прво, партискиот монопол врз јавните информативни сервиси, како што се Македонската телевизија, Македонското национално радио и НИП "Нова Македонија", остана не само непроменет, туку доби многу по ригиден вид, заради што угледот на Македонија е загрозен, но и демократијата во неа.

Власта повремено се преместува со непослушните новинари и медиуми, им упатува отворени закани, им подготвува закон за јавно информирање, кој според зборовите на премиерот треба да ги спречува злоупотребите од страна на новинарите во однос на чесните политичари, бизнисмени и граѓани. Во оваа битка против непослушните новинари кон власта, овластени претставници на оваа власт говорат за Гебелсова пропаганда во нашите медиуми, за ширење на некакво расположение, па дури и Си Ен Ен, во еден момент беше обвинет дека информира во духот на комунистичката пропаганда. Каков модел на информирање и пропаганда преферира оваа власт, може да се види од програмите на Македонската телевизија од кои критиката кон власта е целосно протерана, а сервилноста на новинарите и апотеозите кон власта и нејзиното мудро раководство дури и кога тоа патува на екскурзии, добиваат на значење, гласност и простор.

Второ, во 1998 година во Македонија беа одржани парламентарните избори врз основа на ново изборно законодавство. Тоа законодавство беше донесено во целосен политички консензус на партиите во Парламентот и вон него. Тие избори беа оценети како фер и демократски, а чинот на примопредавањето на власта се одвиваше во цивилизирана и европска атмосфера.

Европа почна да верува дека на Балканот демократијата може да фати корени и тоа токму во Македонија. Но, само една година потоа по доаѓањето на оваа Влада се случија избори, кои оставија голема дамка врз демократските процеси во земјата. Само по вториот круг на тие избори беа поништени во 230 избирачки места со над 130.000 гласачи заради нерегуларности. Меѓу вториот и третиот изборен круг од подрачните единици на Министерството за правда беа украдени избирачките легитимации за да се сокрие криминалот, а во третиот круг бевме соочени и со големо насилство на избирачките места. Се на се една грда слика за демократијата во Македонија и чекор назад во однос на она што се случуваше една година пред тоа. Наместо да се покаже волја за исправање на грешките или да се покаже малку срам, Врховниот суд која ја донесе одлуката за поништување на изборите на избирачките места, ја доби етикетата од страна на извршната власт дека е национал шовинистички. Никој до денес не ги откри лицата кои ги украдоа избирачките легитимации и не е земен на одговорност ниту еден член на избирачкиот одбор од сите оние избирачки места, каде биле полнети кутиите без да има гласачи на гласачките места, иако тоа добро го предвидува изборниот и кривичниот закон. Напротив, единствениот судија на Врховниот суд кој во својство на заменик претседател на Државната изборна комисија се осмели да го легализира изборниот криминал, е награден со неговиот избор за член на Републичкиот судски совет, во чија надлежност е предлагањето за именување и разрешување на сите судии, а јавниот обвинител не може да обезбеди доволно докази за било каков облик на насилство за време на изборите.

По сето ова што ни се случуваше и пред претстојните локални избори премиерот излегува со неговиот став дека "Во Македонија во средините каде живеат Албанци, не е возможно да се спречи еден човек да гласа за повеќемина", бидејќи според него тоа е дел од традицијата на Албанците во Македонија. Според мене тоа е добра утеха и добро охрабрување пред претстојните локални избори. Принципот еден човек еден глас и Законот според кој никој не смее да гласа во име на некого се фрлени под нозе. Проблемот е во тоа што со ова умира политичката демократија во Македонија и отстапува место на племенската.

Трето, новата Влада најави дека ќе воведе нови политички приоритети во надворешната политика. Сите се чудевме што ќе биде тоа ново во однос на веќе постигнатиот политички консензус во Македонија, за интегрирање на Македонија во евроатланските интеграции, во НАТО и Европската Унија, како и за унапредување на добрососедските односи.

Се покажа дека тој нов приоритет биле дипломатските односи со Тајван и прекинување на дипломатските односи со НР Кина, на која претходниот претседател на Македонија и вети со потпишување на заедничко комонике, презема државна

обврска дека Македонија нема да воспоставува дипломатски односи со делови од НР Кина.

Со тоа манифестиравме вистина дисконтинуитет во дотогашната надворешна политика, но ако тоа сакаме да му го прикажеме на светот како наш оригинален потез, врвна итрина или како генијална идеа со излегување од економската криза, тогаш остануваме и натаму во сферата на големото само залажување на кое сме изложени од формирањето на оваа Влада. За среќа се чини дека господинот Борис Трајковски од позицијата на функцијата на која се наоѓа има поразлично видување за овие нешта и тоа ни дава извесно охрабрување, а денеска и во пледоајето на премиерот не слушнавме ништо за Тајван и за нашите огромни идни очекувања од тој голем дипломатски чекор.

Четврто, коалицијата за промени дојде на власт со две големи ветувања.

Првото беше дека веќе располага со програми и со средства кои ќе доведат до невиден економски растеж на Македонија и кои ќе помогнат во мошне кус рок да се решат најболните проблеми во сферата на економијата. Луѓето вистина поверуваа и очекуваа дека идната Влада, веќе во првите сто дена од нејзиното владеење ќе обезбеди цитирам:

"Прво, рестартирање на запрените производствени капацитети";

"Второ, запирање на стечајните постапки против претпријатијата што можат да работат";

"Трето, обезбедување редовна исплата на платите и исплата на заостанатите плати";

"Четврто, зголемување на платите за 10%";

"Петто, зголемуваше на најниската пензија и на социјалната помош";

"Шесто, вработување само за сто дена на 10.000 социјално најзагрозени лица", а меѓу нив сигурно се препознаваат сите 60.000. "Намалување на цените на водата, струјата, радио дифузните такси, телефонските претплати и други комунални услуги, намалување на банкарските камати, враќање на заробените девизи од старите заштеди и заштедите од пирамидалните штедилници", а покрај тоа бидејќи ветуваа дека се обезбедени пари од познати извори на земји учеснички во тој договор дека ќе се компјутеризираат 2.000 училиште, ќе се изградат 85 спортски сали и ќе има бесплатно здравствена заштита за сите.

Втората работа што ја ветуваше коалицијата за промени, или поточно партиите ВМРО-ДПМНЕ и ДА беше дека нивната Влада ќе се справи со митото, со корупцијата, организираниот криминал, дрогата, неправедната приватизација и дека ќе ги искорени сите зла во државата, а дека ќе воведе нови морални норми во политиката и нов морал во однесувањето на политичарите.

Сето ова навистина добро звучеше и кога ќе го слушнете од устата на некој кој бил прв младинец на Тито, човек член на највисокото партиско раководство на СКМ, член на Претседателството на држава каква што беше Југославија и од човек што доаѓа по неговиот долг престој во Америка, се чинеше дека човек вреди да ризикува и да му даде доверба, затоа никој нема право да ги осуди луѓето што гласаа за исполнувањето на сите тие големи ветувања.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:** (Продолжение)

Со оваа Програма, тогаш, пред две години, се делеше едно парче хартија на кое пишуваше "ГАРАНЦИЈА".

Во неа пишува дека Васил Тупурковски, во име на Демократската алтернатива, гарантира дека, ако за две години не ги исполни сите ветувања од неговата Програма, дека тој и сите членови од неговата партија ќе си поднесат оставка на сите функции, што ги имаат добиено во државата. Датумот на кој што истекува гаранцијата е 22 октомври. А, сето ова го пишува и во договорот со народот што го имаат направено, заедно со ВМРО-ДПМНЕ. Во оваа гаранција не е наведен само овластениот сервис, во кој граѓанинот може да се обрати ако апаратот се расипе.

Можеби Владата смета дека сето ова што го прочитав, како нивни ветувања на изборите, ги има остварено. Но, лично сметам дека е далеку од самиот почеток. Во Македонија, за овие две години, економската состојба е значително влошена. Постојат и многу индиции дека луѓе од власта се заплеткани во криминал и корупцијата, од моралот нема ни трага, а нема да биде пресилно ако кажам дека деновиве таа власт се обидува, преку злоупотреба на државните фондови, во време на изборната кампања што е исто така забрането со закон, бидејќи е против правната држава, да го корумпира и гласачкото тело пред есенските избори.

Токму затоа, деновиве најавува дека, речиси на ден пред изборите ќе започне исплатата на 8% за пензионерите

во Македонија, исплата на заробените девизни штедни влогови, исплата на парите од штедилниците и дека ...

(Реакции во салата). Ве молам.. .

(Претседателот предупредува на ред со ѕвончето).

... и дека токму во септември ќе се отвореле 16 фабрики во бесцаринската зона Бунарџик, во која ќе се вработеле многу лица, а сите ние ќе сме биле шокирани од економскиот развој.

Постои само една изрека господо пратеници, некој човек можете да го лажете цело време, некои луѓе можете да ги лажете извесно време, но не се случило да можете сите луѓе да ги лажете сето време, па дури и кога вие сте убедени во сопствените лаги.

Од тука сметам дека не е време да се формира нова Влада. Време е оваа Влада да си поднесе оставка и со тоа да исполни барем една од одредбите од договорот со народот.

Бидејќи, сепак не очекувам таа да се придржува кон договорот со народот, а народот нема механизам да ја смени пред истекот на нејзиниот мандат, ми останува само уште да констатирам:

1. Добро е што ќе имаме по малубројна Влада од сегашната. Тоа, само по себе ќе значи дека помалку ќе го чини народот.

2. Ние, од СДСМ, го поздравуваме потегот на премиерот за отстранување од оваа Влада на некои министри, за кои баравме да бидат разрешени и за кои поднесовме интерпелации, како што се господинот Никола Кљусев и господинот Ненад Новковски.

Исто така, го поздравуваме потегот за отстранување на оваа Влада на министри за кои имавме забелешки и при нивното именување, како што се господата Георѓи Боев и Мартин Треневски. Ова нивно сменување го сметаме како задоцнето прифаќање на нашата аргументација, во однос на потребата за нивно отстранување од Владата, и со тоа сме задоволни.

При тоа, со оглед на изјавите на премиерот за телевизиите, апелираме до премиерот кон паднатите министри, да не зазема став како кон паднати борци за слобода и да почне да им доделува, ордени, места или функции за нивните претходни заслуги и да ги разместува по амбасади.

3. Мене лично многу ми се допадна изјавата на премиерот дадена за телевизиите во пресрет на оваа седница, во која тој вели дека новиот министер за одбрана и новиот министер за полиција во новата Влада, цитирам "немаат никаква врска со војската и со полицијата". И со тоа, според него ќе биде гарантиран на развојот на цивилното општество во Македонија.

Влада, според мене, во која министерот за полицијата ќе ја води и натаму кадровската политика на оваа земја, а ликовен критичар ќе ја води војската, нема голема перспектива.

Но, на крајот, ќе кажам дека ми се допаѓа и оптимизмот на премиерот, дека ова ќе биде последната реконструкција на неговата Влада. Можеби вистина, тој ќе понуди оставка во октомври кога истекува неговиот коалиционен договор со народот, што не е исполнет. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ѓорѓи Спасов за учество во расправата.

Продолжуваме со отворениот претрес.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Дополнително се јави за збор господинот пратеник Мухамед Таири.

**МУХАМЕД ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван претседателе на државата, почитуван премиеру, министри.

Една куса реплика на претходниот дискутант во неговото излагање, дека стално кога има промени или нешто слично, за нив дежурни виновници се постојано Албанците во оваа држава.

Но, треба да им биде јасно, од кога ги изгубија изборите, постојано Албанците дежурни виновници, да не заборaваат дека тие со Албанците биле во коалиција осум години.

Една забелешка кај имињата на министрите, господинот министер Бедредин Ибраими не е роден во Мала Речица, туку во Голема Речица.

Толку, благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот Мухамед Таири за учество во расправата.

Бидејќи никој друг не се јавува за збор, го заклучувам претресот.

(Пратеникот Амди Бајрам се јавува за збор).

Ќе ве молам, цело време чекам.

Господинот Бајрам Амди има збор, повелете.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитуван господине премиеру, почитуван претседател на држава.

Мислам дека имам право, господине претседателе и јас да зборувам. Кога можат некои други опозиции да зборуваат, можам и јас од оваа страна да зборувам.

Нормално, денеска Влада се формира. Треба да се избере Влада. Кога може некој да напаѓа овде, јас сакам да ги кажам активностите што Владата ги има досега направено, што има направено, како, што е, се значи. Значи, треба и добрите работи да ги зборуваме, а не само лошите да ги збориме. Затоа што старата Влада, бившата Влада што постоела, не зборувам за оваа Влада, зборувам за 1998 година што ги затвори сите фабрики, што го остави народот без работа, 150-200 илјади граѓани, тоа ништо не го спомнуваат. Тие си ќутат сега, што ги префрлија сите фабрики да должат на банките на Република Македонија, што се банките сега Влада на Македонија, а не Владата на Република Македонија, како Влада, банките царуваат сега со сите фабрики и имаме затворени фабрики. Тоа не го кажуваат господата од деснава страна, на која што стојам и јас спрема вас. Значи они го кажуваат тоа само сега што е ветувањето.

Па, нека дозволат, како што владееле тие шест години или осум години, како што ја воделе власта, нека дозволат колку трае мандатот, до својот мандат, ако народот ги одбере на идните избори кога ќе бидат, парламентарни, еве сега има локални, тогаш локалните избори ќе им бидат една предигра, а главната игра ќе бидат парламентарните избори. Значи до парламентарните избори има уште 23 месеци, 24, значи нека се докаже опозицијата, а да пуштиме на оваа Влада, да пуштиме на овој Парламент да работи како што треба. Ако не заслужува кон народот, кон граѓаните и она што е останато од минатата Влада, значи не направиле ништо од 1998 година наваму, оставиле товар од 68 тони и сега тие 68 тони сакаат за 20 месеци да ги решат, 22 месеци и мислам дека тоа е неможно.

Нормално, треба да оставиме понатаму да се решаваат проблемите и оваа Влада денеска што е овде, мислам не треба да ја напаѓаме. Тоа е една реконструкција на Влада и мислам дека е една многу добра работа, од 20 и неколку министри се сведува на 14. Значи, одиме на она што го барала опозицијата и сега не им одговара и ова. Сакаат оставка. Оставка нека чекаат уште две години. Кога ќе поминат две години, парламентарните избори, тогаш ако ги гласа народот, ако ништо не направи оваа Влада и овој Парламент, тогаш мислам би требало тогаш да се направи. А сега, нема зошто да се направи. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Амди Бајрам.

За збор се јави госпоѓата пратеник Илинка Митрева.

**ИЛИНКА МИТРЕВА:**

Почитуван претседателе, дами и господа, откако го слушнавме инспиративниот говор на гласноговорникот на коалицијата, дозволете ни да кажеме и ние по некој збор. Се разбира, му даваме предност на инспиративното експозе на премиерот, со што сакаме малку да полемизираме.

Најнапред, би сакала да го успокојам господинот премиер, кој ни даде дополнителни информации за отсуството на програмска визија во неговото експозе. Дека ние не сме воопшто ниту изненадени, ниту зачудени од тоа отсуство. Не очекувавме дека ниту оваа Влада ниту било која идна Влада што коалицијата може да ја креира, е во состојба да понуди било каква и да е програма за Македонија.

Но, затоа пак, во отсуство на програма или програмска визија, премиерот понуди една розова слика за сегашноста и иднината на Македонија, слика во која што се слушнаа универзалните зборови, што во вакви прилики ги употребува секоја Влада, а тоа е дека ќе се труди да обезбеди подобар и достоинствен живот за своите граѓани и понатаму, дека ќе ги насочи своите напори кон тоа да пораснеме и созрееме како една од првите земји во транзиција во Југоисточна Европа.

Ете, врз основа на овие констатации содржани во експозето на премиерот, дозволете ми да полемизирам малку со оптимистичка и розова визија.

Да потсетам дека во последниве десетина години, во повеќе наврати, по разни прашања што се сега крупни државни интереси, по прашања од стратешки карактер за Република Македонија, се сретнувавме многу често, речиси секојдневно со зборот "консензус".

На пример, бевме сведоци на политички консензус по однос на

економскиот модел, пазарната економија, консензус по однос на градењето демократски институции, понатаму општопартиски консензус за патот кон Европа и НАТО.

Денеска, пак, почитувани пратеници, колеги пратеници сме сведоци на еден поинаков, но овој пат општонароден консензус. Широко и масовно е убедувањето дека сегашната Влада или идната, што не се разликува многу од оваа што сега ја имаме, олицетворена во трипартитната коалиција, ги надмина сите граници на толеранција што овој наш, по природа трпелив и издржлив народ може да ги поднесе.

Ако на прашањето на политичкиот консензус може да се гледа и како резултат на усогласувањето на партиските визии и интересите на државата, значи, како резултат на претходно осмислени и елаборирани активности, консензусот кон прашањето на тотална дезилузија за способностите на оваа власт се случи, верувајте ми, како природна појава, како спонтана лавина на сеопштото задоволство.

За ваквото тврдење нема да се повикам ниту на објективните анализи, анкети, сондажи и испитувања на јавното мислење што ги вршеа наши и странски специјализирани агенции. Не мора да бидат за ова доказ ниту кажувањата на опозиционите партии. Да речеме дека тие се во старт субјективни. Ете, да не ги земеме предвид ниту секојдневните аргументирани коментари, што ги среќаваме во независните медиуми. Да ги оставиме настрана и алармантните искажувања на видни научници, интелектуалци, професори академици.

Доволно е, господа пратеници и почитувани колеги, да се биде со граѓаните како граѓанин меѓу граѓанин. Да се зборува со нив на улица, на пазар, во продавница. Да се види армијата невработени, измамени, несигурни во иднината, во оваа розова иднина што ни се сугерира од оваа страна, па да се сфати енденскиот карактер на консензуалното незадоволство.

Списокот за причините што доведуваат до ова незадоволство, дури и нивниот редослед, повторно се израз на сеопшта едногласност, сиромаштија, социјална беда, сеопшто чувство на загрозеност на личен план, но и страв од губење на државата. Стаписаност од кратковидоста во донесувањето од страна на оваа Влада на крупни одлуки. Од друга страна неефикасноста и површноста на Владата, верувајте ми, запира само тогаш кога се врши партизација на државата.

Тука не запираат пред ништо, брзи се, ефикасни и без крупулозни. Одат до таму што арогантно се обидуваат да не убедат дека станува збор за реформи, а себе си се убедуваат дека, можеби, ќе ја превидиме нивната трка во тројното пазарење што, кому, колку и каде треба да припадне.

Но, да повториме. Секоја Влада, како носител на власта е таа што одлучува. Тие одлуки се само нејзини и одговорноста лежи само врз неа. Тука е неприкосновена. Тоа мораме да го потврдиме. Но, во таа неприкосновеност, Владата не смее да заборави дека моќта и е дадена од граѓаните на легални избори.

Од таму, ако една легално избрана власт, само после две години владеење од граѓаните еднодушно, консензуално е прогласена за катастрофална, се поставува прашањето каков е нејзиниот легитимитет да продолжи да владее?

Како што точно посочува големиот филозоф на техниката на владеењето Макијавели, во секоја промена е посеан никулецот на новата промена.

Врзете си го ова во крпче. Ќе има нови промени.

Во случајот на оваа Влада тој никулец стана даб. Гигантска шума што уште само таа, Владата, оваа или идната не можат да ја видат.

И, бидејќи сите аргументи во прилог на потребата од заминување на оваа Влада се обнародени, кажани, напишани, за тоа што не снајде како народ и како држава, ќе потсетам на една класична лектира што зборува за власта и за државата. Цитат:

"А, штом ќе стекнат сопствена земја и куќи и пари, ќе станат управници и земјопоседници, наместо да бидат владетели. Ќе бидат непријателски владетели, а не сојузници на граѓаните. Ќе мразат и ќе бидат омразени. Ќе прогонуваат и ќе бидат прогонети цел век. Ќе се плашат повеќе од непријателот во државата отколку од оној од надвор. И, така, самите и целата држава ќе ја стркалаат во пропаст",

Мислам дека тука лесно се препознава сликата на денешнава власт.

(Бурни реакции во салата).

А, цитатот, што вака убаво ви се лепи, доаѓа, се разбира. од големиот антички филозоф Платон.

Според Платон, ајде да му го употребиме уште еднаш името за да го запомнете, нашата земја веќе е во амбисот.

Сега, нам нема да не спречи силата на парламентарното мнозинство и математиките што произлегуваат од таа сила. И покрај очигледниот факт дека ќе бидеме надгласани, ние, верувајте, го немаме правото на однапред изгубена битка.

Должни сме да ги повторуваме од оваа говорница, пред јавноста на Македонија, но и пред вас колеги пратеници од позицијата, се разбира, фактите за вашето владеење. Затоа што верувајте, за нас постои еден голем влог, тоа е оваа држава што ја сакаме и за чија што иднина, навистина, ќе се бориме. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на госпоѓата пратеник Илинка Митрева за учество во расправата.

За збор се јави господинот пратеник Илија Филиповски. Повелете.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани кандидати за министри.

Јас сакам како прво да се произнесам дека ќе гласам против Владата. Тоа воопшто не е чудно. Истовремено, граѓаните на Република Македонија, за време на парламентарните избори независно од нивната партиска, национална и социјална припадност ни дадоа поверение на коалицијата за промени врз основа за ветувањата за подобар живот, а дали се остварува подобар живот.

Ќе тргнам од делот на семејствата што примаат социјална помош. Зголемени се од 64 на 74 илјади, или зголемување имаме 17% за 20 месеци. Ако ги помножиме со четири значи над 300 илјади граѓани на Република Македонија примаат социјална помош. Тоа значи 15% од вкупното население. Дали е тоа во позитивен правец, дали се одвиваат работите на оваа Влада.

Второ, апсолутната сиромаштија во Република Македонија порасна некаде за 10% за овој период од 20 месеци. На име населението кое нема доволно приходи за покривање на трошоците за живот согласно на корпата на производи се зголеми за 10% во овој период и неслучајно е што сега заклучуваме аранжман со Светската банка, аранжман за сиромаштија. Јас тоа не го критикувам меѓутоа, укажувам на фактот во кој ние сега се наоѓаме.

Во поглед на невработеноста апсолутно сме сигурно лидери во Европа. Полоши сме од Албанија, полоши сме од сите други земји во Европа. Достигнавме ниво некаде околу 350-360 илјади невработени. Држава која се наоѓа во таква ситуација презема соодветни мерки. Да речеме Франција која имаше невработеност околу 14, 15%, со доаѓањето на Жоспен ја активира Европската Унија и изврши притисок на Европската унија да се изнајдат мерки за обезбедување на поголема вработеност. Израел исто така со државни интервенции правеше напори за да дојде до поголемо вработување. Нашиот сосед Грција дава грантови до 40% за вработување во неразвиените краишта од земјата. Ние целиот проблем на невработеност го имаме оставено на пазарот. Да го регулира пазарот. На жалост пазарот во услови на таков вишок на невработеност не е во состојба да направи поголеми резултати. Државата треба да направи одредени мерки, одреден интервенционизам, за да дојде до поголемо вработување. Ако ние сме дошле на 36 или според некои податоци 42% невработеност, државата е таа која мора да преземе мерки. Засега, досега, во владеењето на оваа Влада 20 месеци, практично Владата не презема за најгорливиот проблем во државата апсолутно никакви мерки. Се е оставено на пазарот. Дури еден закон кој постоеше и кој даваше одредени резултати во последната година вработени некаде 41 до 42.000 работници и применувајќи го тој закон, стварајќи услови и други да се вработат таа година имавме вработување околу 70 илјади вработени. Според тоа државата неопходно е да преземе мерки и во тој дел, ниту порано, ниту сега во програмата на Владата не постојат апсолутно никакви мерки за надминување на овој проблем. Овој проблем, е најтешкиот проблем во државата.

Што се случува во стопанството? - Како да го коментирам излагањето на премиерот дека створен е суфицит од 200 милиони марки во Буџетот. Ве молам, државата е таа која треба да го контролира Буџетот, да не биде ниту во минус ниту да биде во плус. Што значи тоа? Тие пари се извлечени од граѓаните и од стопанството на Република Македонија. На другата страна сега автоматски се јавува таа неликвидност, а погледајте ги претпријатијата кои крцаат во неликвидност. Расте неликвидноста во стопанството како никогаш досега. Според тоа во тој дел мислам дека тоа е една голема слабост, еден голем минус на Владата на Министерството за финансии да дозволи да се створат суфицити во Буџетот

на државата од 200 милиони марки. Што значи, кој има сила - камшикот и ајде нека се ствараат вишоци.

Загубите во стопанството достигнати се до фрапантни 2,9% од бруто домашниот производ. Немаме програма, или некоја програма која Владата ја промовира, а ние како пратеници не сме дошле уште дека се прави списоци на 40-тина, 60 или 28 претпријатија кои треба или да се продадат или да одат во ликвидација. Меѓутоа, тоа пак предизвикува нови проблеми во вработеноста односно невработеноста.

Трговскиот дефицит на земјата како еден од најгорливите проблеми на државата во првите три месеци достигна 260 милиони долари. Во првите 4 месеци 290 милиони долари трговски дефицит. Ве молам, ако таа тенденција продолжи на ниво на година треба да дојде до 1 милијарда долари трговски дефицит. Тоа се фрапантни работи. Во таква состојба државата презема хитно одредени мерки за да ја пресретне таа лоша состојба во економијата на државата. И во тој дел нема никаква најава ниту денес од премиерот, ниту има претходно такви најави.

Имаме зголемување на зафаќањето за потребите на Буџетот. Ако го земеме Буџетот во 1998 година дека изнесуваше 42 милијарди денари, сега е 51 милијарда и ако на тоа се додаде 10% како што кажува премиерот, тоа значи дека ние веќе имаме поголемо зафаќање од стопанството и од граѓаните некаде преку 22-23%. Тоа е страшна работа.

За каматите премиерот во едно од неговите излагања гарантираше дека оваа година ќе достигнат по 9%. Еве го септемвир ќе дојде. Во делот за странските инвестиции премиерот најави дека 66 милиони долари за првите шест месеци. 1998 година беа 124 милиони долари. Ако Стопанска банка е продадена и наплатена тогаш нови приливи по основ на директни странски инвестиции многу малку ќе имаме до крајот на годината. Значи, не може да се достигне нивото на 1998 година, а ние се фалиме.

Во делот на приватизацијата го погледав извештајот на Агенцијата за приватизација за 1999 година и јас сум загрижен што процесот премногу се одолжува. Приватизирани се во 1999 година само 53 претпријатија со околу 3000 вработени. Наплатата во готово е само 11,9% односно помалку во однос на 1998 година кога изнесувала околу 16%.

Расте продажбата по основ на плаќање законски пропишани обврски од 8,10% 1998 година, на 42% во 1999 година.

Опаѓа продажбата на резидуалните акции. Имаме не транспарентна продажба во директните спогодби, која под притисок на опозицијата и меѓународните финансиски институции во 2000 година се укина, меѓутоа, последиците на тие проблеми остануваат и натаму. Народот ќе го трпи проблемот на бензинот, на цената на бензинот и натаму.

Имаме процеси во приватизацијата кои значат враќање во сопственост на државата, што значи неефикасна работа со владините повереници кои се поставуваат, роднини, пријатели, другари на партиски луѓе, а нестручни луѓе за да ги извлечат претпријатијата во кои тие се поставуваат.

Преку 30%, или поточно 33,8% на крајот на 1999 година останува општествен капитал неприватизиран. Ве молам, ако е тоа така, тоа се податоци од Агенцијата. Тие се алармантни податоци за кои неопходно е Агенцијата во спрега со Владата да преземат итни мерки за побрзо завршување на приватизацијата,

Инаку, од приватизацијата видливо е дека сите нови приливи ни се наплатени 1999 година, тоа се околу 46 милиони денари уплатени се во Балканска банка. Добро би било да се провери, тоа нека биде едно укажување за да не се повтори состојбата со АЛМАКО - Банка. Добро е да се провери каде одат тие пласмани, да не изгорат и парите од приватизацијата на претпријатијата.

Од партиските продажби, ФЕНИ го продава ДА, па го продава ВМРО –ДПМНЕ. Ве молам таквиот начин на настапување не дава уверување дека, оваа Влада навистина е реформски ориентирана и е спремна што побрзо да го заврши процесот на приватизација во Републиката за да се овозможи да се дојде до поефикасно стопанисување.

Кај мене созреано е мислењето дека со оваа реконструкција, бидејќи остануваат истите министри, кои не покажаа доволен капацитет за реформи, од тие 20 практично 20 месеци немаме аранжман со Светската банка и со ММФ, немаат капацитет за да ги извршат реформите до крај и од тие причини јас ќе гласам против оваа Влада. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот пратеник Илија Филиповски.

Дами и господа пратеници, бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и молам, сите пратеници да влезат во салата.

(Реагирање на некои пратеници, бидејќи бараа збор).

Ве молам, го заклучив претресот, после тоа јавување нема.

Чекав цело време, па немојте сега.

(И понатаму некои пратеници бараа збор).

Ве молам, чекав дали некој ќе се појави и не можеме сега...

Господине Стојкоски, јас го заклучив претресот, инсистирате ли на збор?

Вклучете го г-динот Благоја Стојкоски.

**БЛАГОЈА СТОЈКОСКИ:**

Г-дине претседателе, во моментот кога рековте "Почитувани пратеници", мислев ќе кажете некоја констатација околу одвивање на седницата бидејќи ...

(Реагирање на пратениците).

.... Ние овде имаме донесено по ваш предлог дека меѓу 14,30 и 15,30 ќе давате пауза за ручек. Очекував дека тоа ќе го кажете, кога не го рековте тоа се пријавив за дискусија и мислам дека некои работи кои ги заговараме или ќе ги почитуваме или нема да ги почитуваме.

Ако мислите дека ја затворивте седницата немам ништо против. Очекував дека ќе се изјасните за вакви работи.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Господине пратеник ако јас веќе не гледам никој на екранот тогаш оставете јас да ја водам расправата, како треба да биде. После пауза од час и половина имавте време и да се одморите малку и т.н. Сега, немојте вие да ми кажувате за дневниот ред овде.

Збор има г-динот Мерсел Билаљи.

**МЕРСЕЛ БИЛАЉИ:**

Се повлекувам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Збор има г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, јас се јавив деловнички. Тоа може да ви се допаѓа, а може и да не ви се допаѓа.

Господине претседателе, вие знаете дека деловнички е после расправа да прашате дали уште некој се јавува за збор? Јас ве молам, земете го стенограмот по излагањето на г-динот Филиповски, вие не го поставивте тоа прашање.

Видете, може да ви се допаѓа тоа или не, но ако ја запазуваме процедурата на работење на Парламентот, треба да ја запазиме во целост. Сепак се работи за едно клучно прашање каде пратениците концептираат свои излагања, слушаат други пратеници и т.н., не сме автомати во секој миг. Кога ќе го поставите тоа прашање, кога пристојно ќе причекате да се јави, тогаш може да ја заклучите расправата, по мене, навистина не е коректно да се ловиме на таков начин за да го оствариме своето право на збор. Навистина не е коректно. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Јас ќе се воздржам од коментар овде.

Има збор г-динот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претседател на Влада и кандидати за министри. Пратеници нема да ви кажам почитувани, бидејќи ви се обраќам и затоа би ве замолил бидете стрпливи, дајте да се сослушаме и ние од опозицијата да кажеме нешто, да се приклучиме кон она што зборуваше и премиерот, да дадеме свој допринос и да ја оствариме целта за подобар и подостоинствен живот.

Вие сте многу нестрпливи, сигурно во нашите дискусии ќе кажеме нешто добро иако сме научени да не не сослушувате да не ни обраќате внимание, а тоа често се случува и од страна на одредени министри од Владата, нашите предлози, мислења да се отфрлаат што во последно време се случува малку поинаку, со последниот став, со последните настапи околу последните закони. Нашите укажувања и мислења нека се однесуваат на новите стари министри и на нивното работење, бидејќи оваа Влада од парламентарното мнозинство сигурно ќе биде избрана. Тука немаме дилема, бидејќи реконструкција на Влада по било кој основ, иако имаше одредени правни дилеми, јас не се пуштам во тој дел односно довербата на мандаторот или слично согласно уставот го прифаќам овој начин, но би сакал да укажам, особено да му укажам и на премиерот, кој укажа дека ваквата реконструкција е предизвикана од измените на законот и затоа нема потреба од програма или програмски определби на оваа Влада, бидејќи е континуитет, продолжение на старата Влада.

Знаете, реконструкциите можат да бидат предизвикани по неколку основи или во однос на давање на мандатот, или губење на мандатот. Но, секоја реконструкција содржи доза на политичка тежина на паѓање на Влада. Тоа е основното на кое сакаме да укажеме и врз основа на кое нашата расправа ќе биде околу битните елементи за кое зборуваше и известителот на нашата пратеничка група Ѓорѓи Спасов во однос на достигањата на оваа Влада и што презема и што мисли да преземе оваа Влада. Тоа е толку добро и битно, затоа што сме веќе на пола мандат од оваа Влада. Знаете, сметките и во животот и во работењето се сведуваат некаде на пола. Да видиме што е направено, што не е направено. Јас би сакал да укажам на уште едно битно значење околу еден проблем кој повеќе денови се провлекува низ јавноста и во средствата за информирање и низ медиумите. Г-дине претседателе и пратеници, сметам дека за одржување на оваа свечена седница на која ќе бираме нов состав на Влада би требало да му се заблагодариме пред се на еден човек во Собраниево, а тоа е човек кој совесно, стручно си ја извршил својата задача, а тоа е курирот на Собранието на РМ, кој по донесување на Законот за органите на управата и потпишување на Указот, беше толку ревносен и навремено стигна до Службен весник да се објави законот за органите на управата, па врз основа на тоа ние да можеме да расправаме. А за разлика од овој курир во Собранието, постои еден друг курир кој не си ја изврши својата задача и сигурно Владата треба да преземе мерки, тоа е курирот на Уставниот суд кој одлуката за законот за предвремено пензионирање не ја достави до Службен весник, или некаде се изгуби меѓу зградата на уставниот суд и зградата на Службен весник. Па тука би ја замолил сега и почитуваната бивша колешка пратеник врз основа на своите овластувања да покрене некои иницијативи, сигурно човекот можеби е киднапиран, можеби го нема. Знаете, одлуката е донесена на 12 јули, Уставниот суд ја достави до подносителите на 18 јули, во Службен весник ја нема. И би можело тука да се приклучи кон надлежностите уште за еден курир, тоа е курирот на Владата. Курирот на Владата меѓу Владата и Кабинетот на претседателот на државата и тој некаде се изгуби. Дипломатската листа која пред месец дена вели Владата и потпаролот е доставена, ја нема. Знаете, можам јас и да ја завршам оваа дискусија и тука сигурно ќе има одредено поентирање, да ги смениме куририте, работите понатаму ќе продолжат, ќе течат и се ќе биде во ред. Знаете, и порано беше така, а сега се случува и овде. Работите се доста сложени и сериозни.

Реконструкција на Влада како што истакнав е демократски чин, кој што е исто така и доверба на Влада, демократски чин и тоа го истакна и самиот премиер. За разлика кога ние ја поднесовме довербата на Влада, координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и потпаролот на ДА во своите изјави искажаа дека тоа било маркетиншки трик, дека самите пратеници се уверени дека не може да дојде до доверба, дека е мал бројот и дека тоа било некоја улична демократија и обид за политичко меѓусебно плукање. Тоа беа ставовите колку што успеав да ги цитирам. И во тој дел наместо демократски согласно Деловникот и институтот демократски доверба, да ни дозволите на пратениците од опозицијата кои ја напишавме таа доверба да ги искажеме нашите ставови најдемократски, деловнички, уставно. Вие применивте една тактика во која се јавивте на копчињата што е деловнички и најлегитимно. Сега г-дине Стојановски ја немаме таа деловничка и уставна одредба во која вика дека гласањето за доверба треба да заврши по истекот на три дена. Затоа смирено, мирно, спокојно, слушајте не со цел да допринесеме, не се нервирајте, уживајте малку, малку сме, не сме многу, кој што е избран на времето тајмингот за донесување на Законот за високо образование, можеби и овој тајминг е така избран, но со тоа не се решаваат проблемите, со тоа не се решаваат проблемите до колку некој каже: да, тајмингот, Законот за високо образование. Треба да се решаваат проблемите во другиот дел. Точно временски оваа реконструкција на Влада на премиерот е на пола мандат. И сега треба да ги видиме да ги сведиме сите сметки. Кога се сведуваат сметките на оваа Влада, очекував дека и премиерот на пола мандат ќе се осврне на досегашните остварувања на оваа Влада што е основно и битно. Г-да пратеници единствен репер, кој што е остварен по две години и сега е дилемата што треба да биде основната споредба, или показател за она со што треба да се споредуваме. Во демократските земји единствен споредбен показател или репер е тоа што се ветува на народот, со кои изборни програми се излегува, а во дадениот случај ние имаме една многу појака и специфична правна состојба, затоа што често во демократијата се случуваат пост -изборни коалиции. Ние во дадениов случај имавме предизборна

коалиција цврсто фундирана со програми на ВРМО-ДПМНЕ, со програми на ДА и за она што зборуваше Спасов, со гаранции поткрепени, па може би и депонирани некаде и со договор за народот. И сега во тој дел ние би требало и пратениците од опозиција и секоја мудра, или опозиција да почне како што г-динот Спасов почна да чита што е остварено. Тоа ќе трае многу долго, а особено на договорот со народот за кои подоцна ќе зборувам и за што зборуваше г-динот Спасов. Јас би се осврнал само на еден дел, би се обидел да цитирам од едно ветување дадено, односно зацртано, тоа не е дадено, тоа е напишано, тоа е презентирано пред народот од изборната програма на ВМРО ДПМНЕ, се вели: на страна 26 - земјоделие, шумарство и водостопанство. Земјоделието, а тука е и министерот сигурно, бидејќи никои конкретни мерки сакам да почетокот да предложам. Земјоделието ќе има значително место во формирање на општествениот производ преку точка 3: стабилизација на пазарот на земјоделските производи и ставање во функција на агро-берзата, преку организирање на државни интервентни откупи со директна исплата на земјоделските производители и пазарна интервенција, која ќе обезбеди стабилно ниво на целите и регулирање на понудата и побарувачката за тие производи.

Г-дине премиере вие во вашето уводно излагање кажавте дека имаме вишок во Буџетот 200 милиони марки. Би ве замолил, односно од опозицијата, ако незнаете каде да ги дадете, барем 20 милиони, 10 милиони, или 15 милиони марки префрлете ги во Министерството за земјоделие, одете во Струмица, или во Гевгелија да се откупи бостанот, бидејќи цврсто и јасно гарантирате дека ќе повторам, на државни интервентни откупи со директна исплата на земјоделските производители. Во програмата на ВМРО-ДПМНЕ за земјоделието. Јас незнам дали е завршено г-дине премиере, но бостанот се фрла, во Скопје не можат да го донесат и се два, или еден денар.

**ЉУБЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Завршено е.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Јас ви благодарам ако е се во ред, имавте една интервенција, бевте лично кај тие земјоделски производители, добро им кажавте интервениравте дали од стокови резерви, но состојбата е таква. Треба да се регулира пазарот, бидејќи во тој дел јас сметам дека состојбата, и колегите кои се од Струмица и од позицијата кои што кажуваат дека не е таква. Ако така ја гледате, јас ви благодарам, или ако интервенирате. Сигурно во тој дел не сакаме најмалку јавноста да ја замајуваме, да и укажуваме на јавноста, не е во ред. Навистина не е во ред ако е таква состојбата. Во однос на другите градинарски производи, можеби е пристојна цената, но оваа состојба мислам дека е критична и тие пари се за таа намена од суфицитот во Буџетот.

Одредени избори кои ги доби оваа коалиција во 1998 год, се добиваат и се губат пред се на економскиот развој и на социјалниот развој. Затоа би укажал дека она што се ветуваше во програмата, она што се ветуваше во договорот не би требало да го споредуваме, не би требало да го анализираме, треба да го заборавиме, на двегодишниот мандат и да продолжиме со нова програма ревидирана во која на народот ќе му обезбедиме како што вели премиерот достоинствен живот. Зошто тоа го зборувам. Го зборувам тоа, затоа што се она што беше ветено, ќе го цитирам еден новинар во предизборието: "тоа е веќе рајска градина". Во тие рајски градини народот не верува. Вториот репер во кој би требало да се споредува е нормално и се споредува оваа Влада, тоа е времето на владеењето на СДСМ во тие шест години. Може оваа Влада да споредува дали било подобро или не било подобро, како било во тоа време. Но и тоа народот го заборави по две години. Вие можете да потсетувате, тоа не држи, едноставно не држи кај народот влага, народот бара живот. Каков бил тој период веќе влегува во историјата. Немојте да се повикувате повеќе на периодот на владеење на СДСМ, не врви кај народот и народот не е заинтересиран. Знаете што го интересира народот. Народот го интересира животни и секојдневни потреби и теми. Кои се тие? Основно прашање, како живее населението, ако сакате народот, граѓаните подобро или побогато, или полошо и посиромашно, ако сакате ќе ви кажам и во овие две години. И покрај тоа што Владата во овој период преземаше активности на политичко - безбедносна позиција или положба загрозеност, премиерот кажа и сите ние сме свесни граѓаните, Косово е тука, загрозување на границите, но и тоа зборуваат наши колеги, тоа не е основниот фактор за она што ќе го зборувам. Треба да се респектира и го респектираме. Политичко безбедносната ситуација, и активностите, ангажманот на Владата во тој дел целосно ги респектираме и за тоа како се спроведувало, јас во тоа не би навлегувал, бидејќи во понатамошните дискусии ќе ви

кажат одредени наши пратеници. Но факт е и покрај кажувањето на претставниците на Владата за незапамтен пораст на индустриското производство и тоа во 20 гранки во РМ од 32 бележиме пораст јуни 1999, јули 2000 има пораст од 9%, а за шесте месеци 1999 - 2000 год, пораст од 10,6%. Финансиската сфера од претставниците на Владата викаме е добра. Имаме вработени, но не премногу, дека странците чекаат на ред за инвестирање во Македонија. Имаме не запамтен пораст на Буџетот во државата и никогаш во историјата, премиерот од оваа говорница кажа, не во овие 10 години, откога постои самостојна Македонија во рамките на Југославија, 50 години ние имаме ваков не запамтен пораст на Буџетот. Премиерот добро кажа, добро е што во Буџетот има 200 милиони марки суфицит. Во делот на буџетската потрошувачка не би сакал да навлегувам, добро објасни колегата Филиповски што значи суфицит, што значи билансот, кој ги дава тие пари, се земаат од граѓаните, од стопанството, ќе се враќаат, во таа распределба прелевање во тој дел не е многу битно. И дека вакви податоци и бројки на растеж кои се искажани не остварува ниедна земја во светот, бидејќи точно е дека не остварува ниедна земја во светот, и не може да оствари една земја во светот, пораст на индустриско производство за шест месеци 10,6% во светот се знае како расте производството, колку може да се зголеми, кои репери, само во единствени случаи може да има ваков пораст. Има пораст од 2000% и од 3000% пораст, ако некоја држава има една фабрика, другата година се планира уште една фабрика, тоа ќе биде 100% пораст. Нема никакви дилеми. Во другите земји се знае каков е порастот, или кај нас порастот во одредени области, ако ОКТА не работела, оваа година работи, ние ќе имаме таков пораст. Не е проблем тоа, тоа е проблемот на покажувањето, но нас не радуваат и тие податоци вака прикажани статистички покажани и добро изгледа, многу добро изгледаат. Но, од друга страна морам да истакнам, покрај ваквите податоци, покрај ваквите укажувања на растот статистички развој што е статистиката едно животот реалниот е сосема друго, РМ мора да признаеме сите кој сакал, или не сакал се наоѓа во економска и социјална криза, а населението во РМ се повеќе и повеќе осиромашува. Зошто го кажувам тоа. Треба факти и за едното и за другото. Затоа што најтежок и најсериозен проблем во РМ во моментот е проблемот на вработувањето. Не се повикуваме на она што беше на народот ветувано, она што беше цитирано, бидејќи за овој проблем би зборувал повеќе, но добро го елаборира колегата Филиповски особено што Владата не презеде во овој период никакви активности ниту акциони планови, ниту законска регулатива во зголемување на вработувањето, реално создавање на работно место, а тоа го знаеме инвестициониот циклус, кредитна политика и сл.

Јас ќе се осврнам на другата димензија на проблемот на невработувањето, зголемувањето на вработувањето и изградбата, хармонизирање на законодавството во РМ во однос на зголемување или допринос на зголемување на сиромаштијата. Оваа Влада предложи реформски закони кои ги нарече за изменување на Законот за работни односи и за изменување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Тогаш укажувавме, дадовме амандмани, се обидувавме да укажеме што предлага Владата, но вие го изгласавте тој дел, а за тој дел посебно во една од другите точки ќе го кажам односот Парламент, Влада, опозиција и позиција. Владата предложи закон со кој сите оние кои ќе останат технолошки вишок, ќе останат без работа до колку имаат 55 години старост ќе можат да го примаат надоместокот од бирото за вработување најмногу до 24 месеци.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

(Продолжение)

Може да продолжам. Околу овие закони ќе примаат надомест за вработување од Бирото за вработување најмногу до 24 месеци. Со тоа го изменија законот, кој беше во важност, според кој секој оној кој имаше 25 години стаж можеше да прима надомест за вработување до ново вработување или до остварување право на пензија. Тоа се укина и тогаш министерот за труд и социјална политика образложи - да тоа е од ММФ, под притисок, мораме да водиме ваква политика, а од друга страна имаме суфицит во Буџетот, имаме средства и во тој дел оваа категорија граѓани рече дека ќе бидат префрлени во социјални случаи ќе користат социјална помош. Знаете, за социјална помош остана старата регулатива, регулативата која беше доста рестриктивна не следејќи го овој дел на развој на пазарот за работна сила и ниеден граѓанин не може да оствари социјална помош доколку има барем едно "фиќо", доколку има стан, доколку има основни елементи, а знаете дека човек кој работел 25-30 години не може да ги нема тие основни елементи, но нема средства за

живот, никој не работи. Во тој дел оваа законска регулатива е многу рестриктивна. Рестриктивноста оди до таму што создаваат социјални случаи, кои не можат да користат никаква социјална помош. Само еден пример да кажам. Жена, или маж нека биде од 40-45 години, ако остане без работа како технолошки вишок, ќе прима година или година ипол надомест за вработување, ќе престане тоа. Социјална помош едно семејство кое живееше во претходниот систем има барем одредени средства за живот, нема да прима социјална помош, од кого ќе биде примен тој на работа? Од никого нема да биде примен на работа на 45-50 години ни во приватен ни во државен сектор. Од друга страна, го донесовме Законот за пензиско и инвалидско осигурување, во кој ја зголемивме старосната граница. Во никој случај, ни теоретски ни практично овие граѓани кои ги прогласуваме на ваков начин за технолошки вишок, не може да дојдат до пензија. Нема теоретска законска можност да дојдат до примање пензија. Тие луѓе се граѓани на РМ, тие ќе бидат социјални случаи, тие ќе вршат притисок.

Сакам да кажам дека во овој дел и во реформскиот дел треба да ја имаме предвид социјалната компонента, да ги имаме предвид луѓето, а не законите да ги предлагаме во тој дел.

Друг основен и најважен елемент секаде во светот е таканаречената потрошувачка кошница. Потрошувачката кошница во светот е мерило и тоа основно мерило како живеат граѓаните. Статистиката може да покажува, но домаќинките кажуваат дали живееме побогато или посиромашно во овие 2 години. И потрошувачката корпа според статистичките податоци, во која не се ни средствата за хигиена ставени, кажува нешто сосема друго, а да не зборуваме за пазарот и пазарните елементи. Народот живее по сиромашно, таа потрошувачка корпа не може да ја купи со платите, а платите се замрзнати во целиот период, и во периодот на владеење на СДСМ за државни чиновници во јавните претпријатија и секаде, освен во приватниот сектор. Не може да се набави, сите сте свесни, јас не би сакал да држам ниту предавања ниту да укажувам, со една плата, со еден вработен, со деца како можат да излезат на крај. Тоа е онаа сиромаштија за која зборувам. Да не зборувам понатаму и да ја изнесувам вистината за другите елементи, како што е годишен одмор, дали некој размислува во вакви услови да оди на годишен одмор. Дури, ни работничките одморалишта во РМ не се посетуваат. Тука има колеги и од Битола и морам да го кажам тој пример, која треба да биде споредбата и на оваа и на претходната Влада и на сите влади на РМ, кога граѓаните на РМ, дали во својата корпа ставаат домати, сирење, пиперки, но од Прилеп до Преспа и од Прилеп или Гевгелија до Дојран не можеше во викендите во сабота и недела да се помине. На Меџитлија беа колони, но сега нема, а тоа можам да го видам, бидејќи често патувам, особено на 1-ви и 15-ти на патиштата во Македонија луѓето беа натоварени со прибор за летување, но сега не одат.

(Господинот Томислав Стојановски, му се обраќа со зборовите: "работат").

Можеби господине Стојановски, подобро да не ми упаѓате, работиме, но човек што работи сака и да се одмора. Човек што работи, а не се одмора, знаете, не е човек и нема достоинство на човек. Тоа е на оваа Влада и тврдам дека во овие две години од владеењето на оваа Влада, потрошувачката кошница поскапе, платите не се зголемија и се живее многу посиромашно.

Што ќе се случи понатаму? Пред каков предизвик ќе се соочи оваа Влада, со овој состав на министри? Нов технолошки вишок, за што зборуваше колегата Филиповски - 30-40 или 50 - нов технолошки вишок во државната администрација од 5000-6000.

(Дофрлање од страна на некои пратеници).

Господине претседателе.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве слушаат.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Ми упаѓаат, затоа вам ви велам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Ве молам, без упаѓање, дајте да слушаме.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Со донесувањето на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, кој беше спомнат како реформски закон, и најновите сознанија од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зборуваат дека не е избалансиран во оваа фаза приходниот и расходниот дел, приходниот дел е помал од расходниот дел, кој не гарантира со приватниот и државниот столб зголемување на пензиите, со придонес од 20%, а од септември 2001 година ќе го донесеме законот и ќе издвојуваме 13%,

пензиите ќе паднат и во тој дел Владата треба да се соочи со уште поголем дел. Би било добро Владата да нуди програма и таа точно нуди, би сакал да кажам дека Владата излезе со стратегија за сузбивање на сиромаштијата од Министерството за развој. Оној што ја читал Програмата ќе каже, тоа е одлична програма, програма на теоретски дел, програма за зголемување на инвестициите, за вработување, странски капитал, нови идеи, сето тоа е вред. Но она што го донесуваме нормативно не кореспондира со она што го зацртуваме, со стратегијата на Министерството за развој за сузбивање на сиромаштијата. Сиромаштијата во РМ е во полн пораст. Тоа е основната задача на оваа Влада, на овој стар-нов состав, што треба да ја преземе во наредните две години.

Во завршниот дел би укажал дека, Владата погрешно ја осмислила и спроведува економската политика и социјалните реформи, односно Владата симулира реформи не водејќи грижа за националната економија и стандардот на граѓаните. Што би сакал да кажам во овој дел со ваквата формулација?

Владата се определила за едно филозовско или реторичко прашање, дали ќе спроведува реформи или ќе гради рејтинг пред меѓународната заедница и пред домашната, но особено пред меѓународната. Мене ми се чини дека Владата повеќе се определила за градење на рејтинг, отколку да ги согледува реалните состојби или како што рече некој овде, гледајќи ја домашната состојба, населението во розово. Повеќе треба да се осврне на овие животни секојдневни прашања, кои го тиштат народот и на кои треба да им се овозможи достоинствено живеење.

Владата со оваа Влада мислам дека сака да направи продолжување на реформите - не зборував јас, зборуваа некои колеги и не би се впуштал во персоналниот состав при реконструкција што е многу битен, но општа констатација е дека сака со старо-нови или ново-стари луѓе пред граѓаните и меѓународната јавност да се прикаже и со оваа реконструкција, како реформска Влада, со нормативно донесување на огромен пакет на закони. На пример, како што беше примерот со Законот за органите на управата, за организација, работење и функционирање на органите на управата. Затоа беше зборувано. Не може да се прикажува како реформска Влада, Владата која на укажувањето кога дојде на власт од 14-15 министерства, направи 21, а сега ги врати повторно на 14. Самите бидете свесни затоа, тоа не може. Не може така да се прикажува. Кога тоа ќе му се прикаже на некој странец што ќе дојде или некоја парламентарна група во нашето Собрание, ќе ја примиме, јас како претседател на Комисијата за труд и социјална политика, морам да кажам, да ние го донесовме законот и намаливме од 21 министерство на 14, но понатаму нема да му објаснуваме дека формиравме агенции, дека имавме 15 министерства пред две години и тој ќе стекне мислење за реформска Влада. Или сакаат, што е многу опасно за она што зборувам и мислам дека не е до тој степен, да го отргне вниманието од тешката економска и социјална положба, барајќи сигнали дека ги прима пораките на граѓаните. Ако ги прима пораките и овие пораки ако се така реални, треба да ги прими и треба да ги практикува во работењето на новата Влада, а не да симулира дека пораките ги прима, ќе ги исправи, па со одредени потези, како што беше зборувано, реформски, што е основното сидро на оваа Влада, што не е лошо, морам да кажам, но би сакал да зборувам за тој дел, за тој континуитет во донесувањето на реформските закони, исплаќање на пензиите, 8%, извршување на судските одлуки.

Во овој случај што би можеле да заклучиме? Би требало да заклучиме на половина мандат, по истекот на две години, Владата да поднесе отчет и да ги преземе овие мерки, но премиерот ни малку не се впушти во тој отчет, кажувајќи дека нема потреба за нова Влада. Но знаете, склучен е договор со народот, беше коментиран, тука е почитуваниот министер Гале Галев, кој добро ги познава облигационите односи - му се заблагодарувам за зборовите на претходната седница. Знаете, кога има склучен договор, обврските мора да се извршуваат. Дури, тој договор може, доколку не се извршува, од едната страна да биде самоволно раскинат. Тоа е точно и тука сме некаде, локалните избори се тука, народот ќе каже и ако го раскине договорот, се знае во политиката што е раскинување на договорот, ќе треба другата страна да каже, ќе остане без договор. А како ќе функционира без договор, не знам, нека продолжи, нека види, па ќе се договориме, но за тоа потоа.

Тоа е оној дел на кој сакав да укажам, односно да укажам на она што е најважно, што би требало Владата од делот што го покрива во овој парламентарен состав да направи, а кој го чувствувам и за

кој ми се јавуваат некои здруженија на граѓани и сл.

Вториот дел, кој би сакал накратко да го спомнам, бидејќи немате трпение, тоа е оној елемент кој дава слика за демократијата на секоја држава. Тоа се однесува на изборите. Изборите се огледало на државата дали се демократски или не се демократски.

Би сакал да и укажам на Владата да не помислува да крои и да прави одредени сценарија, кои се применети во РМ по измислената формула за добивање на изборите. Тоа не е добро, било што било, поминало во тој дел. Преземените активности на старата Влада, која ќе биде нова, укажуваат има индиции дека во тој правец ќе се оди и на локалните избори. Кои се тие елементи што укажуваат на тоа. Пред се, тоа е Законот за локални избори, кој беше пуштен во собраниска процедура со огромни измени, само немаше едно основно прашање, прашање за одлагање на распишување на изборите. Тоа беше основното за измена, во период пред изборите се дава изменување на регулатива. Тоа го нема никаде во светот. Законот беше повлечен, но образложението доколку го имаше, барем по мое мислење ќе беше во правец да преовлада одредбата во Законот да се вметне одлагање на изборите. Точно, од парламентарното мнозинство, но не држи дека Владата на СДСМ го донесе законот, па по тој закон претседателот на Собранието беше должен - немаше дилема и јасно кажа претседателот на Собранието, ако добијам сигнал дека ќе се измени таа одредба. Но знаете што направивте вие? Ако дојде друга Влада, ако не го измени тој Закон за распишување на изборите, наредните локални избори ќе се одржат во јули, во сред сезона. Ние донесовме закон, во кој изборите треба да се одржат во октомври и вториот круг во ноември. Направивме грешка, не водејќи сметка за наредните избори, што е едноставно во применета - само позицијата требаше за една секунда, за една минута во Парламентот да каже, да ја измени таа одредба и изборите ќе беа во ноември. Плус, премиерот на Македонската Влада кажа јавно и тоа би требало да го коментираме, јавниот збор е посилен од се, кажа - датата за локалните избори им ја препуштам на опозицијата, која дата ќе ја определи, таа ќе ја прифати позицијата.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

(Без уклучен микрофон). Законски е.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

А, законски! Законите ги носи Парламентот, во Парламентот имате мнозинство.

Немојте опозицијата да ја омаловажувате, немојте народот да го омаловажувате со такви работи. Триковите не врват. Триковите не врват, јас тврдам. Изборите можевме во нормални услови да ги закажеме, како што се одржуваат во цел свет. И традицијата, исто така. Ние прославуваме 10 години плурализам, сме во некој одбор за одбележување на 10-годишнина од формирањето на овој Парламент, не може да ги градиме така правните норми и владеењето на правото. Законот дозволуваше, изборите ќе бидат на 10-ти септември. Вред, тоа е ваше право и тоа е едниот елемент.

Третиот елемент, за кој беше направено одредено укажување, се однесува на составување на ДИК. Не сакам да се впуштам во тој дел, но сакам да укажам. ДИК која ја гласавме заедно со претставниците на политичките партии и од редот на судиите на Врховниот суд - сакам од оваа говорница да се ограничам не навлегувајќи во личноста на новоизбраниот член на ДИК, но би сакал да напоменам дека тоа е една госпоѓа стручна, компетентна, не би навлегувал во тој дел, но таа госпоѓа овој Парламент ја избра пред еден месец. Секој си го поставува прашањето, за што е избрана таа судика на Врховен суд, кога имаме други 25 судии и по еден месец се кооптира во Државна изборна комисија. Нема логика или тој што ја избрал, што не сакам да верувам, бара да му врати тоа што дал - точно е, и на жената односно на госпоѓата и се ставаат во работењето одредени конотации пред да почне. Таа жена не е ни седната во својата фотелја во Врховниот суд. Не се добри тие потези, ѓ-не би сакал да прејудицирам, и таквите потези се препознатливи. Тоа е она што треба да го изградиме и оваа Влада да создаде услови, кои беа 1998 година. Се сеќавате вие на преговорите и договорите со тогашниот министер Ѓорѓи Спасов, за секоја ситница иако не бевте во Парламентот. Вие не бевте во Парламентот, но со опозицијата со вон парламентарните партии се договараше секој член, дури не дадеше согласност Парламентот од претходниот состав не даде никаква виза за усвојување на Законот за пратеници. Тоа сакам да го укажам. Тоа е вториот важен дел.

Со неколку зборови беше речено и би сакал да се осврнам за оваа Влада, на

односот на Владата со судството. Владата не може да се однесува како што се однесуваше во претходниот дел со третата независна власт, а тоа е судството. Не може да комуницира, да кореспондира така со Врховниот суд како што беше за парламентарните избори. Не може да комуницира и кореспондира со Уставниот суд, со последниот закон за предвремено пензионирање, како што кажав што се случува. Не може Владата одлуките на Уставниот суд, какви биле, да ги спречува да се објавуваат. Тоа е преседан. Од оваа говорница тврдам дека тој курир не е виновен, некој го попречува објавувањето на Одлуката за предвремено пензионирање, а тоа ги интересира огромен број на граѓани. Осумнаесет дена ја нема одлуката. Осумнаесет дена нема одлука од Уставниот суд, во "Службен весник на РМ" не е дојдена, Уставен суд тврди со потпис дека е пуштена. Што сакате да се случи? Не знам што се сака да се постигне. Многу мал е ефектот ако се издадат уште сто, двеста, триста, четрсто решенија. Ефектот е многу мал, но компромитирањето на оваа Влада е многу големо и на тој начин Владата не може ни да ги коментира, а должна е. Ние донесовме Закон за Влада. Таму има член 33 или 34 кој сега го донесовме, уште не е исушена бојата, а истата вечер се објави во "Службен весник" и затоа сме тука тоа да го кажеме. А Одлуката на Уставниот суд не е објавена. Нема логика. "Службен весник" излегува, а одредени акти не. Во таков случај, Владата е должна, доколку одреден орган не спроведува одлука на Уставниот суд, да донесе заклучок - и ја повикувам Владата на првата седница да донесе заклучок и да му наложи на органот, тоа е "Службен весник на РМ", за кој се сеќавате дека донесовме и Закон за објавување на актите на Собранието, Владата, органите, со рокови, со казнени одредби, да му наложи со Заклучок да ја објави Одлуката на Уставниот суд. Не знам, коментар тука не би требало да има, бидејќи граѓаните имаат свој интерес. Дури, вработените - читате по средствата за јавно информирање - во Министерството за труд и социјална политика кои покренале граѓанска иницијатива, тврдат дека ја добиле Одлуката, а "Службен весник" не ја доби, бидејќи одлуката на органите се доставува и до поднесувачите. Тоа е за делот за судството.

Би сакал накратко да се осврнам уште на еден дел, што мислам дека во работењето е многу битен. Тоа е односот на Владата на РМ со Парламентот на РМ. Знаете, во досегашното работење од страна на Владата на РМ, со предлагање огромен број на закони, тоа е точно реформски закони во одреден период беа така како што би рекол почитуваниот академик Кљусев, кој ни го зборуваше тоа при изборот на првата негова Влада и другата "крпеници" во голем дел кога беа изодени и дополнувања, тоа мораме да го констатираме. Ние до последните закони, до последното наше работење немаме добиено ниту еден системски закон. Можеби беа неусогласени, можеби не кореспондираа со владината политика, но тоа беше така. Во последно време ние почнавме да ги добиваме системските закони, што е добро, бидејќи го градиме правниот систем во Републиката, но не е добро нешто друго. Сите тие закони ги добиваме по итна постапка, односно не се употребува зборот "итно", а би требало да се употреби, скратена постапка.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**
(Продолжение)

Не би сакал да цитирам, Законот за државна управа, Законот за високо образование, со исклучок на Законот за здравство кој има една нормална процедура во која позицијата и опозицијата сигурно ќе го доизгради, во Собранието претстојат 2, 3 или 10 дена, во една постапка на истата седница. Видете, не постои на иста седница да се расправа за системски закон и тоа по предлог за донесување на закон и Предлог на закон. Се губи основната смисла на таквото расправање. Од кој аспект тоа го зборувам. Го зборувам од аспект што парламентарното мнозинство е прогласено за гласачка машинерија, можеби и во наше време беше, можеби тоа е судбина на парламентарното живеење на слобода на изјаснување, но во основа би требало да се подржи политиката на различни мислења. Не е ни тоа што од страна на позицијата, опозицијата се нарекува, за секој нејзин предлог, за секое нејзино придонесување за до надградба на системот, анти реформска, парламентарна група, или дури намерно да не се прифаќаат одредени предлози од опозицијата, што мислам дека е многу штетно за граѓаните. Се што е добро треба да се обмисли, да се разработи, да легне. Дури се случуваат парадокси, најлегитимен предлог на едно работно тело, тоа е Комисијата за стопанство, едногласно поддржана и позиција и опозиција, парламентарното мнозинство да не ја подржи. Во дадениот случај мислам дека се работеше за суетата на министерот. Но, многу мала е суетата на министерот спрема

она што ќе го изградиме и квалитетот на работното тело и на членовите исто.

Ова го зборувам и со тоа ќе завршам, од причини што новата Влада, особено последните случувања во овој Парламент, во парламентарната расправа по системските закони кои треба да одат согласно Деловникот и согласно процедурата во фази, дури ако се сложени обемни, решаваат голем број проблеми на граѓаните, да се оди дури и во нацрт, да ги вклучиме сите стручни и јавни институции, што е основна наша обврска. А не претседателот на Комисијата за образование, не им дозволува на претставници на највисоките високо образовни институции, на Сенатот да се изјаснат. Тоа не е дозволиво. Целокупната пракса во овие 10 години, би го спомнал и се извинувам што ќе го злоупотребам г-динот Томислав Стојановски, кој сега е тука. Имено тој беше претседател на ЗПК јас бев член тогаш. Не се случило, кога ќе побарале присуство групи кои се заинтересирани да не присуствуваат. Тука е и актуелниот претседател сега на ЗПК. Вие бидете свесни дека во Законот за денационализација присуствуваа сите заинтересирани, од групата на заинтересирани на кои им се одземени имоти, денационализирани. Во моето работно тело присуствуваа од здруженијата на инвалиди, пензионери. Тоа е укажување за понатамошното работење, да се има еден однос Парламент - Влада, иако тука не е директно Владата вклучена, морам да кажам. Ова е однос парламентарно мнозинство - опозиција. Бидејќи на последните седници, особено во Законот за органите на државната управа и особено по Законот за високо образование, меѓу опозицијата и позицијата ги доближивме ставовите, но требаше уште малку. Јас сум убеден ако се носеше во повеќе фази, ако не беше под притисок и ако не беа укажувањата дека се тоа носи поради притисок на ММФ и т.н., да се земат кредит од Меѓународна банка, од Светска банка и сл. ние ќе ги вградевме. Тоа е она што требаше да го направиме, бидејќи во Законот за државната управа укажувавме на проблеми. Огромен број на амандмани беа прифатени и ако имаше уште една фаза ќе се доближевме, особено ќе се доближевме до Законот за високо образование, во кое министерот за образование инсистираше и ни објаснуваше и нашите амандмани се собраа околу членот 198. Ако имавме време да се консултираме и со министерот за образование, мислам дека ќе го надоградевме системот, а се за градење на односите, не е важно дали меѓу националностите или меѓу Македонците.

Мислам дека и ќе завршам со ова, оваа Влада која сигурно ќе биде избрана во понатамошниот период во ова парламентарно владеење, треба да ја почитува и опозицијата и заеднички да го градиме се она што е добро за граѓаните. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Александар Гештаковски.

За збор се јави пратеникот Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, бидејќи очекувам дека сигурно ќе бидат избрани.

Сакам да кажам дека навистина имаше едно доцнење во моето пријавување за дискусија, меѓутоа, навистина, очекував дека на овој денешен ден ние пратениците ќе добиеме експозе од премиерот, или кажано на наш македонски јазик, програма за работа на оваа Влада.

Меѓутоа, бидејќи и премиерот изјави дека всушност не станува збор за нова Влада, тоа е иста Влада во која влегуваат две нови лица и еден министер се разигрува, од место центарфор се враќа на центархалф и тоа е во ред, тоа е право и на премиерот.

Во искажувањето на премиерот, доколку имавме можност да го добро сослушаме и прочитаме ќе видиме дека тоа беше еден мал краток извештај за досегашното работење на оваа Влада.

Наспроти мои колеги или да кажам Гештаковски кој ги спомнуваше некои договори, јас немам намера во моето искажување да ги коментирам работите кои се случуваа во предизборниот период или да ги коментира, елаборирам предизборните ветувања на коалицијата за промени, како што беа изградбата на евтини станови, еве имаме сега евтини станови од илјада марки метар квадратен. За ваше информирање во Куманово најубав стан е 90 марки м2. Станот навистина е евтин. Понатаму изградба и вработување на социјални случаи, 10 илјади, изградба на социјални станови, намалување на даноци, намалување на цена на нафта, на бензин, изградба на спортски сали. Сето тоа беа предизборни ветувања. Јас немам намера да ги коментирам. И тие изборни ветувања што ги даваше коалицијата за промени, за кој

нашиот граѓанин сфати дека нешто ќе добие и ќе живее подобро, какви се и што се најдобро може да се видат денес. Или, сакам да кажам дека нашиот граѓанин ја доживеа иронијата на изреката на еден филозоф кој рекол дека, предизборната политика, предизборните ветувања се вештина во која партиите гледаат да ги земаат парите од богатите, гласовите од сиромашните, а потоа да се грижат, ветувајќи дека ќе се грижат подеднакво за сите граѓани.

Јас тука сакам да прекинам со предизборните ветувања, да не ги коментирам. Меѓутоа сакам да направам коментар на она, дали навистина граѓанинот, не партиите, дали навистина граѓанинот е еднаков пред Владата, бидејќи со победа на парламентарните избори се формира Влада која меѓу основните работи, пред се има грижа за граѓанинот, негово точно и правилно информирање и спроведување на сите закони, бидејќи е Влада, подеднакво за секој граѓанин, без разлика сега дали тој е политички определен или неопределен, бидејќи сите показатели покажуваат дека во нашата Република имаме и огромен број на граѓани, кои не вливале во овие политички води и во овие ветувања кои беа досега.

Не би сакал да коментирам што оваа коалиција, со доаѓање на власт постави некои решенија за кој јас немам коментар, бидејќи тие решенија се нивни кадровски решенија, што некои луѓе биле во поправни домови, да не кажам затвори, поправен дом, зошто се поправиле па сега се на раководни места, на установи и јавни претпријатија, дали за дилерство со дрога или за уцена на ученички. Тоа си е проблем на власта. Тука се поправиле луѓето и можеби добра работа. Меѓутоа, морам да кажам дека не ќе можам како граѓанин, не како припадник на опозиција да се согласам ако од власта од Владата законите за едни се применуваат така како што се напишани, за другите не се применуваат така како што се напишани. Тука, она што сме го ветиле дека ќе бидеме подеднакви во спроведување на сите овие работи пред граѓаните, доаѓаме до една тешка состојба на создавање на граѓани од прв или втор ред, или создавање на граѓани за кои ќе важи закон и граѓани за кој нема да важи закон. Потенцирам дека не се работи само од партиски луѓе. На пример во основните и средните училишта од каде доаѓам се поставија директори, кои не ги исполнуваа основните услови од Законот за основно и средно образование. Дури по моја информација и укажување на новиот министер, среќни сме што го нема стариот, пак чипови ќе ни извадеше тука. По укажување на новиот министер, тие уште не се спроведуваат. Не може. Мора законот подеднакво да биде спроведен. Ако треба сменете го Законот па си поставете, ако немаме други кадри или немаат други кадри, поставете си луѓе кои мора да ги исполнат основните законски узанси за тоа вработување. Како да не коментирам кога, еве сега донесуваме закон за предвремено пензионирање, изјавувајќи пред јавноста, светска и домашна дека, еве, правиме намалување на администрацијата, а во исто време имаме луѓе поставени од министри, овие кои се сега, кои го исполниле еден од условите за пензионирање, или наполниле 40 години стаж или 65 години старост, тие можат да работат. Зошто можат да работат. Треба ли да кажам дека книшката е од СДСМ, затоа може да работат, или нешто друго.

Морам да кажам дека одговорноста на Владата е пред се во спроведување на законите спрема граѓаните и да не се прават граѓаните од прв и втор ред. Не може да биде некој од СДСМ, бил директор, пак да биде директор, тоа е нормално. Меѓутоа не може да дојде некој кој ни еден ден нема работно искуство, а да дојде во школска установа каде се бара најмалку 5 години работен стаж, а такви се поставени.

Исто така, јас како граѓанин мора да кажам дека спроведувањето на реформите ме интересираат, затоа што во оваа држава живеам јас, живее моето семејство, ќе живее моето поколение. Меѓутоа, не можам да прифатам, кога се донесува одлука за не вработување во јавни установи, јавни претпријатија, донесени во месец фавруари од страна на Влада, а крајот на март и почетокот на април, сме бомбардирани од конкурси или огласи за вработување во јавни претпријатија. Каква е таа Влада. Тие директори на јавните претпријатија ги поставува Владата. На тие директори што примаат работници, не им фали ништо. Значи сето тоа се спроведува со амин на Влада. Тука морам да кажам дека таква Влада не можеме да кажеме дека е одговорна и дека спроведува реформи. Мора тука да се каже она што е вистина, значи со аргументи. Еве, кога ги спомнав јавните претпријатија, да го земам за пример Електростопанство. Само таму од каде потекнувам има 18% зголемување на работна сила за една година.

Меѓутоа, овде, исто така во овој период не може да се прифати една политика на Влада, на вработување на луѓе

преку младински задруги. Не е битно што тие задруги се партиски. Меѓутоа битно е тоа што со законот е кажано, за да не дојде до прекин на технолошкиот процес може работодавецот или јавното претпријатие, а воглавном се работи за јавни претпријатија, јавни установи, медицински центри и т.н., каде се земаат преку младински задруги граѓани да работат не 15 или до месец дена, туку 3, 6, 7 па дури и година дена. Меѓутоа, што се случува? Зарем може да се согласиме без разлика дали сме позиција или опозиција, да се вратиме на 1988 година кога била експлоатација на работникот. Сега овој работник нема ни работен стаж, ни социјално осигурување ни здравствено осигурување. Како може другиот што работи со него сите овие бенефиции да ги има, а овој да ги нема. Не се работи овде за позиција и опозиција. Се работи овде за една работа во која Владата, користејќи ги своите кадри и свои институции, морам да кажам прави злоупотреба, бидејќи сето тоа е советување од Влада односно со аминување од Влада.

И кога реков не сакам да зборувам за предизборните ветувања, морам да кажам дека и по избор на Владата, нашиот премиер ни поднесе едно експозе, значи своја програма при првиот избор, потоа поднесе исто така и второ експозе, при реконструкцијата што ја имаше. Морам да кажам дека експозеата се тука кај мене, да не ги цитирам. Меѓутоа се повеќе доаѓам до сознание дека се уште ни годи да бидеме во предизборни ветувања, а заборавме дека сега сме Влада, сега се премиери и сега имаме одговорност према граѓаните. Еве за што станува збор.

Владата во првото свое експозе на премиерот, прво што рече е, ќе ги намалиме сите даноци, ќе ја намалиме цената на нафтените деривати, цената на електричната енергија. Точно, рече Владата и исполни.

За нова 1999 година, како што рече премиерот за прв пат во историјата на Македонија, се намали цената на бензинот и нафтата и морам да кажам дека тоа беше голема радост и на премиерот, пред ТВ камерите, но и на граѓаните. Беше искажано дека прв пат една Влада, видете како добро се грижи за своите граѓани. Точно. Сето тоа со денови беше прикажувано на МРТВ. Но за последната година ние доживеавме неколку поскапувања на бензинот и нафтата, или се зголемија некаде за 50%. Меѓутоа никој не излезе на ТВ и да каже дека навистина се грижи за граѓаните и дека тоа навистина за прв пат се случи во историјата на Македонија.

Морам да кажам дека оваа цена што сега ја имаме на бензинот и нафтата, не вбројува во земјите кои имаат најскап бензин и нафта, дури и поскап и од нашиот северен сосед кој знаеме под какви ембарга е и т.н. Одговорност на Владата беше барем да се излезе и да се образложи зошто тоа се прави.

Доживеавме во април месец, или поточно ако си ги споредите сметките мај 1999, мај 2000 година, мора да ве информирам, да знаете дека цената на електричната енергија, а гледам дека останува истиот министер за стопанство или сега за економија, се зголеми за 60,9%. Морам сега пак јас да кажам дека, ова во 20 години назад прв пат се случува во Македонија одеднаш вакво зголемување на цена на електрична енергија.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:** (Продолжение)

Немаше образложение дека во тоа време воведовме ДДВ, дека ова нема ни најмалку основ со данокот на додадена вредност, туку се зголеми цената на електрична енергија на секој граѓанин, поготово сега се погодени во овие летни периоди најсиромашниот слој на граѓаните, бидејќи тој преку зима користи дрво за топлење за готвење, сега мора да ја користи електричната енергија. Меѓутоа, затоа процентот за наплата каков е, се знае. Не беа кажани од каде и зошто вакви зголемувања. Си поставувам прашање. Ако беа влезните узанси при формирање на цената на електричната енергија битни, тие ги направивме во јануари кога имавме 10% зголемување на цената.

Меѓутоа, можеби беше добро да се излезе со тоа и да се каже дека имаме зголемување на вработувањата во електростопанството за да се покрие тоа ќе има зголемување на цената на електричната енергија. Имаме многу мала наплата на електричната енергија инаку 1997-1998 година, 1996 можам да ве информирам за наплатата во дистрибутивните организации изнесуваше над 93%, сега тој процент е многу далеку, меѓутоа, слушнавме само едно образложение дека тоа го барал Меѓународниот монетарен фонд, без да се даде точно и јасно дефинирани работи што бара ММФ. ММФ или Светската банка на Електростопанството му имаат одобрено 61 милион ДМ кредит за ревитализација на електро енергетските објекти. Не спомнувам за транспортната трака што беше 1999 година, не спомнувам за тоа кој ги изврши реконструкциите во РЕК Битола дали наши

фирми, иако секој ден имаме убав натпис "купувајте од Македонија", меѓутоа за реконструкција на РЕК Битола земете фирма од Бугарија, тоа нека е на тие што раководат и што работат така, меѓутоа, ова што ни се објаснува сега за ММФ морам да кажам дека, ММФ постави услови за користење на тој кредит.

Прв услов е намалување на бројот на вработени. Оваа Влада наместо да го намали го зголеми.

Втор услов е сите споредни дејности кои ги има во електростопанството да бидат издвоени и електростопанството да остане такво. Почна со таа работа, се формираа друштва, но тоа застана и не може да се користи тој кредит, кредитот седи, на тој кредит плаќаме камата. Каматата ја плаќаат граѓаните на Македонија, никој друг, преку цената на електричната енергија и за тоа цената дојде до 60% и она што го бараше ММФ да се направи добра разлика помеѓу производната и продажната цена по КВТЧ, оваа Влада мислеше дека најдобро ќе го направи тоа и ќе добие најдобар остаток од КВТЧ ако ја зголеми цената, а она што го ветуваше дека ќе се грижи за своите граѓани, па се грижи, 60% му е поголема цената на електричната енергија.

Овде се плашам од една друга работа. Дали од 1 октомври ќе имаме зимска цена на електрична енергија, не слушнавме од Владата, слушнавме од Јавното претпријатие дека нема да има, но народот веќе не верува бидејќи тука се појавува едно прашање за кое мора да бидеме точно и правилно информирани.

Ние како држава со договорот за ОКТА презедовме обврска 200 илјади тони мазут да преработиме. Мазутот е скап во производството на КВТЧ и тој мора да се покачи. Дали ова зголемување е да го исполниме тој несреќен договор со ОКТА, кој го потпиша оваа Влада. Морам да кажам за несреќа и ние овде ратификувавме како Парламент, иако после тоа многу министри и други кажаа дека тука не направивме добра работа. Се плашам дали тоа ќе биде и натаму.

Во експозето на премиерот при последната реконструкција, не оваа, на Влада јасно и гласно стои дека во оваа 2000 година банчаните кредити ќе бидат со едноцифрен број. Поминаа 8 месеци со утрешниот ден, банкарската камата е многу голема, ако сакаме да имаме едноцифрени камати, ќе мора од 1 август да нема камата на кредити, па спрема тоа навалете народе има кредити без камата, за да се исполни она што премиерот го ветуваше. Сега не зборувам за пред изборна кампања, туку читам од експозето.

Ќе имаме зголемен број на вработени, но всушност имаме голем број на невработени. Имаме зголемен број на технолошки вишок, немаме пораст на индустриското производство.

Во истото експозе децидно беше кажано дека ќе има намалување на даноци, но се плашам дека тоа беше предизборен маркетинг и дека ова не може да се спроведе.

Оваа влада која се реконструира, а е во комплетно ист состав реков двајца нови луѓе во ресори кои во реформите немаат многу битно влијание, морам да кажам дека и спрема нас во Парламентот, спрема кој мора да имаат одговорност, на поставено прашање од еден пратеник, можеби сум јас, да ни се даде бројот на вработените во јавните претпријатија, во администрацијата со крајот на 1988 година за да видиме дали навистина во администрацијата правиме реформи или од 1998 година до денеска го зголемивме бројот на вработените и во јавните претпријатија и во установите и во администрацијата, сега велиме еве ќе имаме намалување од 4.800. Дај боже да има такво намалување, меѓутоа, ќе дојдеме по се изгледа на бројка од 1998 година, па затоа не се даде таа информација, и ден денеска не добивме многу информации за она што се случуваше на терен од каде потекнувам, но да не биде тоа локално Липковско Езеро. Имавме несреќа десет дена да немаме вода, Владата е таа која е одговорна пред граѓаните.

Не сакам да зборувам за нешто друго што исто така во експозето беше кажано дека сега ќе има нови вработувања, ќе има без царински зони, а јас како граѓанин сум среќен ги чекам тие без царински зони, како што ги чека и секој граѓанин. Септември е многу бргу, слушнав за тие работи, ова е пак од експозето на премиерот, не е од предизборните ветувања.

Мислам дека Владата мора да сфати, дека не е во предизборен маркетинг, Владата е Влада на овој Парламент, што мора многу одговорно да се однесува спрема граѓаните и одговорно да ги информираме за се што се случува, нас овде во Парламентот, бидејќи сме граѓани кои ги избрал некој електорат кој 8, кој 8,5 илјади граѓани, но мора да кажам ако се продолжи вака, дека ќе имаме реформи во администрацијата, веднаш поставувам прашање што ќе биде со некаде 3.000 професори кои предаваат по средни и

основни училишта. Дали сега еден професор ќе почне да предава македонски и англиски заедно или македонски и математика или мора да се вработи човек. Тука нема намалување. Ако е тоа за пред светот, јас ќе молчам и нема да зборувам, затоа што од тој свет очекувам овие реформи да бидат прифатени и да бидат добри. Меѓутоа, кога нешто искажуваме мора навистина да биде поткрепено со точни податоци, да не се земаат податоци кои не се валидни и да знаеме дека навистина ќе спроведеме реформи.

На министерот лично му поставив прашање, дека законот нема уставност за предвремено пензионирање, јас не сум правник и реков ајде човекот е министер за правда, правник, па ќе ми одговори точно тој рече нема гајле, меѓутоа, сега се виде до каде е работата, па сега најдовме во кој е вината. Вината не била ни во Владата ни во Парламентот, вината е во курирот. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Благој Стојковски.

Има збор господинот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, овде кај мене е експозето на господинот премиер пред околу две години искажано на инагуративната седница и ова ќе ми служи како аргумент да расправаме со конкретни аргументи, врз основа на тоа што е кажано и остварено и веројатно ако некој не се согласува со некои мои искажувања, да имаме прилика многу јасно и недвосмислено да се увериме дека е така или не е.

Најпрвин за некои процедурални прашања, кои според мене се не докрај јасни во однос на избор на Владата, јас би сакал, ако е можно некој од претставниците, иако мислам дека е прашање на мандатарот во однос на ова што ќе го поставам сега како прашање.

Имено, во Уставот на Република Македонија е многу јасен и во членот 90 предвидува дека Претседателот на државата ќе му довери мандат на кандидатот на партијата или партиите, кои имаат мнозинство за да ја состави Владата и се предвидени дополнителни рокови за тоа.

Исто така, членот 92 од Уставот предвидува ако се разрешува повеќе од една третина од кабинетот значи од министрите, треба да се постапува процедурално според тоа како да се работи за нов избор на Влада.

Јас не сум слушнал дека некој некому му доверил мандат, не прејудицирам и не сакам да прејудицирам зошто е така и не сум слушнал дури дека од некого е побарано мандат како што имавме таков преседан така што изгледа дека правните аргументи недостасуваат, а во недостиг на правни аргументи веројатно даваме можност и простор да се размислува дека, оваа празнина би требало да се покрие со политички аргумент. Како политички аргумент може да се трасираат секакви идеи, опции, размислувања до тоа дека се работи реално за маргинализација на институцијата Претседател на државата. Има искажувања дека постепено, но сигурно одиме кон тоа што Претседателот на државата, односно функцијата институцијата претседател на државата го сведуваме на ниво на англиската кралица само за свечености, церемонијални работи, нешто да кажува потпишува, поздравува, честита.

Дополнителен аргумент кон овие констатации не се мои, можеби сум на ниво да се убедувам дека е така се констатациите, дека постојат огромни несогласувања во однос на листата на амбасадори кои треба претседателот на државата со право не сака да ги прифати од причина што гледа дека не се почитуваат основните правила, основните критериуми дека се работи за чувствителен сегмент каква што е дипломатијата, а не да се пратат партиски активисти комесари, а да не речам насилници кои помагаа за време на изборите.

Но, зошто го кажувам ова. Искрено го кажувам од причина што многу сум загрижен дека постепено, полека но сигурно одиме кон правец да изградиме персонални институции што е голем чекор кон диктатурата, тоталитаризмот имено една наша соседна држава се работи за северниот сосед, каде практично имаме персонални институции, каде е претседателот Слободан Милошевиќ таму е власта. Кога е тој претседател на Србија власта е таму, кога е сојузен претседател, власта е таму. Тука не се работи за институции, туку се работи за личност. Се плашам дека и кај нас можеби одиме кон правец да изградиме персонални институции што е многу опасно за демократијата.

Да се вратам на конкретното прашање дали јас како пратеник би ја поддржал Владата или не. Не е мое да

одлучувам, искрено го кажувам дали би гласал за влада или не, туку е прашање на аргументи дали аргументите и резонот ми даваат за право да гласам за Владата или не. Инаку ако интимно ме прашувате јас би сакал да ја поддржам Владата. Меѓутоа, реалната состојба поготово во сите сегменти на државата и општеството не ми даваат за право да ја поддржам оваа Влада барем тоа е минимален придонес ако воопшто може да се нарече санкција, тоа е минимална санкција која можам јас лично да ја изречам на оваа власт.

Прво, економскиот сегмент. Еве тука во експозето на страница 9 пишува многу јасно дека, Владата ќе ги преземе сите активности за да дојде до овие искажувања, просечен пораст на производството на над 10%. Пораст на извозот над 10%. Стапка на инвестициите 20%. Ниска инфлација, реален курс на денарот, реален пад на цените, зголемување на вработеноста. Значи сите овие што ги кажав пишува тука во документот, дајте да одиме поединечно па да видиме каде сме.

Прочитав раст на производството над 10%. Ве молам, освен ако не се работи за игра на бројки од институциите кои час покажуваат дека имаме 100.000 и повеќе невработени час покажува друга бројка, што ми дава за право да помислам дека сепак и тука некои институции играат со бројки за политички цели. Пораст на извозот 10%, а никаде го нема. Стапка на инвестиции 20%, но нема ни 5%. Ниска инфлација. Ако се смета дека е ниска со 15%, тогаш е во ред. Реален курс, внимавајте дали воопшто може да се зборува за реален курс односно подобро за вештачки или артицијален курс. Реален пад на цените, некој од претходните дискутанти убаво кажа тука, кој се тие цени кои се паднати кај нас. Зголемување на вработеноста што е смешно, па дури некој ќе помисли дека се работи за виц ако не го прочита излагањето пред Собранието, пред околу 2 години.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (Продолжение)

Второ, зошто немам кредибилитет да ја поддржам Владата?

Втор сегмент е социјалниот сегмент. Имено, искрено ќе бев многу среќен, дури да се покажаа позитивни, дури и минимално позитивни резултати, така што во експозето постои дека, сегашната состојба, значи премиерот ја опишува тогашната состојба пред две години е таква што имаме 45% невработени од низата способни да работат. Потоа продолжува, тоа е страната 10 од експозето на премиерот, и кажува дека до 2002 година таа стапка од 45% невработени ќе падне на 15%.

И ова е голема приказна, дури и пофантазирана од "2001 ноќ" и јас мислам дека 2002 година е на прагот. Веројатно ќе се соочиме со нешто подрастична од постојната состојба што ја имаме.

Луѓето се доведени на просјачки стап, социјалната беда е се по изразена, а цените за бензинот, струјата и другите услуги се се поголеми, така што ние можеме да жалиме, луѓето се во некоја колективна депресија.

Кај луѓето, со право владее апатија, несигурност, неизвесност. Кај сите.

Трето што е важно, страна 8, од излагањето на премиерот од пред две години кажува дека криминалот, корупцијата, шверцот се многу изразени и дека ќе се преземат мерки да се санира состојбата и т.н. Па сега, господа, може да се запрашуваме реално дали шверцот, корупцијата, криминалот се наше секојдневие? Ние живееме со овие негативни елементи, овие негативни елементи се многу тесно поврзани со централната власт, дури се во централната власт и ова беше кажано од страна на важни европски институции, пред околу месец дена.

Таквата состојба што ја имаме, реално не можеме да очекуваме нешто добро во однос на личната безбедност на граѓаните. Тоа, од причина што, сакале да признаеме или не, веќе одиме во правец на тоа да ја прогласиме државата за државен рекетариум, за држава на криминалци со огромна поддршка на власта. Меѓутоа, за секого тоа е реално дека тоа го чувствува, па дури и го плаќа секој граѓанин од личниот џеб. Ако се работи за корупција или криминал, се работи за пари, што посредно или непосредно излегуваат од џебот на секој граѓанин и би требале да се влејат во Буџетот на Република Македонија. Со тие пари да се изградат институции или објекти од инфраструктурата или други проблеми да се решаваат. Но, тие завршуваат во нечии џеб, што е поврзан со државната власт.

Најлошо е што за овој чувствителен сегмент, можеме многу лесно да потпаднеме под колективната свест дека, тука нешто се постигнува само ако си поврзан со криминална структура, што има поддршка од власта. Тоа е многу лошо. Додека имаме почетни убедувања и сфаќања и свест дека тие што се чесни, тие кои се некорумпирани, кои не се поврзани од

власта со криминалот заслужуваат Бардовци. Замислете ваква свест, како би требало да се излекува и дали најпознатите светски психијатри би требале да водат колективна терапија со нас, најмалку дваесетина години.

Беше кажано тука, од страна на премиерот, дека има сегашната Влада или сегашната коалиција има поддршка од меѓународни структури. Јас се прашувам, кои се тие меѓународни структури што ја даваат поддршката на оваа власт? Дали може да се смета меѓународна структура ММФ, што изгледа само ги продолжува аранжманите со Република Македонија? Или Светската банка? Или Европската комисија, која дава квалификација во однос на шверцот и корупцијата и криминалот со цигари? Или пак Европската унија, која кажа дека оваа структура на власт не е способна да се справи со клучните прашања на реформите? Која е таа меѓународна структура, што дава поддршка на оваа власт ако не се овие структури што јас ги набројав, а ставовите нивни се многу познати.

Четврто, наместо да одиме и да ги исправаме грешките од минатата власт во однос на изградбата на правна држава, до душе минатата структура беше исто така партиска инфраструктура на власта, наместо да се прави чекор кон елиминирање на таа слабост во однос на правната држава, за жал се прават големи чекори да се политизира или партизира докрај комплетно државата, тргнувајќи од органите на управата, државната власт, од јавните претпријатија, јавните установи па до судството и т.н.

Се плашам дека одиме во правец на една многу опасна состојба, а тоа е, тоа ќе го покажат следниве локални избори, господо, од причини што ќе видиме. Ние не сме дозволиле на природен начин да се вклучат сите граѓани, тргнувајќи од нивните способности подготвено да учествуваат во изградбата на системот низ институциите, претпријатијата и т.н. Ние, ја силуваме оваа состојба партизирајќи ја комплетно структурата на државата.

Така што за изборите луѓето ќе излегуваат и ќе употребуваат сила, од причина што, директно ние, директно се фаќаат за нивни интерес. Тоа е прашање дали ќе се вработи или не, прашање дали некоја партија ќе ги добие изборите или не, дали тој ќе биде директор на нешто, тоа е прашање дали неговата партија ќе ги добие изборите или не, независно дали е тој способен кадар или не.

Така, ние ја институционализираме силата за изборите, од причина што директно луѓето се врзани за нивните интереси. Тие се принудени да ја употребуваат силата, за да ги добијат изборите, за да ја постигнат таа нивна цел што, нормално, сите демократски држави тоа не го прават.

Петто, медиумите. Тоа е петтиот сегмент. Посебно нешто ќе кажам за јавниот сектор, Македонската радио и телевизија, јавно претпријатие од сферата на радиодифузијата, што се финансира од страна на граѓаните, а функционира комплетно како партиска институција. Така што изгледа, мене ми е жал за луѓето кои таму се вработени,. посебно во Редакцијата на албански јазик, скоро во година дена пет уредници се сменуваат поради теророт што се врши над нив, а има и новинари што искрено се жалат дека готово, редакционата политика на овие институции се врши во партиските канцеларии. Па дури и некои самопрогласени, независни печатени медиуми, што собрале пари како донација од државата или се финансираат дури од некои подземни фондови, си земаат за право сите проблеми што постојат во државата, па и во сегментот на меѓуетничките односи, да ги најдат во редовите на опозицијата или пак на некои други институции. За "Факти", како така наречен независен медиум се виновни ректорот на тетовскиот Универзитет господинот Фадил Сулејмани или пак Руфи Османи или пак од опозицијата пратениците што се тука или претседателите на здруженијата на граѓаните и т.н. А, претставниците на таа партија, албанска партија што учествува во власта тие се само светци, тие не се виновни за ништо пред тој весник.

Шесто, од претходната власт, без оглед на сите слабости што ги имаше таа власт, меѓутоа се правеа важни чекори во однос на кредитирање на важни субјекти во Република Македонија, во економијата, стопанскиот сектор, изградба на инфраструктурни објекти. Сега немам слушнато, иако лично сум побарал службена информација како се поделени парите од земени кредити. Се уште не сум добил таква информација, а сведок сум дека во сферата на инфраструктурата готово немам слушнато нешто да се гради освен автопатот што се финансира од европските финансиски институции.

И натаму, мислам дека оваа власт не заслужува поддршка од причина што, дури нема основна волја или желба да бара

помош од структури што се професионално покомпетентни за некои сегменти. Тоа не мора да биде воопшто опозицијата што е тука. Веројатно постојат други компетентни научни институции, за што би требало власта да ги консултира за најелементарни работи и тоа за наши можности.

Затоа, ќе завршам дека е најдобро, најумно што може да направи оваа власт е да поднесе оставка и да се формира експертска Влада. Јас мислам дека најголемата услуга што може на овој народ, ако малку ги сакаат граѓаните, гласале за нив, е што побрзо да поднесат оставка за да се формира, не да дојде опозицијата на власт, туку да се формира стручна или експертска структура, што ќе ја води до изборите оваа власт.

Поинаку останува само на тоа, оваа власт да се надева на лошото паметење на луѓето за тоа што им беше ветено. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Мерсел Биљали.

Има збор господинот пратеник Петковски Тито.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине потпретседател, почитувана господо од Владата, колеги пратеници, знам дека е жешко надвор, жешко е исто така и во салата, меѓутоа ова е избор на мандаторот да расправаме сега, кога е најжешко, да расправаме за состав, односно избор на нова Влада. И, можам да кажам дека, во ова отсуство практично и на предлагачот на новиот состав на Владата, па и на поголем дел од претставниците, со чест на исклучоците што се тука кандидати за нови министри, најилустративно говори за две работи.

Прво, дека предлагачот на Владата, премиерот, стариот, претпоставувам и новиот, крајно игнорантски се однесува кон опозицијата.

Втората причина, можеби многу позначајна, дека човекот е убеден дека ќе ја добие довербата на парламентарното мнозинство, па затоа и се релаксира, не е присутен во салата.

Навистина мислам дека сме хендикепирани да разговараме за едно од најзначајните политички прашања, избор на нова Влада на Република Македонија. Едноставно, не можеме да разговараме.

Јас, господине претседателе, навистина сум во дилема дали да продолжам да говорам, или во услови на отсуство на уставна одредба за кворумот да дадете пауза, како што премиерот и министрите ручале, да ручаме и ние, па да продолжиме. Навистина, овде нема повеќе од 30 пратеници во салата.

(Реакции во салата). Немаме кворум.

Навистина немаме кворум. (Реакции во салата).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ги молам пратениците што се надвор, па и членовите на Владата, верувам дека се тука во соседната сала, да влезат внатре за да можеме да продолжиме со работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ако не ја прекинувате седницата да продолжам? Жал ми е, навистина.

Сакав неколку прашања да поставам на предлагачот на Владата.

Еве, се надевам дека тој слуша и ќе дојде во салата, ќе разговараме.

Сепак мислам, кога станува збор за избор на нова Влада, навистина, ние како пратеници, мораме крајно одговорно да се однесуваме. Ако веќе Владата покажува неодговорност, веќе на стартот, се уште не е избрана, во втор план е нашиот интерес.

Мислам дека заслужува многу повисок степен на одговорност, заради тоа што живееме во едно време и во еден доста флуиден период, флуиден регион, што е голем предизвик за сите политички субјекти. Се разбира, најмногу за Владата. За сите аспекти на натамошното живеење, утврдуваме една нова политика, состав на Владата, што ќе ја определува иднината на Македонија во наредниот период, до следната реконструкција на Владата.

Ова, особено ако се има во вид дека некои клучни прашања се уште Република Македонија ги нема заокружено. Не говорам само со желба да ја напаѓам и актуелната Влада до изборот на новата Влада, меѓутоа, објективно, Република Македонија нема решено неколку круцијални прашања:

- се уште не е решен проблемот со името со нашиот јужен сосед;

- се уште не е одбележана границата со нашиот северен сосед;

- се уште новата стратегија во надворешната политика, така - наречената позитивна енергија, струи еднонасочно од Македонија кон соседите, немаме од соседите кон Македонија, што доста ја загрижува и македонската јавност за иднината на Македонија. А, да не говорам

колку е атрофирана социјалната држава и колку луѓе во Република Македонија се наоѓаат во границата на социјалната егзистенција.

Поради тоа мислам таквите прашања претставуваат многу повисок степен на одговорност и од пратениците, а се разбира и од оние кои ќе бидат министри и утре ќе ја водат Република Македонија.

За персоналниот состав на Владата не би елаборирал многу. Но, сепак би сакал да го прашам предлагачот на Владата, бидејќи неодамна, кога новинарите го притиснаа околу едно прашање - каде одат реформите, тој изјави дека еден дел од министрите добро и совесно си ја вршат работата, меѓутоа еден добар дел од министрите имаат магла во главите затоа што се реформи.

Сакав да го прашам премиерот, дали во овој состав на Влада што ја предлага, има министри со таква квалификација со каква што тој ги нарече.

Би било добро да одговори.

Второ, ова е, навистина, четврта по ред Влада што ја реформира овој премиер. Би сакал, исто така, да го прашам дали вината е секогаш во министрите? Дали некогаш се запрашал можеби проблемот и вината за неуспехот на реформите и состојбите во државата токму лежат во премиерот, во мандатарот на сите овие влади?

Сосема кусо, за персоналниот состав, бидејќи нема многу простор тука да се разговара, знаете. Самиот премиер кажа дека ова е Влада во континуитет и со тоа ние ја олесни работата. Овде имате само две нови имиња, ја имате госпоѓата Ганка Самоиловска - Цветанова и нејзината младост, шармот и претпоставувам, успехот во музиката, се засега единствените препораки за министер за култура. Јас и посакувам успех, во секој случај.

Втората измена, за неа навистина не можам да коментирам, бидејќи господинот Балковски не го познавам и не можам да дадам суд.

Веројатно времето ќе покаже. Можеби ќе биде успешен министер.

Третата, ротацијата од министер за култура досега, во министер за одбрана. Не парафразирам една мудрост - досега, навистина, не ме плашеше министерот за култура, ме плашеше културата на министерот.

На македонската политичка сцена ретко сум видел политичар со таква валкана реторика. Мислам дека, е добро што е поместен од ресорот за култура. Многу повеќе ќе му прилега, на таква милитантна личност, одбраната. А, колку успех ќе има, ќе видиме, тоа ќе покаже времето, бидејќи сепак тој по вокација е ликовен критичар, а во драматични периоди за Македонија, кога почнаа реформите во армијата, нашето прилагодување кон стандардите на НАТО, бара повеќе од тоа, од желба, бара знаење, компетентност, умешност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Ако веќе состојбите се такви во државата, а премиерот кажа дека е ова Влада на континуитет се поставува прашаше, дали оваа Влада со ваков состав влева надеж кај граѓаните на Република Македонија, дека реформите ќе тргнат многу позабрзано и дека од економската криза, па и политичка, па и морална многу побрзо ќе излеземе.

Ако досега немавме успех со овој состав на Влада, а сега само прилагоден на новиот закон за државната администрација за мене не постои ни како бе граунд, никаков кредит на постојниот состав на Владата дека Македонија ја очекуваат многу подобри денови во сите сфери на општественото живеење. Нема да претерам, а би сакал да се спориме со оценките дали имаме позитивен исчекор во некои сектори од економијата, па ако сакате до спортот.

Со доаѓањето на новата власт за промени апсолутно од сите овие сфери особено го упроствите и спортот, иако е тоа задна работа.

Мислам дека со делегирањето на министри и на пратеници за претседатели на спортските сојузи направивте лоша копија на СДСМ, а токму тоа требаше да биде на критиката на СДСМ да се направи некој исчекор напред. Како што гледате во сите сфери, па и во спортот работите ни одат лошо. Оваа Влада нема стратегија, нема концепција. Оваа Влада нема програма ве молам. Не случајно премиерот во своето експозе на денешната седница немаше што да каже. Едноставно ако имаше програма, ако имаше визија ќе ја афирмираше пред нас пратениците. Такво нешто ние не слушнавме.

Премиерот поентира само на два сектори. Тоа е околу обврските кон штедачите на ТАТ и кон пензионерите за 8-те посто. Меѓутоа поентираше со очекување, затоа што таа работа сега е во очекување.

Надеж и на функционерите и на штедачите на ТАТ, дека ќе им се вратат

парите односно ќе им се вратат овие 8%, а како ќе биде тоа ќе видиме. Времето ќе покаже дали тие ќе се реализираат. Поучени од досегашниот начин на работа на Владата, јас сум апсолутно песимист дека тие ќе успеат да се реализираат.

Ако веќе е Влада на континуитет мислам ред е да направиме и една мала ретроспектива, а тоа го направи и премиерот во своето експозе за двегодишниот ангажман и работење на Владата. Навистина тоа е добро за да се потсетат и пратениците, меѓутоа да се потсетат и граѓаните на Република Македонија дали оваа Влада постигна успех за сите овие сектори што разговараме.

Ако, во периодот по изборот на оваа Влада можеше да се вади владата, заради тоа што затекла многу лоши состојби во сите сектори од Владата на СДСМ и таман мислеа да почнат со реализација на предизборните ветувања и на својата програма која објективно ја немаат и денес ја немаат настана интервенцијата на НАТО на Косово, кое што за Македонија наметна драматични денови. Тие 90-тина дена беа најкритичните денови во Република Македонија во поновата историја. Меѓутоа, од интервенцијата на НАТО на Косово помина скоро една година. Според тоа, оваа Влада нема шанса да се вади повеќе на кризата на Косово, односно со интервенцијата на НАТО на Косово. Премиерот тоа денес го направи во своето излагање.

Според тоа, ако Косовската интервенција беше вина за каснењето на реформите, за отсуство на поенергични и пообмислени процеси за интеграција во Евро-атланстките структури, после година дена по завршувањето на војната, мислам дека такви релевантни аргументи оваа власт нема.

Второ, не убедуваше премиерот дека има значајни успеси постигнато со ММФ и Светската банка и сега се очекува тој аранжман. Јас навистина како граѓанин на оваа земја би бил среќен доколку тој аранжман се реализира, бидејќи Република Македонија две години наназад нема аранжман ниту со Светската банка, ниту со ММФ. Меѓутоа, сега пред локалните избори се забрзуваат тие преговори и се очекува таков аранжман, дај боже да се реализира. Мислам дека тоа е за доброто на граѓаните на Македонија, меѓутоа, да не биде уште еден блеф, како што тоа впрочем и досега се случи.

Се плашам знаете заради што, директно во Република Македонија дојде претседателот на Светската банка и од негова уста е изговорена реченицата "оваа Влада нема капацитет да ги спроведе реформите". Светската банка и ММФ да бараат реформи. Тие ги детектираат реформите, не само добрата волја да се покренат реформите да почнат да се спроведуваат не е битен само нормативниот дел. Знаете кај нас се носат стотици закони, меѓутоа, малку од законите се имплементираат во животот, стануваат стварност, дело во нашиот секојдневен живот. Затоа мислам и зачнувањето на реформите барем преку носењето на законите, нормативната дејност не е никаква гаранција дека ќе ги убедиме г-дата од ММФ и Светската банка да бидат пријателски наклонети кон Македонија. Тие исклучително се однесуваат, кавалерски, дипломатски, фино, не тапшаат по рамо само продолжете, но секогаш ќе ви кажат "но" и докрај она што го говореле дотогаш ќе го девалвираат и ќе доведат во прашање, како што впрочем беше и разговорот вчера, завчера.

Мислам дека ова, да не ми замерите почитувани пратеници, особено луѓето од Владата, нај благо речено е безобразлук да се припишува цврстата монетарна политика на Народната банка на Македонија и контролата на над комерцијалните банки, дека е тоа успех на Владата.

Прво, Владата тука нема никакви ингеренции. Тоа си е поле на ангажман на Народната банка и тука нема што да се кити Владата, досегашната Влада со успех во оваа сфера, заради тоа што и премиерот во неколку наврати кажува неговиот проблем е сериозен, заради тоа што комерцијалните банки наводно сеуште се под сериозна контрола на СДСМ. Се разбира сега воспоставува една рамнотежа, ако тоа се реализира, вчера е најавено доаѓањето на г-дин Бишев на чело на Стопанска банка, бидејќи тој човек е неспорно близок на ВМРО-ДПМНЕ и некоја рамнотежа да се направи во контролата на финансискиот капитал, односно циркулацијата на капиталот преку банките. Дали тие работат или не работат добро тоа е друго прашање, меѓутоа на тој психолошки план, веќе се прави некоја рамнотежа. Да видиме дали е до тоа работата.

Меѓутоа, едно прашање на кое што се гледа најдобро, највпечатливо дали оваа Влада е реформска Влада, бидејќи премиерот кажува дека е Влада во континуитет е токму приватизацијата.

Оваа Влада не убедуваше пред година и нешто дена, дека на најдобар начин може да се приватизира

општествениот и државниот капитал преку непосредно спогодување.

И го изменија, приложија, а ова парламентарно мнозинство го измени Законот за продажба на општествениот капитал, во кој што имплементира одредба дека со непосредна спогодба на Владата и определени фирми ќе може најдобро да дојде до трансформацијата на капиталот до продажбата на фирмите.

Ја убедуваа и македонската јавност, дека е најдобро големите фирми да се продаваат преку непосредна спогодба со Владата. И еве што се случи. На таквата иницијатива на Владата се навлекоа многу сомнителни фирми, фирми со многу сомнителен капитал, кои што учествуваа на тендери, а меѓу нив и фирми кои што се под строга опсервација на меѓународните финансиски институции, заради тоа што имаме злоупотреби на многу тендери. Овде ќе го спомнам само "Империјал – метал", па "Анштал", "КАК" итн., фирми кои што ништо не значеа ниту во Македонија, барем нема засега никаква завидна зделка, ниту пак нешто можат да ветат некое оправдување дека луѓето, односно фирмите што ги даваме се во сигурни раце. Како што гледате Владата виде дека погреши и се врати назад. Предложи на Собранието измена на Законот и враќање на законот на СДСМ и на продажбата на капиталот онака како што тоа го предвидуваше старата Влада. И сега пак истата Влада и парламентарното мнозинство не убедуваат дека тоа е на доброто, тоа е реформскиот закон, така треба да се работи, без да ја признаат вината или без да поднесат извештај пред македонската јавност за пропустите што ги направија. Тука се гледа реформата.

Мислам дека сепак најголемиот гаф, најголемата грешка за Македонија со несогледливи штетни последици се направи со продажбата на ОКТА. Не само заради отсуство на транспарентност, отсуство на тендер, туку пред се заради тоа што не доведе како држава и како народ во многу непријатна состојба. Постојано да се качуваат цените на нафтените деривати, кои што директно влијаат врз вкупните состојби во економијата, бидејќи се значаен импут во работењето на фирмите. Премиерот ја убедуваше целокупната јавност македонска и нас во Парламентот дека станува збор за продажба на старо железо. Дека рафинеријата е старо железо и ние добро сме успеале да ги надмудриме Грците и едноставно да ги зезнеме, да ми простите на зборот и да им продадеме не рантабилен објект, кој што е старо железо.

Прво, да ви кажам една работа, која веројатно ја знаете. Грците се најдобри трговци на светот или меѓу најдобрите со евреите. Не се нашол до денес некој мудар да ги надмудри грчките трговци. Според тоа, тие не купуваат објект ако немаат од него профит. Јас би сакал иако премиерот не е тука да го замолам во оваа прилика немојте на ист начин да ги зезнете Грците и со телекомот, гледајте барем тука да профитираме како држава, затоа што очигледно пак грчки капитал, пак грчки капитал ќе влезе во Македонија преку телекомот.

Не сакам да зборувам за скијачкиот центар и целата карикатура што се направи околу продажбата на фирмата. Во предизборието една од најгромогласните најавувани заложби на коалицијата за промени, а се разбира и на Владата беше дека најенергично ќе се борат против криминалот, корупцијата. Тој е имплементиран сега во нашите живеење како никогаш досега. Па, ако сакате и преку приватизацијата.

Оваа Влада најавуваше жестока полемика и во Парламентот и со граѓаните дека ќе направат ревизија на приватизациите. И што мислите зошто не направија ревизија на приватизациите? Не направија од едноставна причина заради тоа што, таа ревизија ќе допреше и до ВМРО-ДПМНЕ ќе допреше до фирмите кои што ги купи и место приватизација направивте дами и господо ВМРО-ДПМНЕ партизација на општествениот капитал и државниот капитал. И ако направите ревизија на приватизацијата, морате да се соочите со фактот дека тука седат пратеници кои што се директори на фирми, кои што се информирани сега врз основа на приватизација.

Второ, г-динот Данило Глигоровски е директор на фирми кои што носат име на ВМРО-ДПМНЕ. Така стои во "Службен весник", можеби е грешка. Јас тоа го прочитав во "Службен весник" дека се регистрирани фирми со ДОО ВМРО-ДПМНЕ. Факт е дека ВМРО-ДПМНЕ купи печатница. Купуваат живинарски фарми, трговски фирми. Каква е таа приватизација чиј е тој капитал? Ве молам, ако 1998 година, ВМРО - ДПМНЕ, бидејќи знам сигурно бев претседател на Собранието, немаше или правеше проблеми да ја плати струјата во партиските простории, телефонските сметки од каде тогаш за година ипол дека толку

пари собра да можете да купите толку фирми.

(Александар Флоровски од место - од спонзори).

За тие спонзори и јас проговорам.

Не криеше премиерот да каже во една телевизиска дебата токму оние фирми кои што се криминализирани во времето на СДСМ, сега се блиски соработници и на премиерот, блиски пријатели и на премиерот и на Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Не го криеше тоа. Според тоа, тоа е валкан капитал. Не можеме овде пред македонската јавност да изигруваме чесност. За тоа треба да се поднесе сметка пред народот. Од тие причини мислам дека ВМРО-ДПМНЕ се откажа од ревизијата на приватизацијата и се разбира за мене е тоа разбирливо зошто и ВМРО-ДПМНЕ и ДПА не бараат, меѓутоа, искрено ме чуди зошто Демократската алтернатива не побара ревизија. Меѓутоа, тоа е нивни проблем, тоа е коалициона Влада, тоа е политика на Владата и јас тука не се мешам.

За криминалот рековте во предизборието дека главната битка ќе ја водите во заштита на младата популација. Во заштита од дрогата од шверцот со оружје. Ве молам дајте да ги споредиме податоците каква беше состојбата до 1998 година, каква е денес и со уживателите на дрога, со шверцерите, со шверцерите на оружје, ако сакате бело робје до автомобили. Никогаш во Македонија тој шверц, тој криминал не цветал повеќе. Само ќе ве потсетам на еден извештај на американската разузнавачка служба поднесена до стејп-департментот пред една година во кое кажа во Македонија и на Балканот се формира мафија. Албанската мафија може да ја загрози стабилноста и на Албанија и на Македонија, бидејќи ги контролира Владите. Тоа е извештај на компетентни институции. Тоа не сум го измислил јас, тоа вие го знаете, бидејќи дел од Владата, од министрите полемизираа за да се јави и г-динот Мендух Тачи во јавноста и да каже не е точно тоа, нема во Македонија мафија, за да во исто време се објават податоците колку рапидно е зголемено уживањето и жртвите на шверцот, на дрогата, токму младите албанчиња во Македонија.

Тоа ли е чувањето на интересот на граѓаните. Неспоредливо од 1997, 1998 година до денешни дни, кога се прават тие статистики уживателите на дрога рапидно растат кај младите Албанци. Така ли се штити популацијата од страна на г-динот Мендух Тачи.

Според тоа, почитувани пратеници јас ќе завршам со еден дел кој што мислам дека не заслужува да се најде на дел овде. Добро е што е тука министерот и кандидатот за нов министер за надворешни работи. Сериозни промашувања Македонија имаше во надворешната политика или барем не се материјализирани големите очекувања од значајните проекти со Тајван преку обидот за признавање на Кипар, па се до Амбасадорите.

Ве молам, скандалозно е Македонија денес после година дена во Европските центри да нема амбасади. А зошто нема Амбасади? Нема Амбасада, затоа што не може да се договори трипартитната коалиција како да ги разместат луѓето, или чекавте сега по реконструкцијата на Владата да дојдат министри кои што ќе останат без ресори, да ги направите амбасадори, а станува збор за потреба од афирмација на македонската држава во меѓународни рамки. Станува збор за наше стабилизирање, асоцирање со Европската Унија. На овој начин ќе правиме со трето разредни дипломати, кои што апсолутно никој не им отвара врата во светските центри, а тоа се случува година дена наназад во Москва и во Париз, еве сега и во некои други центри.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжение)

Во Вашингтон ја следевте реакцијата од Стеј Департментот каква беше, дека коров фатила нашата амбасада во Вашингтон и дека е сериозна еколошка закана за околината и бараат таа да се затвори. Тоа ли е надворешна политика, тоа ли е грижа за угледот на РМ во странство?

Според тоа, можеби сето тоа се должи на објективни околности на релација субјектите кои што се надлежни за праќањето на амбасадорите. Меѓутоа, мора да бидете свесни за последиците по меѓународниот углед и позиција на РМ, бидејќи будно не следат сите овде амбасадори, па ако сакате и меѓународните партнери како финансиски, така политички.

И конечно ќе завршам, навистина ми е жал што не е тука г-динот премиер, бидејќи сакав директно да му поставам некои прашања, околу тоа како во РМ се одвиваат работите од доаѓањето на власт на коалицијата за промени. Ако нешто успеа оваа власт од своите ветувања тоа е што направи драматичен дисконтинуитет во сите сфери на живеењето, негативен. Бидејќи од сферата на економијата, односите со соседите, реформите до меѓународната положба апсолутен дисконтинуитет, меѓутоа тоа ја води РМ во многу сомнителни води

најблаго речено, бидејќи отсуството на јасна стратегија е цената што треба да ја платат граѓаните на РМ што и дадоа доверба на оваа власт и на коалицијата за промени. Бидејќи навистина сме сега на крајот од работата на овој Парламент, еве пред избор сме на нова Влада, нема повеќе да имаме седници како што најави претседателот на Собранието до 10 септември и ни следат локалните избори. Би сакал да го замолам премиерот и стариот и новиот да не си игра повеќе со иднината на Македонија и да не се обидува да ги фалсификува и локалните избори. Два фалсификати за година дена е премногу. РМ тогаш ќе се вброи во државите со нестабилна демократија. За демократија не сакам ни да говорам, да трошам зборови, се гледа што е демократија. Меѓутоа, ве молам, ако целата меѓународна заедница ги оквалификува претседателските избори така како што ги оквалификува јасна е пораката дека нема да толерира понатаму сличен обид на актуелната Влада. Затоа пораката е крајно одговорно да се вратиме на позициите кои што ги имаше Македонија во 1998 година. Почетниот капитал во меѓународните интеграции Македонија го растура, расипнички се однесува. Онакво демократско предавање на власта не сме имале. 1998 година не нареди во редот на цивилизираните народи и стабилни држави. Тоа да го повториме за доброто на Македонија, за иднината на Македонија.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Тито Петковски.

Билал Љутвии има реплика.

**БИЛАЛ ЉУТВИИ:**

Звучи малку чудно што баш екс, првиот човек на Собранието поранешен, г-динот Петковски, кој често пати бил во улога да ги советува пратениците, кои споменуваат имиња на луѓе кои не се присутни во Собранието, а денеска токму спротивното го прави со тоа советување.

Ова е на некој начин вака процедурално, барам од претседателот на Собранието, да не дозволува да се употребуваат имиња на луѓе кои не се овде.

Што се однесува до дрогата за што се спомна, малку беше тенденциозно. Сите сме заинтересирани дрогата и сите опојни средства да не стигнат до младите во РМ. Но, веќе очигледно дека често пати беше зборувано овде во Собранието, па и во јавноста за тие 28 кгр. дрога што исчезна во времето на владеењето на СДСМ. Јас чисто се сомневам дека уште не е трошена таа дрога, а каде се наоѓа таа можеби имаат податоци г-дата од СДСМ, а поготово г-динот Петковски што зборува.

Што се однесува за грижата на граѓаните воопшто за младите ние впрочем и го видовме ставот на СДСМ во однос на младите во Тетово, а посебно кога вчера и завчера зборувавме за Законот за високо образование. Имаме чиста слика и мислам дека советот не е ниту малку потребен, бидејќи звучи и досадно за нас овде па верувам и за јавноста воопшто.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот пратеник Александар Флоровски има процедурална забелешка.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Како моја заложба, г-динот Тито Петковски еднаш за секогаш да престане да манипулира дека некој има намера да ги фалсификува изборите. Ако некој беше мајстор за фалсификати, тоа бевте вие г-до во 1994 година, 150 илјади луѓе кои не припаѓаат на оваа држава ги легализиравте за да вашиот кандидат за претседател на државата Киро Глигоров да стане претседател. Така што доколку и друг пат ви се случи да говорите во овој правец, секогаш ќе бидам приморан да излезам, да ве потсетувам на овој елемент. Да не говорам за другите народски кажано далавери кои ги правевте по системот на шетачи, но тоа е проблематика за која друг пат ќе говориме, можеби и денеска ќе стане збор, затоа што повеќе пати од ваша страна беше апострофирано дека се спрема некоја таква работа за локалните избори.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Реагирам на делот од говорот на г-динот Петковски, во оној дел каде што ме спомна и тоа во еден погрешен контекст. Имено, дали во жарот на играта да го оцрни моето име во максимален стил, употреби нешто што како правник барам јавно да ми се извини. Употребивте една погрешна работа, кажавте дека сум бил директор на фирми што ги купува ВМРО-ДПМНЕ и тоа наводно сте го прочитале во Службен весник. Како правник барам да ми се извините, бидејќи тоа не е точно. Јас сум директор на една фирма. Значи не е "фирми", туку една фирма, не е купена, туку е новооснована. Ако веќе изнесувате податоци, тогаш ве молам како правник барам јавно да ми се извините бидејќи изнесовте тотални невистини. Ако се држите до вашата чест или правност, тогаш треба јавно да ми се извините.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Навистина јас му се извинувам на г-динот Глигоровски, навистина јас му се

извинувам што зборот од "а", го претворив во "и", од еднина направив множина, меѓутоа сам призна г-динот Глигоровски дека е директор на фирма со името ВМРО-ДПМНЕ и тука нема никаков фалсификат, нема никаква причина за извинување. Јас спомнав дека ВМРО-ДПМНЕ купи фирми и тоа е точно, тоа се пишуваше во печатот, електронските медиуми и тоа не е спорно. Колку фирми се, навистина незнам, тоа вие најдобро знаете. Меѓутоа факт е дека купувате наводно со партиски капитал фирми.

Да му одговорам на г-динот Љутвии, јас навистина ќе се држам до тоа да не спомнуваат луѓето што не се присутни во салата, меѓутоа пратениците треба да си бидат присутни во салата. А по однос на г-динот Мендух Тачи, јас ја цитирав неговата изјава, бидејќи тој е потпретседател на ДП на Албанците.

По однос на дрогата 28 кгр. дрога нестанати од депото на МВР. Ве молам, имате министерство, еве две години за внатрешни работи. Пронајдете ги виновниците и изведете ги на суд. Според тоа, дали не сте способни тоа да го направите или сакате да избегнете одговорност. Во секој случај имате шанса да ги пронајдете. Покренете постапка, затворете ги луѓето. Не етикети, ве молам, досега се покренуваа многу иницијативи наводно се правеа спектакуларни апсења по Македонија, но против никој нема поднесено кривична пријава. Зошто нема кривична пријава? Тоа е прашање на кое вие треба да одговорите.

И конечно грижата за младите во Тетово. Не смеете тоа да го споредите со образованието на Албанците на мајчин јазик како впрочем и сите националности, бидејќи јас го употребив во контекст на загрозеноста на младата популација со уживање на дрогата. А алузијата дека младите треба да бидат во образованието наместо на улица и да уживаат дрога апсолутно е прифатлива. Според тоа, тетовскиот пара Универзитет ако беше на него алузијата, практично вие со одлуката со донесување на законот ја определивте и утврдивте конечната судбина. И тука навистина моја вина не е.

Да му одговорам на г-динот Флоровски, ако навистина алиби е, вие ги фалсификувавте изборите во 1994 година, за избор на претседател, затоа и ние ги фалсификувавме во 1999 година, го разбирам. Меѓутоа, не смее тоа да се повтори. Ние немаме аргументи. И главниот аргумент е кога дојде на власт коалицијата за промени една од основните определби беше: ќе се направи темелна ревизија на изборните резултати и досега и во 1998 година. Како што гледате тоа сепак ви стои како можност на коалицијата за промени. До ден денес тоа не е направено.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Г-дине Петковски, признавате дека вие во 1994 год, направивте фалсификат според она што го искажавте. Јас така ја сфатив вашата порака. Така што еве, прв пат јавно признавање од висок функционер на СДСМ дека во 1994 год, беа фалсификувани изборите.

Ќе ве потсетам на уште една работа, тогаш се викавте: победа за Македонија, ако не се лажам вие Социјалистичката партија и Либералната партија. Од кога Либералната партија излезе од вашиот состав во едно од интервјуата или јавните настапи на г-динот Стојан Андов ако не се лажам, беше јасно кажано дека изборите во 1994 год, не беа баш чисти. Што сака да каже? Дека беа фалсификат. Впрочем тука е и г-динот Стојан Андов па нека каже.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Г-динот Биљал Љутвии има реплика.

**БИЉАЛ ЉУТВИИ:**

Ќе бидам сосема краток. Апсолутно се сложувам со идејата на г-динот Петковски, денешната власт да ги открие сторителите на таа фамозна дрога. Но, јас, еве ја квалификувам денешната власт како неспособна да ги најде тие што се виновни за исчезнатата дрога. Но, оваа неспособност според мене е резултат на далеку, далеку способноста на бившата власт за да ја сокрие таа дрога.

Што се однесува до тоа што рече дека ние сме го затвориле Универзитетот во Тетово, тоа не е точно. Токму на напорите на сегашната Влада да се легализираат тие дипломи, испити, тие студенти па и Универзитетот во вид на приватен Универзитет, жестоко им се спротивстави и г-динот Петковски па и другите како пратеничка група воопшто. Јас сакам да кажам уште една реченица, во полза на тоа што го рече г-динот Флоровски во однос на фалсификување на изборите во 1994 год. Кој е заинтересиран има конкретни податоци во изборна единица 81-Тетово во 1994 год, во четири избирачки места имало 2200 гласачи во избирачките списоци. Четири години подоцна, тоа значи 1998 год, во тие четири избирачки места има вкупно реално 2100 избирачи. Значи четири години покасно има 100 избирачи во избирачките

списоци помалку, а впрочем е точниот број на избирачките списоци во тие населени места е 2100. Од овде може да се извлече заклучок, зошто во тие избирачки места во Тетово во изборната единица број 81 на денот кога се гласаше четири до пет часа пред да завршат изборите, полицијата беше на избирачките места.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Почитувани пратеници, почитуван г-дине претседател, целата оваа денешна приказна наречена избор на нова македонска Влада, започна ако добро се сеќавам со често употребуваниот збор реформи.

Во таа прилика мислам дека една анализа на работењето на оваа Влада, Владата на коалицијата за промени од доаѓањето на власт 1998 год, до денеска може да се разбере подобро доколку се спореди со една вечна дилема, а тоа е што е постаро? Кокошката или јајцето. Мислам дека вака од прилика може да се објасни дилемата која што ја имаше владината коалиција, која што од своето доаѓање на власт сакаше од една страна да ги вдоми своите партиски кадри, да им овозможи онаков статус каков што според нив тие го заслужуваат, да им даде можност да уживаат во благодатите на власта. Но, од друга страна пред сите нас останатите, пред меѓународната јавност, пред меѓународните институции да глуми дека е тоа всушност Влада на промени. И во таа дилема што да се избере, или како на некој начин да се задоволат и двете цели, мислам дека тогашната Влада излезе со една навистина соломонска одлука, зошто да не прогласиме дека ниту кокошката, ниту јајцето не се најстарите, туку дека тоа е кајганата. И затоа да направиме еден трик, со кој што во самиот почеток ќе им дадеме навистина огромен избор на нашите заслужени партиски кадри, ќе го зголемиме бројот на министри 20, 21, 22, колку што имаме министри на располагање и колку што партии учествуваат во коалицијата, а потоа евентуално ако треба ќе се враќаме неколку чекори поназад. И тоа траеше така, еве последниве две години и кога се виде дека таа приказна трае веќе премногу долго и дека рефренот реформи не може толку често без покритие да се употребува пред меѓународната јавност и пред меѓународните институции, Владата ја примени спасоносната формула на враќање назад, враќање во рикверц и ни понуди пакет закони, од кои во едниот од нив планираше намалување на бројот на министерствата, прво на претходното ниво, а потоа и на бројката 14. Мислев дека во таа ситуација кога дискутиравме по тие закони дека коалицијата за промени ќе молчи воглавно, евентуално некој од нив ќе излезе на оваа говорница и ќе биде барем по малку искрен и ќе каже: знаете тргнавме со најдобри намерил, мислевме дека ќе бидеме поефикасни мислевме дека ќе бидеме по професионални, мислевме дека ќе бидеме по фокусирани и ве убедувавме во тоа.

Денеска после 2 години работени на погрешен начин, заклучуваме дека сме погрешиле. Меѓутоа не знаевме дека во меѓувреме нашето министерство за иселеништво кое што толку силно го храбревме, толку силно го фалевме на самиот почеток ќе биде познато во јавноста исклучиво по интерконтиненталните одисеи, а дека нашиот министер за спорт и млади единствено по своето искуство и своето учество во избори на мис.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Видовме дека не е така како што мислевме и сега еве ќе се поправиме.

Меѓутоа, за жал дури ни овој обид, за малку повеќе чесност во нашите дискусии не се исполни. Наместо тоа повторно слушавме дека ова се всушност вистинските реформи, дека вистинските реформи се одење неколку чекори назад и евентуално враќање после период од две години и дека "кајганата е всушност поголема кокошка од кокошката". Така и во текот на вчерашната своја изјава, денешниот мандатор се обиде да ни објасни дека реформите како оваа денешната, всушност се реформи кои за прв пат ќе ги заболат и министрите, односно, кои за прв пат ќе ја заболат по малку и коалицијата.

Јас навистина не можам да ја разберам оваа логика на мандатарот, меѓутоа, можам да му предложам како на ист начин да ги спроведува реформите, на пример со државната администрација, како да ги спроведува реформите во економијата, како да ги спроведува реформите во целиот тој економски и социјален корпус. Нека им даде на денешните вработени во државната администрација или денешните вработени во РМ со просечна плата од 300 ДМ, нека има даде од 3000 ДМ и нека трае тоа две години, па после сите ќе се согласиме да се реформираме и да се вратиме назад на 300 ДМ, па нека не боли. Ете, токму така "ги болат" денешните реформи оние што беа вчерашни министри, оние кои ги искористија предностите тоа да бидат, таква позиција да држат, оние кои искористија од

таа позиција навистина да влијаат на настаните во РМ. Меѓутоа, дури ни толку, претпоставувам, дека овие министри нема да бидат засегнати од сегашните реформи, бидејќи уште во текот на истото тоа интервју мандатарот потврди дека сите оние кои на некој начин ја губат шансата да продолжат да работат во оваа Влада, ќе мора својот ангажман да го бараат или во дипломатијата или на некои други престижни места во оваа држава, а ќе се согласите дека тоа не се баш многу болни реформи.

Во своето денешно експозе, а веќе еден колега спомена овде, веќе имаме неколку експозеа, го имаме експозето од 1998 година, имаме неколку експозеа дадени во овој период од две години со кои се правдаше и ја објаснуваше секоја мала или поголема реконструкција, значи во тоа прво експозе кое се повеќе и повеќе заедно со предизборните програми премиерот сака да го заборави, мандатарот Љубчо Георгиевски ни даде список од бројки кои се однесуваат на социјалната сфера и кои го дефинираат бројот на невработени, па кажа дека во 1998 година бројот на невработените ја надминува бројката од 3 00.000, толку вработени не примиле плата и т.н., за да притоа во тој момент веднаш после изборите сепак не избегне една реченица, која мислам дека е клучна, а тоа е: "Владата е свесна за тежината на таквите проблеми". Свесна е, но ја презема одговорноста за нивно решавање. Ова е експозето од 1998 година. Ако го погледнам сега експозето дадено во текот на денешниот ден и ги споредам работите кои се кажани за истата сфера, ќе видам дека во делот на социјалната сигурност, посебно во делот на невработеноста нема ниту една бројка, па имаме една општа реченица која јас не можам да си ја објаснам, дека последните анкети на работна сила, направени од меѓународните институции - ниту која анкета, ниту од која меѓународна институција не стои - говорат за мало намалување на невработеноста, но сепак значајни. Без бројка, без податок, без податок за тоа од каде доаѓа тој наречен податок, без објаснување. Не може после две години мандат да се заборави дека бројките се она што е важно во оваа сфера. Можеби премиерот бил заведен од изјавата на сопствениот партиски портпарол, дадена по повод 10-годишнината на Партијата ВМРО-ДПМНЕ, кој јасно и гласно, величајќи ја својата Програма, својата Партија и Влада изјави: "Ја реализиравме суштината, а се друго се математички бројки". Јас сериозно се запрашав: што е суштината на економијата ако не се тоа математичките, бидејќи нема поинакви бројки. И единственото објаснување кое ми паѓа на ум е дека според мислењето, разбирањето и поимањето на овој портпарол, а по се изгледа и мандатарот, математичките бројки се ветувањата и тие се небитни, тие се менливи и тие се забораваат, а единствената суштина е ВМРО-ДПМНЕ да владее. Иако е тоа така, тогаш јас ќе се согласам, ВМРО-ДПМНЕ го реализира тоа. ВМРО-ДПМНЕ владее и тоа многу лошо.

Интересно е што во ова денешно експозе, нема ниту збор за безбедноста. Живееме во регион во кој зборуваме дека сигурноста, безбедноста, регионалните прашања и регионалната сигурност се клучни теми. Живееме во држава во која во изминатите неколку месеци бевме потресени од бројот на инциденти на државната граница, бројот на инциденти во РМ, бројот на инциденти во кои имаше и човечки жртви и добивате експозе за новата Влада и истиот мандатар во кое нема ниту збор за оваа тема.

Можеби објаснувањето зошто тоа недостига од експозето е во традиционалниот хаос кој владее во ова Министерство, како коалицијата за промени е дојдена на власт, хаос кој што можеме да го прикажеме, да го докажеме, да го покажеме со неброени примери.

Самиот факт дека за господинот Борис Трајковски, според негови зборови Косово е проблем на РМ, а според зборовите на господинот Љубчо Георгиевски, тој е партнер на Македонија, покажува дека хаосот е неизбежен во држава во која двете клучни функции немаат ист став за исто прашање.

Овој хаос беше евидентен особено во последната година, меѓутоа, вклучително тука е и косовската криза, која сакале или не мораме да ја оценуваме и одеше речиси по правило последниот канон.

Во првата фаза имаше тврдење дека нештата не се случуваат. Ќе се потсетите дека првата теза беше дека нема трампа, нема уцена, нема притисок врз Обвинителството.

Втората фаза беше ајде да го најдеме виновникот, и тоа е се разбира секогаш опозицијата, па се тврдеше дека опозицијата конструира, Владата ништо не знае за тоа, па согласно тоа проблемот не постои и т.н.

Третата фаза, за жал, на Владата беше дека се најде доказот се најде фамозното писмо и единствен начин да се продолжи со ова правило беше нормално да следи една одлична колумна на МТВ, во која се кажа, во суштина "браво Влада, што ја извршивте трампата, за која што тврдевте дека не сте ја извршиле".

Во вториот случај, првата фаза беше дека нема безбедносни проблеми, дека Македонија е стабилна и сигурна и не треба да се грижи за својата иднина, дека нема паравојска, дека нема вооружени банди на границата, да за во втората фаза господинот Борис Трајковски вели дека има проблем и дека заради тоа ќе го свика Советот за безбедност и тоа оној на ОН. Во таа прилика додуше г-динот Трајковски изреагира дека евентуални реперкусии ќе има доколку тоа се случи уште еднаш, меѓутоа, тоа да го оставиме дури и на страна. Во Владата продолжи да владее првата фаза, потпретседателот на Владата тврдеше дека нема проблем, дека не знае ништо за извештајот, заради тоа што таквиот извештај не постои и дека не постојат никакви индиции, информации или докази, дека ситуацијата е критична и дека за тоа се информирани највисоките органи во државата.

Сега кога дојде онаа погубна IV фаза, а тоа е кога тој Извештај беше објавен, единствено нешто што остана е Владата да излезе на прес конференција и да каже дека по службена должност ќе ги гони тие што кажале за, сега веќе не постоечкиот извештај, туку за рутинскиот извештај. Сега информаторите ги изедначивме само со криминалците кои пукале, кои секогаш остануваат непознати, додека Владата се концетрираше, односно Министерството се концентрираше да ги лоцира оние кои ја изненадиле јавноста со таква лоша вест. Остана прашањето, дали некогаш по службена должност во оваа држава ќе почнеме да ги гониме оние кои секојдневно не дезинформираат и тоа само за да спасат уште еден ден од своето владеење. Јас очекував, немав прилика да видам дали МТВ ќе се приклучи кон оваа процедура и дали сега ќе излезе со нова теза – "браво Влада, заради тоа што не не информирате, односно не дезинформирате, меѓутоа тоа го правите од чисто хумани причини за да не не тревожите".

Отсуството на овој безбедносен концепт на овој безбедносен аспект во експозето на мандатарот, можеби се објаснува со тоа што првиот човек во ова Министерство ќе биде сменет, односно на оваа позиција ќе дојде друг. Меѓутоа, можеби нај објасниво е доколку земеме дека се работи, како што кажа и мандатарот, за континуитет, па дури и во оваа област и политички и реален. Внимавајте, континуитет во област во која што секојдневно имаме проблеми, во која секојдневно се соочуваме со лошо владеење и со лошо функционирање на Министерството. Меѓутоа, континуитетот може да биде разбран и поинаку и малку поконкретно. Имено, ако новите министри, како што веќе беше споменато според зборовите на мандатарот, немаат врска со полицијата и војската, тогаш професионалната структура или она што би требало да биде професионална структура во двете министерства, како и досега, ќе се полни со оние кои го задоволуваат единствениот критериум, со кој новите министри имаат врска, а тоа е политичката припадност и политичката послушност.

Дополнително, она што пропушти мандатарот да го каже во оваа прилика е, што се прави или што ќе прави Владата во областа или со проблемот на шверцот, корупцијата, непотизмот и т.н. Премиерот не само што не се осврна на бројните извештаи кои што беа споменати во некои други дискусии, не би сакала да се навраќам, не само што не понуди некои концепт според кој оваа држава ќе започне да го менува така создадениот имиџ, туку не спомена едно друго прашање, а тоа е што се случува со веќе исчезнатиот и не споменуван Закон за спречување на корупцијата, тој што откако помпезно беше најавуван во Собранието, откако помпезно беше дискутирана една од неговите фази, понатаму се изгуби во некои од ходниците и архивите меѓу Собрание - Влада или во рамките на самата Влада, веќе не знам.

Јас го сфаќам ваквото избегнување да се допре оваа тема, бидејќи доколку таа тема се отвори во Собранието, тогаш ќе се отвори дискусија и за партиските фирми кои беа споменати, ќе се отвори дискусија за целиот корпус на партиски приходи, ќе се отвори дискусија за партиското спонзорирање или рекетирање, како што сакате, ќе се отвори дискусија за ненадејното збогатување и не само партиско, туку и приватно. Тука не зборувам за новите станови и автомобили, туку и новите телевизии, новите фабрики и т.н.

Меѓутоа, ова експозе заради тоа е штуро, ова експозе заради тоа не можеме навистина - и тука ќе се согласам навистина со г-динот Георгиевски - не можеме да го наречеме програма на Влада, бидејќи ако

ова е програма, можам да замислам како ќе изгледа реализацијата.

Господинот Георгиевски во истото експозе, меѓутоа, не пропушти да спомене дека досегашната Влада отпочна со целосни реформи и донесе толку закони што за целото шестгодишно владеење на претходната Влада не се донесоа.

Прво, морам да кажам, доколку навлеземе во бројките, јас очекувам дека премиерот мандатар, како кој знае кој пат досега ќе биде демантиран од бројките, меѓутоа, сега мислам дека тоа не е ни толку важно. Но затоа е интересно да се анализира работата на ова Собрание, ова парламентарно мнозинство и оваа Влада од еден поинаков аспект, а тоа е следниот. Ајде да анализираме колку пати истата Влада ни предложи закони, кои ние потоа ги изгласавме како Собрание, и колкупати таа понатаму ги измени своите предлози, односно веќе изгласани закони. Да видиме колкупати се случи, според мене речиси секојпат по клучните закони, за кои овде министри, пратеници ми тврдеа дека се најдоброто решение за Македонија, дека се идеални решенија, идеални закони, колку пати опозицијата не беше сослушувана, нејзините забелешки не беа земени предвид и секој пат кога тоа ќе беше отфрлено како една неконструктивност од страната на опозицијата, секој пат тоа беше отфрлано и не прифаќано како аргумент, но секојпат по два -три или повеќе месеци се враќаше, сега како предлог на Владата. Сега ќе почнеше истата приказна од почеток, а тоа е - е ова е најдоброто решение, ова е најприменливото решение за Македонија. Меѓутоа секогаш се оставаше доволно простор од неколку месеци, во кој можните злоупотреби овозможени со таков предлог ќе се реализираат, во кој што личните и партиски интереси, кои беа овозможени со таквите решенија, ќе се материјализираат.

И не случајно, речиси секој закон кој што исто така го нарекуваме реформски, остава по мали, но доволни прозори за злоупотреба. Доволно е еден член, еден амандман, за да се реализира приватен или партиски интерес и доволно е тој да трае извесно време, за да се задоволи потребата, а од друга страна по два месеци повторно се глумат реформи. И мене сето тоа ме потсетува на една изјава, на еден партиски портпарол, кој при секое различно решение на својата партија, кадровско, политичко, било какво, а тие се менуваат речиси од ден на ден, ни го прогласува тоа најново решение за најдоброто можно, се до наредниот ден и се до наредното решение кое согласно ова правило станува најдобро.

Премиерот во своето експозе ни кажа дека како Влада се определиле за правна држава. Го кажува тоа како да се работи за прашање на избор, како тоа да е одлука на оваа Влада да се определи за правна држава. А можеби во некоја друга прилика ќе прочита експозе во кое ќе каже - ние се определивме за крај на правната држава. Меѓутоа, тоа, еве, да не го коментирам понатаму. Ни објаснува со тоа што вели дека за ефикасноста на судството ги донесовме сите неопходни закони. И речиси тука завршува освен со споменувањето на Судскиот Буџет.

Меѓутоа, јас се прашувам дали ефикасноста на судството е тоа што, Уставниот суд не може да го објави своето решение во "Службен весник", што беше веќе дискутирано овде.

Дали ефикасност на судството е кога сопругата на заменикот јавен обвинител, ќе биде предложена и изгласана за претседател на Апелациониот суд. Дали е тоа ефикасност на судството, кога заменик претседателот на ДИК од претходните избори, се избира за член на Републичкиот судски совет и дали е ефикасност на судството тоа што ново избраниот судија за судија во Врховниот суд, сега го избираме за претседател на ДИК. Дали така мандатарот ја разбира ефикасноста на судството, дека судството во секој момент кога на Владата ќе и биде потребно ќе скокне во спас на коалицијата.

И денес, по сите изнесени и многу други проблеми за кои мислам дека и не стасавме да дискутираме, по сите заборавени ветувања, на кои ние веќе сме се замориле да потсетуваме, мандатарот денес излезе со вакво експозе со многу не кажани работи, со многу заобиколени вистини. Меѓутоа, заедно со копијата од експозето, ни подели уште нешто. Ни подели пар розови очила, кои станаа веќе заштитен знак на оваа коалиција, заштитен знак пред се на ВМРО-ДПМНЕ, заедно со лавчињата кои се лепат и на државните и на приватните автомобили, да не ги заборавам.

Со ваквите очила Буџетот станува преполн, граѓаните стануваат богати, невработените речиси стануваат реткост, а оние кои замислете ја користат социјалната помош сега можат да купуваат социјални станови, чија цена е 1000 ДМ по квадрат. Со ваквите розови очила ние навистина живееме во најдобриот од сите можни светови.

Меѓутоа, ќе ми дозволите да забележам дека ова е една депресивна мисла која што може да влијае на психичкото здравје на сите нас. Со такви розови очила преку кои сите закони и сите решенија на Владата, според зборовите на тогаш премиерот Љубчо Георгиевски се добри, квалитетни и супер, немам дилеми дека македонскиот мандатар ниту сака, ниту може да излезе со суштински поинаков, односно подобар состав на Влада.

Затоа, господинот мандатар, господинот Љубчо Георгиевски е задоволен од сето она што ни се случува, од начинот на кој што работи Владата, со начинот на кој тој владее, начинот на кој што граѓаните на РМ живеат, ќе излезе денес овде практично со ист состав на Влада, затоа што 12 министри од вкупно 14 се истите од онаа претходната, ќе излезе, ќе ни ги предложи, ќе ни го образложи тој состав и дефинитивно ќе потврди дека негова сопствена максима станала тоа дека, тимот што губи не треба и нема да го менува.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

И благодарам на г-ѓицата Радмила Шеќеринска за учество во расправата.

За збор се јави г-динот пратеник Ванчо Чифлиганец.

Извинете господине Чифлиганец, процедурално господинот Харуни, би сакал да постави прашање.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе, ние денес зборуваме за избор на нова - стара Влада, а од нив внатре имаме само 3 члена. Можно ли е сите овие дискутанти и пораки да им се упатат на новата - стара Влада, а да нема членови тука.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Во право сте и јас ги повикувам кандидатите за новата Влада да влезат внатре и од внатре да ги слушаат пораките на пратениците. Ја прифаќам вашата процедурална забелешка.

Има збор г-динот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван претседател, почитувани министри во Владата, досегашни, сегашни и идни, почитуван потпретседател на Владата, а пред се почитувани колеги пратеници.

Мислам дека при излегувањето разменив мислење со еден од новинарите на МРТ и факт е било што да кажеме, посебно во последните 10 дена, народот е толку заситен од Парламентот, од сите нас пратеници и ако има некој поголем капацитет, ќе го прими тоа, ќе го разбере, некој доколку има помал капацитет, помалку ќе не разбере, но ова што ќе го кажеме денес на говорницата добро е ние што седиме овде во овој највисок законодавен дом, Парламентот, да слушне Владата и да извлечеме една корисна поука.

Ќе се потрудам да бидам умерен во дискусијата продуктивен, корисен и за партиите на власт и за партиите кои се во опозиција.

Господа, дали ние како граѓани, како партии знаеме за поимот толеранција. Ако не се лажам 1999 година во светот беше прогласена за година на толеранцијата. Дали ние од овој законодавен дом имаме чувство на толеранција, меѓу себе како колеги пратеници, помеѓу партија и партија, македонска - македонска, македонска - албанска, ромска и т.н., партии на власт, партии во опозиција, затоа што нашето однесување во овој највисок законодавен дом се директно продуцирал на ента степен во граѓанството, да ги заострат односите односно нетрпението. За тоа сите треба да бидеме загрижени.

Јас мислам дека и поголемиот дел ќе се согласите со мене, најголемата опасност за Македонската држава, за Македонските граѓани и на крајот за Македонската нација е нетолерантноста меѓу партиите, не мислам само за меѓуетничките односи и меѓу партиите. Ова што се случува и внатре во партиите, ова што се случи деновиве во Источна Македонија, во Западниот дел на Македонија мора, сите партии, а пред се партијата на власт да ја загрижи.

Мора ние како пратеници, како партија на власт да не загрижи тоа, еден менаџер во компанија да се чува со двајца телохранители, тоа е во рудникот "Бучим", во кој работам, од неговиот сопартиец, застапник на државниот капитал. Каде е толеранцијата, каде е она што викаме национално чувство, македонски национални интереси. Кога велам Македонци, не мислам само на Македонската нација.

Затоа, апелирам до сите пратеници, пред се до колегите пратеници кои се на власт, спрема колегите пратеници кои директно влијаат на партијата на власт и спрема почитуваните министри, кои ќе ги избереме чувството на толеранција во интерес на граѓаните, во интерес на Македонската држава, да биде што поголема. За тоа најголем придонес треба да дадат лидерите, партиците. Тоа што бил до вчера лидер, ако е заинтересиран за

оваа држава треба да биде денес, еднаш двапати, трипати потолерантен, само во интерес на она што го велам.

Понатаму, доколку господо зборуваме за успешна, неуспешна Влада, за реформска или помалку реформска, или анти реформска Влада, треба да се остварува основното економско начело. Нема држава, нема стабилна држава, економија, нација, доколку ние стопанството не го развиваме.

Односно на крајот заедничкиот именител, ако граѓаните на РМ не создадат нова создадена вредност, да се создаде нешто ново, интелектуално, производ, стока, да се пласира на европскиот и светскиот пазар. Само под тој услов, ако ние од денес произведеме нешто повеќе, може Македонија како држава и ние како граѓани да опстанеме.

Затоа апелирам до Владата која денес се конституира, самиот факт, економскиот показател најдобро намерно сакам да го искажам од оваа говорница, како ваш рамноправен пратеник, да не ги заборавите бројките од првите три месеци. Македонија има увоз од 601 милион долари, извоз 330 милиони долари односно надворешен трговски дефицит на Македонија, имено и недостасуваат сега 270 милиони долари, по 4, тоа е во првиот квартал, се работи за над милијарда долари трговски дефицит.

Јас знам дека премиерот Георгиевски е свесен за оваа работа, јас знам дека и свесно ја преголтнува, вториот, третиот и четвртиот квартал се преголтуваат и се работи на тоа. Мислам дека со таква бројка Македонија нема никаква иднина, економска, државна, политичка, и граѓаните.

Затоа апелирам, ресорните министри кои ги водат ресорите, пред се мислам на министерот за стопанство, не може на ова да биде нем. Во секое негово интервју треба да каже на што тоа се должи и што во наредниот период ќе направиме. 270 милиони долари имаме ние дефицит. И тоа да го исканализираме за првите три месеци, што увезуваме, ќе видите дека многу производи можат да се супституираат, пред се од широката потрошувачка и т.н. Веројатно тука има дел и ДДВ, се брзаа луѓето да увезат и т.н.

Министерот за надворешни работи, секој негов служен пат до било која најблиска држава, Република Бугарија, Грција, Словенија или подалеку, треба да се засновува на тоа што правиме со увозот и извозот. Тоа е и во надлежност на МНР, Министерството за финансии и т.н.

Затоа апелирам до новата Влада, на овој сегмент, надворешно трговската размена, ако сакаме да опстоиме, Македонија мора да биде од 65% до 75% да има покриеност. Со 55% покриеност на увоз со извоз, Македонија не може да опстане.

Понатаму, кога зборуваме за успешност морам да потенцирам од ова место дека не треба да заборавиме, ова јас мотивирачки го кажувам спрема Владата, ликвидноста на стопанството.

Господо, денес од Заводот за платен промет, официјални податоци за не намирени стасани обврски, 30 милијарди денари, на кои отпаѓаат 130 илјади вработени, односно на стопанството 97%. Зголемени, ни повеќе ни помалку од минатата година 37%. Тоа треба да им биде број еден во нивните активности на Владата и на ресорните министерства. Со такви не намирени обврски, едно со други, државата фактички ни е под стечај, односно стопанството ни е под стечај. Ако ние мислиме дека треба да преминеме така преку овој факт, мислам на било која Влада ќе и биде многу краток животниот пат, односно животниот век.

Не сакам да зборувам за невработеноста, која бројка е 370 илјади, не сакам да кажувам за мојата општина Радовиш и Конче, каде има 7,5 илјади невработени. Тоа е наш ангажман, наша обврска, но сепак Владата на РМ во наредниот период мора многу повеќе да се ангажира. Јас сакам тука да поттикнам и едно друго прашање.

Како ние мислиме овде како највисок законодавен дом и воопшто како држава, задолженоста на Македонија од 1.350.000.000 долари, во кој временски период, краткорочен, среднорочен, долгорочен, повеќе децениски, да се враќа. Ние мораме како експерти, како партии како стручњаци да дадеме одговор на тоа прашање. Тоа прашање не смееме да го пролонгираме од година во година. Јас не велам дека претходната власт се оддолжила, но на тоа прашање, ако сакаме да водиме држава, ако сакаме да седиме во Министерствата на одговорни министерски функции па и овој законодавен дом, на ова прашање мора да му се даде одговор.

Понатаму, кога сме кај задолженоста да кажам дека Македонија располага, и тоа добро, добар податок е дека се зголемени државните резерви од 340 милиони на 400 милиони долари. За тоа

го респектирам министерот за финансии, што си повика експертски совет од професори за советување, тоа не е трагедија да те советуваат, не значи тоа дека не си способен, не знаеш. Но, што правиме со нашите државни резерви? Под кои услови, дали се 50, 60%, не сакам сега за тоа да зборувам, бидејќи е тоа доверливо, но оние слободните државни резерви, пред се мислам на девизните резерви, под кои услови и во кои банки. Господо ние велиме дека сме луѓе експерти, менаџери и т.н. Ако имаме 50, 100 милиони долари, ако ги претворевме пред два месеци, кога односот долар марка беше 1, 2,17 а сега 1, 2,204, ќе сме заработеле како најуспешното претпријатие со сите создадени загуби. Тоа го поттикнувам како прашање па нека размислува Владата на РМ да се формира еден експертски тим, со целото знаење и умешност, но не легитимирање пред сопствените партии, туку со својата потврденост и докажаност, да тоа не е за потценување. Капиталот треба да создаде нова вредност. Еден долар да создаде 001 долар, тоа е успех. Но 1 долар односно другите валути, ако се девалвира, мислам дека не е во ред и затоа мислам дека и тие резерви не се до крај искористени. Ако се докрај искористени, нека ме демантираат експертите.

Јас би сакал да кажам и една друга работа, што денес премиерот, без разлика што ние како опозиција го критикуваме и добро е што се критикува, за Буџетот кој е натфрлен за 200 милиони марки.

Подобро нешто отколку ништо, подобро да е натфрлено отколку да е пот фрлено. Бес сите критики што велиме не е правен баланс. Сега што понатаму?

Апелирам, предлагам тие 200 милиони марки да се вратат од каде што најмногу придонеле, каде што е нај неправилно и каде што требаат. Да не си дозволиме финансиските дубиози, да го лечиме нездравото тело, а нема лек, а здравото тело да не го поттикнуваме. Што сакам да кажам? Да се формира или фонд за развој, за оној што може да направи од еден денар, еден кома еден денар, да го оплоди капиталот, или од оној што го заработил го дал на државата, а сега треба дел од него да се врати. Веднаш да кажам.

Јас од ова место се залагав да се врши стимулација на тутуно - производството. Господо ако ние произведуваме 30 милиони килограми тутун, по една марка тоа се 30 милиони марки. Остануваат 170 милиони. Веднаш распределуваме. Не мора да ми прифатите, но затоа што мислам дека денес тутуно - производителите се во нај неповолна состојба.

На земјоделието, имам направено аргументирана анализа, со примената на ДДВ, земјоделието, го вклучувам и тутуно - производството и оранжериите губат 43 милиони марки. Тоа е аргументирано. Нема тука политиканство, вие сте за нас, вие сте за нас и т.н. 40 милиони марки па ќе кажеме, 50% ќе го вратиме по основ на ДДВ, од оние што сме го земале, по основ на зголемена цена на ѓубрето на мазутот електричната енергија и т.н. Тоа се оранжериските производи, земјоделските производи, тутунот и т.н. Во таа смисла, еве, давам еден предлог, да не биде тоа индивидуално, да не биде субјективно, туку да ни се врати во наредниот период.

Сега сакам да кажам за составот на Владата. Ние дискутиравме за тоа и не сакам околу тоа да зборувам.

Ме зачудува фактот, поедини колеги министри. Јас пред дваесетина дена имав едно писмено барање до претседателот на Собранието на РМ, до Министерството за стопанство и до Министерството за земјоделие, какво влијание има ДДВ на земјоделските производи, потоа на откупот и т.н.

До ден денес ниту усмено, ниту писмено сум информиран. А денеска истиот министер, г-динот Борко Андреев, и мојот колега респектиран колега Марјан Ѓорчев, немаат дадено, а се јавуваат во Владата. Зарем мандаторот некогаш не треба да ги фати со една конструктивна критика, зошто луѓе, имате гломазно Министерство, имате стручни луѓе, не можат една нормална, едноставна информација да достават до било кој пратеник.

Јас тоа сега го поставувам, како Ванчо Чифлиганец, како Ванчо Ѓоргиев и т.н. Мислам тоа не е во ред. Ако не се почитува дописот на пратеникот, замисли пак како ќе го слушаме ние гласот на народот. Тоа е една нормална школска дисциплина, би рекол култура, да имаш респект према пратеникот. И кога би имале такви информации, можеби ние од овде ќе бидеме по спремни, многу по конструктивни, многу по корисни за Владата, не ми е јасно зошто тоа се прави.

Затоа апелирам до мојот пријател Ѓорчев, кога доаѓа во Радовиш да доаѓа по основ на министер за земјоделие, најмалку по основ на рударство. По основ на рударството да доаѓа г-динот министер Борко Андреев, бидејќи во рудникот "Бучим"

му го чуваат двајца телохранители претседателот на управниот одбор од застапникот на државниот капитал. Замислете чуваш го рудникот од својот сопартиец, застапник на државниот капитал, со денови и месеци.

Па тоа не е, ве молам, задруга од времето на Тито, на Сталин, од времето на 1948 година. Тоа е македонско национално достигнување. Единствен рудник на бакар и злато на географскиот поим Македонија, пред Ниш до Благоев град до Солун, не мислам да ја ширам Македонија. Треба да имаме едно чувство на националност, на домаќинско работење. Влада сте.

Затоа апелирам до г-динот Ѓеоргиевски, се бореше со политички средства десет години, се отпиша од потпретседателската функција на државата. Две години активно се бори за стабилизирање на Македонија. Такви работи, партиски слепи послушници на никого не му требаат. Такви имаше во СДСМ, сега ги има или нема, дел се префрлија кај вас, партиите на власт и патуваат и понатаму.

Еве овде имаме, професорот Батковски, не е тука, е професор по шумарски науки. Ќе кажам нешто за паразитството.

Со еден шумарски инжињер пред 15 години одиме по Пљачковица. Се е исушено, бидејќи беше јануари или февруари, горе на височината, едно дрво на даб, има зелено. Го прашам, г-дине Миле што е тоа дрво, вели тоа е паразит. Тоа се вика имела. Дрвото пасивно, спие, оно живее. Такви имели, паразити имаше и во претходниот систем, во комунизмот, имаше во СДСМ и сега ги има такви. И дрвото кога се исуши, имелата се исушува. Но овие паразити во нашето општество остануваат. Значи имаме супер паразитско дрво имела.

Затоа господо, на крајот ќе кажам, г-динот Георгиевски треба да си формира експертска Влада, Влада за национален спас, бидејќи го има парламентарното мнозинство. Не треба да робува на тоа дали тој е голем или мал партиец. Јас лично сметам дека многу повеќе овде партици од позицијата и опозицијата можат да бидат корисни за актуелната власт за ВМРО-ДПМНЕ, за Демократската алтернатива и за Демократската партија на Албанците, ако не се ослониме на слепо партиските послушници односно на супер, супер имела дрвото.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (Продолжение)

Затоа кадрите, менаџерите треба да ги издвоиме, ги издвоивме со Законот за избори, треба и понатаму менаџерите да се штитат, затоа што не се градат со месеци, со два, со викање, со децении, а ги има во овие клупи и ги има многу.

Замислете господа до кој степен одиме на не толеранција на меѓусебната омраза. 23 години работам во Бучим и многу такви магистри, доктори, инженери, експерти се ставени во тоалетот, до ВЦ да седат во изолација. Немојте да ја доживееме било кој судбината на оние што биле 1948 година, на оние што го земале имотот. Сега на нов современ начин тоа го доживуваме добронамерни, искрени за државата за системот и за партиите кои се на власт. Зошто? За да не можеш да работиш. Како Македонија може понатаму да оди кога на стручњаците, на експертите, на спремните, сега користи домашно производство. Умот не го користиш. Па, умот е највисок степен на нето девизен ефект. Ниту троши мазут, ниту нафта, ниту електрична енергија. Се што ќе заштедиш, тоа е нето девизен ефект 100%.

Затоа апелирам спрема партијата на власт, која го има парламентарното мнозинство пред се спрема лидерот, мандаторот, премиерот Љубчо Георгиевски не е спорно дали ќе биде и натаму на основа на вредност, способност, мудрост, а тогаш ќе биде лојален и патриот за сопствената држава.

Апелирам до премиерот, бидејќи е ова влада во континуитет, еднаш бевме на коктел, јас дојдов како опозиција, втор пат, трет пат, четвртиот коктел денеска да не го организира, затоа што оваа Влада е во континуитет. Ќе испадне дека овде се честиме, а проблемите во Македонија остануваат.

Им посакувам среќен успех на новата Влада, без разлика дали ќе гласам или нема да гласам, ние добро мислиме на оваа македонска држава, на овие граѓани на Република Македонија. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ванчо Чифлиганец за учество во расправата.

Што се однесува до писмото испратено, тој праша дали куририот го има однесено до Владата, сега ќе добијам одговор дали е стигнато до Владата, така што мислам дека овдека со куририте немаме проблеми. Писмото е препратено до Владата, а Владата ќе го препрати до кај

што треба. Да проверам дали нашиот курир го доставил до Владата.

За збор се јави господинот пратеник Аслан Селмани.

Се извинувам, господине Наќе дали се јавувате за реплика или за дискусија?

(За дискусија).

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада и јас сакам да се вклучам во дискусија околу изборот на Владата и да искажам одредени проблеми, со кои се судрува населението од мојата изборна единица.

Ние мораме да сфатиме уште на почетокот, дека се разбира секоја Влада во светот се критикува и мора да се критикува, заради тоа што сноси голема одговорност и во таа насока сметам дека треба навистина Владата посериозно да согледува некои проблеми, со кои се судираат граѓаните не само за мојата изборна единица, туку за целата земја.

Единствениот проблем за кој често пати сме разговарале и во рамките на Парламентот, па дури и членовите на Владата за имагинарниот единствен шалтер кој ќе послужи навистина граѓаните да добиваат потребна документација за покусо време за решавање на нивните проблеми, а не месец дена до два да трча за обични хартии и т.н. Сметам дека со тоа навистина Владата ќе се бори против сопствената бирократија.

Имајќи го во предвид фактот дека навистина сме бирократска земја, затоа што и јас сум бил бирократ, веројатно и сега сум, но сепак сметам дека треба од тие окови да се ослободиме, да бидеме по транспарентни кон нашите граѓани, затоа што во краен случај секоја Влада во светот постои заради граѓаните, а не заради себе си.

И порано беше одговорено дека тој единствен шалтер ќе се реши со некаков посебен акт, посебна законска норматива и би било пожелно уште од првите денови од септември тој проблем навистина да се реши, затоа што тоа претставува голем проблем.

Не би зборувал за таа висока политика на Владата, затоа што таа ја има својата стратегија и се разбира кога ќе имаме прилика подробно ќе разговараме и за тој проблем, но сакам да истакнам одредени проблеми на подрачјето на општина Липково и пошироко на тој простор што скоро шест години не можеме започнатите проекти да ги докрајчиме. Често пати сум кажувал во овој дом дека Рудникот Лојане, кој бил на експлоатација преку 40 години, после војната учествувал со свои материјални средства за градба на многу градови во Република Македонија, за жал, ни еден денар не е вратен назад.

Во таа насока сакам да кажам, дека во Лојане во напуштениот рудник Лојане има стотици илјади тони отрови, што претставува најсилна еколошка бомба во Република Македонија, сместени се преку 120 тони арсенов концентрат, кој го загадува тој простор што навистина е голема опасност.

Според активностите што ги прави Министерството за животна средина и сега по ново просторно планирање, со кое Министерство јас лично сум имал мошне добар контакт и врски и комуникации, сметам дека навистина ќе се заложи таа еколошка бомба да ја изолира, да се конзервира со цел да се изврши ревитализација на просторот.

Другиот проблем, кој исто така педесетина години е нерешен, е проблемот со водоснабдување. Барам да ме сослушаат колегите од позицијата.

1998 година е започнат проектот мала акумулација во Лојане, направени се првите работи, поставени се цевките, поставен е бетонот арматурата и се друго, остана да се направи бедемот со цел таа мала акумулација да послужи за водоснабдување.

Меѓутоа, за жал 1999 година не е доделен ни еден денар од страна на Владата, што сметам дека е направена огромна грешка и огромна неправда кон тој простор, кон тоа подрачје, затоа што ја финансирало државата скоро пет децении.

Друг проблем на тоа подрачје и пошироко е и проблемот со населбата Липково, како централно место на општината што само 500 метри има оддалеченост од акумулацијата Липково и замислете се уште постојат проблеми околу водоснабдувањето.

Друг проблем со кој се судрува тоа подрачје е и проблемот од областа на образованието. Се разбира најверојатно такви проблеми ги има низ цела Македонија, но тука се драстични. Во неколку села со преку 2000 жители се уште има основни училишта во кои децата работат во бивши полициски станици од 1937 година. Такво училиште постои во селото Никуштак, што навистина за наши услови е катастрофално дури и ризично за

младата генерација, па од страна на Владата бараме под итно да преземе мерки тој проблем да се реши.

Друг проблем со кој се судруваат граѓаните на оваа општина, се проблемите околу кредитите за развој на мало стопанство. Ние тоа транспарентно го велиме скоро десет години, меѓутоа за жал, ни еден кредит не е доделен на граѓаните баратели од Липково.

Во таа насока сметам дека и поранешната Влада во која сум бил и јас член, па и сегашната сноси одговорност во таа насока, затоа што транспарентно велиме дека таа банка или онаа банка има такви кредити, граѓаните подготвуваат проекти и ги доставуваат таквите проекти во одредени банки, во односните банки и што е нај жалосно дури како услов поставуваат мито. Да, меѓутоа толку проценти за мене и т.н. Затоа јас немам факти, аргументи, но имам полу факти, полу аргументи.

Во таа насока, барам Владата која најверојатно ќе биде избрана, навистина да направи чекор кон решавање на тие проблеми и барам пропорционалност според бројот на жителите во Република Македонија да се доделат тие можности за развој на малото стопанство, за развој на сточарство и слично.

Уште еден проблем, кога сите домови на културата во Македонија се во распад, Домот на културата во Матејче во текот на 1998 година со помош на Министерството за култура, беше обновена големата сала, но од тогаш нема ништо ново. Исто така, Владата сметам дека тоа население, таа општина со 30 илјади жители, со многу уметнички друштва, фолклорни мора да имаат таква културна зграда, која ќе не носи во третиот милениум, но за жал, се уште сме во кој знае кој.

Министерството за земјоделие и покрај тоа што имавме доста разбирање во сето тоа сметам дека некои барања што денеска нема да ги истакнам тука, затоа што можеби ќе биде претенциозно, мислам дека треба да ги реши во корист на граѓаните на подрачјето на општината. Благодарам.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на господинот пратеник Аслан Селмани.

Збор има господинот пратеник Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, денеска е на дневен ред објективно по донесувањето на Законот за Влада и за организација на државната управа, што е нормативна основа и за оваа расправа.

Имаме точка на дневен ред номинирана како избор на нов состав на Владата на Република Македонија. Во смисла на тоа дека се работи за нов состав на Владата, а не и за нови персоналитети, да цитирам некои, во Владата на Република Македонија. Тоа се гледа и од актот што е доставен од господинот премиер до пратениците со имињата, презимињата, основните биографски податоци и референцата на кандидатите за ресорите, а исто така и од воведното излагање на господинот премиер.

Имам само неколку коментари во смисла на овие документи.

Прво, мислам дека е избегната уставната норматива во врска со процедурата околу кандидирањето на новата Влада денеска пред овој Парламент. Основот врз кој ни е доставен овој документ денеска гласи ставот 2 од членот 94, ставот 4 од членот 94, од Уставот на Република Македонија и врз основа на тоа е предлогот за состав на Владата на Република Македонија. Ставот 4 од членот 94 од Уставот вели доколку претседателот на Владата предложи разрешуваше на повеќе од една третина од членовите на Владата од првобитниот состав, Собранието одлучува како за избор на нова Влада. Значи, став кој има упатувачки карактер на другите одредби од Уставот на Република Македонија, каде е определена процедурата во врска со изборот на нова Влада, како извршна власт во Република Македонија.

Од предлогот, не за составот на Владата на Република Македонија, туку претходниот предлог за разрешување на членовите на Влада видно е дека се предлага да се разрешат десет членови на досегашната постојна Влада, што од вкупниот општо познат број од 27 е повеќе од една третина. Тоа значи дека експлиците се упатува оваа постапка е забидена во смисла на тоа да се врати мандатот до претседателот на државата и да се добие нов мандат партијата која има најголем број пратеници во Парламентот, да добие мандат за состав на нова Влада.

Јас незнам зошто е направен ваков престап, условно да кажам во однос на Уставот, причините веројатно не се од непознавање на Уставот најверојатно или од толкување, не дај боже, на Уставот, туку можат да се бараат само во политичкиот контекст, а од она што е присутно како

правна форма во политичкото инсистирање на извршната власт во Република Македонија, битно е дека оние што ја делат, согласно Уставот власта на извршната власт во Република Македонија, во последно време нема соодветна коегзистенција и доверба.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

За да се избегне евентуално тој чин, директно се оди со предлог на состав на нова Влада на овој Парламент без, при тоа, да се добие мандат од со функцијата претседател на Република Македонија.

Мислам дека тоа ќе ја оптовари овој состав во неговото работење со една таква мањкавна уставност по тоа прашање и ќе биде хендикеп во нејзиниот капацитет, за да може делотворно да ги остварува своите уставни и законски овластувања, што ќе ги има во наредниот период.

Втората работа што сакам да ја кажам од овие документи што се присутни, не сакајќи да повторувам некои дискусии е експозето на господинот премиер. Мора да се каже дека пред нас, овде пред пратениците незнам по кој пат, но очигледно е дека е презентирано едно не сериозно експозе пред нас, што изобилува со безброј конструкции и невистини изнесени во него. Ќе илустрирам неколку од нив.

Првата констатација во експозето е за работата на амбиентот во која работеше оваа до сега актуелна Влада и констатацијата што при крај е налепена на тоа дека, барем според премиерот, оваа Влада во досегашниот период постигнала значајни, повторувам значајни резултати.

Констатација, што навистина не кореспондира со фактичката положба и состојба од она што се случуваше во овој изминат период од денес, ако сме крајот на јули, во еден период од 20 месеци. Сакам да прецизирам за времето, со оглед дека често во јавноста слушам дека се манипулира со 9 или 8 години наместо 6. Точно се работи за 20 месеци. Јас, не сакам да го враќам и да го потенцирам тој филм што се случуваше во овој период. Всушност, тоа е општо познато и презентирано во јавноста благодарејќи на медиумите и пишани и електронски. Повторувано е во овој Парламент, повторувано е во изјави на одговорни функционери и личности, потенцирано од извршната власт, од Владата, кои за овие 20 месеци на некој начин испаднаа од таа машина на извршната власт, и пост фестум така не опоменуваа и тие ги потврдуваа целокупните тие настани, дека нешто не е во ред, сериозно не е во ред што функционира оваа Влада.

Всушност, не мора да се надмудруваме во потенцирање на тие состојби. Тоа се општо познати и преку цифрите што може да се погрижиме да ги побараме, да ја цитираме во голем дел. Такви цифри денес овде и во оваа прилика, по повод и оваа расправа можат да се најдат. А најголем доказ за тоа е реалниот живот во Република Македонија. Ние не сме луѓе од елитата кои живеат во една сфера без допир со множеството на луѓето и граѓаните. Ние припаѓаме на тој свет и се движиме во тој свет. Всушност, нашата позиција како парламентарци е таква да ги чувствуваме тие најнепосредни проблеми што ги имаат граѓаните. Реалноста е сосема поинаква од оваа констатација што е изнесена како првична на премиерот.

Понатаму е заклетвата на премиерот дека императив на оваа Влада, се мисли на новата што ја предлага да создаде услови за подобар и по достоинствен живот на своите граѓани. Една клетва што обврзува за иднина и за што јас целосно сум согласен, се согласувам и со целите што се изнесени. Всушност, нашата заедничка цел, без разлика на позицијата што ја имаме во механизмите на делување и одлучување, конкретно ние, јас како парламентарец овде и премиерот со своите одговорности, мислам дека во тој поглед се заеднички. Да, после извесен период од нашето делување, од нашите мандати и т.н. кажани, дека сме создале услови за подобар и подостоинствен живот на граѓаните во Република Македонија. Инаку, целосно ќе ја промашиме нашата цел. Всушност нашиот живот ќе биде и безвреден и нашето ангажирање, доколку тоа не го сториме.

Јас не зборувам посебно за политичките одговорности, за судот на граѓаните и т.н., тоа се општопознати работи во механизмот на парламентарната демократија. Но, од оваа оптимистичка заложба и клетва, веднаш може да се види дека, вели, тоа ќе го обезбедиме со владеење на законот, со владеење на правото и ништо повеќе. Не ги разработува механизмите, начините, да ја образложи својата визија за претстојниот непосреден период на кој начин се мисли оваа декларативна, племенита определба дека ќе резултира на крајот после една или две години, целиот уставен мандат што се има, дека ќе резултира со таква квалификација? Од тука се јавува и првото сомневање, дека е ова несериозно изнесување овде пред

Парламентот, пред јавноста и пред граѓаните на Република Македонија.

Втората илустрација за несериозноста, дека реално очекуваме во блиска иднина да дојде до потпишување на договорот за асоцијација со ЕУ. Ние ги следиме, толку колку што можеме и колку што ни е дадено, заеднички, групно и индивидуално што се случува во процесот на асоцијација со ЕУ. Дека се воспоставени нормални комуникации со структурите од ЕУ, дека луѓето и структурите од ЕУ покажуваат волја, да речам и така забележлива наклонетост позитивна кон Република Македонија, на некој начин што побрзо да ги освои просторите со што ќе стане, ќе се потпише овој договор и ќе стане кандидат за понатамошните процеси за рамноправно членство во ЕУ, за што стратегиски се имаме определено сите политички субјекти во Републикава одамна. Веднаш, уште по осамостојувањето на Република Македонија како определба што нема алтернатива за државата друга, при постојните констелации и при тоа, во овој контекст сакам да кажам, ги предупредувам сите оние кои нам, како опозиција, често знаат да ни залепат етикета дека сме анти европски ориентирани, анти реформски ориентирани, мислам е флоскула што навистина не држи, затоа што свеста и кај обичните граѓани е веќе продрена, јас мислам дека во Република Македонија не е правена анкета во врска со прашањето колку граѓаните ја поддржуваат, општо да кажам, таа консензуална определба на сите политички фактори во Република Македонија во врска со определбата за интеграција во ЕУ, за членство во НАТО и други евро атлантски структури, ниту сме имале таков демократски механизам тоа да го направиме на референдум, што двата механизми се случуваат во другите држави. Мислам дека е време тоа и да се направи што ќе ја подигне свеста кај граѓаните или барем политичките субјекти ќе имаат своја свест колку има поддршка за тие стратешки определби во граѓаните на Република Македонија.

Но, важно е тоа дека, покрај ваквите манифестирани околности на нормална комуникација што се остварува, битно е, тргнувам од сопствената позиција дека јас, како граѓанин, остварувајќи ја својата функција како пратеник во овој Парламент, има полно дежурни теми од кога ќе станете сабајле, до кога ќе заспиете ноќеска каде очигледно гледате дека некои работи не одат заедно со плоскулата асоцијација во ЕУ. И, дека често на тоа им кумуваат одговорни фактори во Република Македонија и човек просто се прашува дали реалноста кореспондира со "декларативните", условно кажано, за нашата определба кон таквите асоцијации.

Всушност, и нашата позиција како опозиција, за овој двегодишен период, 20 месечен период од владеењето на Коалицијата за промени во Република Македонија и нашите залагања во однос на голем дел проекти што се наоѓаат во овој Парламент, ја гледам низ таа призма да се подобрат проектите, да се исправат некои балкански работи и во практичното делување што, апсурдно беа присутни и се уште се присутни во реалниот живот кај нас, за да можеме да почувствуваме навистина и да бидеме оптимисти во врска со оваа определба.

Знаете, ние можеме и да го потпишеме договорот за асоцијација со ЕУ. Но, да останеме уште голем, долг период надвор од рамките на полноправното членство во европската интеграција и во врска со тоа да ги трпиме сите последици. Нека не се заборави дека, покрај тоа што договорот за асоцијација со ЕУ е формална рамка што има свои механизми, што бараат одредени норми на однесување и бараат верификација на тие норми, да ги докажете дека така се однесувате и тоа може да се случи, но дека реалниот живот е сосема нешто друго во однос на спроведувањето на тие норми во животот во државата. Нема да споредувам, споредбата е неспоредлива, но има луѓе кои се разбираат од таа работа. Впрочем и Уставот на бившиот СССР, во времето на Сталин, беше во редот на нај демократските устави, еден од нај демократските, за пофалба, но реалниот живот беше сосема друг, или сето она што се случуваше таму.

Од таму, приодот кон тоа дека се постигнал некој резултат во тој дел, спореден со реалното однесување, сега конкретно да кажам на извршната власт, ова го потенцирам како порака до новата извршна власт што треба да дојде во новиот состав, дека, првенствено треба да води сметка за таа позиција што ја има. Да не ни се случуваат такви дустабански работи, како што ни се случуваа овие две години. Не дека јас сум загрозен како опозиција. Мојата положба ако сакате, лично како опозиција, е многу комотна. Тоа зборувам во однос на обврските што ги имам. Ќе се подготвувам за Собрание и немаме други обврски. Затоа што сум бил во позиција и знам што значат обврски да биде во позиција. Но, зборувам за иднината на

Република Македонија во контекст за иднината на граѓаните на Република Македонија.

Пречи, несериозен е приодот во излагањето на премиерот и во однос на контекстот на она што се очекува во понатамошниот период, во смисла на тоа како се однесувала бившата власт на господинот Бранко Црвенковски. И, притоа се накалемуваат многу невистини. На пример, дека Република Македонија подеднакво негува добри односи со соседите, а дека тоа не било случај тоа да биде порано и дека тие проблеми се сега надминати и дека за сите проблеми ќе се разговара отворено.

Всушност, позната е позицијата на таа Влада, на бившата, ако се мисли тоа и во однос на објективните состојби што беа и со северниот сосед и со источниот сосед и со јужниот сосед и со западниот сосед. Сето тоа беа реалитети што не можеа објективно да дадат други можности за поблиска комуникација. Тоа е општо познато, но не е лошо да се потсетиме околу тоа прашање, затоа што пренабрегнувањето на реалните состојби, при тоа мислам на сето она што се случуваше во Република Бугарија што ги имаше сопствените проблеми, на сето она што се случуваше на екстремната политика што се водеше во Република Грција кон Република Македонија во минатиот период, изразено низ различни форми од блокади до други чешитлуци, состојбите во Република Албанија, состојбите во северниот сосед што се уште траат и т.н.

Објективно треба да се погледне на состојбите и објективно да се преоценат позициите на субјектите кој во каква позиција се наоѓал.

Како илустрација, понатаму, премиерот во своето излагање, за регионалната соработка што е преферирана во минатата Влада и во иднина што ќе се преферира, вели - уште еднаш би сакал да го спомнам заедничкиот Проект "Коридорот 8".

Објективно да ви кажам, како граѓанин на Република Македонија и како пратеник од "Коридорот 8" има многу нејасни работи.

Прво, за "Коридорот 8" се зборува пет - шест години, колку што се сеќавам, уште од втората Влада на господинот Бранко Црвенковски.

Се презедоа одредени конкретни работи. Она што се прави во Република Македонија, тоа е се уште она што го правеше старата Влада. За овие 20 месеци од новата Влада, практично немаме ништо што е сработено по тоа прашање.

Да ве потсетам: патниот правец од Скопје до Миладиновци беше од старата Влада почнат и заокружен. Патниот правец Гостивар - Тетово, зборувам за "Коридорот 8", беше почнат, завршен и пуштен во експлоатација од старата Влада. Патниот правец Тетово – Скопје, исто така почнат во старата Влада, интензивно се гради, патувам секојдневно по таа релација, некаде по моја проценка 70% е готов.

Напротив, што е направено за овие 20 месеци за "Коридорот 8"? Освен оние сомнежи на кои беа поставени основите дека во меѓувреме комшиите преговараат да поместат делови од патниот "Коридор 8", оти тоа не се подразбира само за изградба на автопатско решение и железничкиот коридор, и телекомуникацискиот и гасоводниот. Се работи за нафтовод. Претежно, што се случува по тие прашања? Во последно време имаме сомнежи околу дислокација на таа работа. Дека одредени субјекти, на пример заинтересирана Република Грција тоа го прави, што е сосема нормално, на нејзините северни простори, а Италија и Бугарија постигнуваат некои документи, потпишуваат и т.н. и многу по напред се отидени во дефинирањето и изместувањето на таа коридорска траса.

Беше ли можност да слушнеме од премиерот, веќе кога спомнува "Коридор 8" по тоа прашање што се случува и кои се перспективите по тоа прашање?

Загриженоста е уште поголема ако се знае дека ни беше презентирано, дека се апсолвирани финансиските конструкции во рамките на Пактот за стабилност за тие проекти, а од Пактот за стабилност за оваа една ипол година, слушаме во најново време такви симптоматични изјави на господинот претседател Бодо Хомбах, дека не е во парите, дека треба и другите да покажат активност, дека не се работи само за готови пари, треба активности, треба координација, треба згрижување. Се прави нешто на тој план?

Имаме ли шанси воопшто да го истуркаме тој проект или ќе остане само една историска заблуда? Нема одговор по тоа прашање. Еве, самиот премиер уште еднаш вели - сакам да го спомнам заедничкиот проект "Коридор 8", а не дава одговори, ниту визија, ниту конкретни податоци што се случува со таа проблематика.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Има и други примери во експозето на премиерот што го прават експозето навистина несериозно. Јас ќе споменам и од цифрите што се коментираат.

Потсетувам, дека во меѓувреме беше донесен Законот за старата девизна заштеда, со која за прв пат фактички се обезбеди враќање на заробените девизни влогови. Кој го знае законот знае, кој ја знае фактичката ситуација ја знае дека поранешната Влада, екс Влада по различити основи по стариот закон ослободи, преби долг од 850 милиони германски марки и дека долгот е сведен со растот на нормалната камата која беше во тој период на милијарда германски марки. Што имаме со новото нормативно решение што го донесовме? Реално враќање кое треба, а се изврши во септември на трите посто од милијарда германски марки, тоа е 30 милиони германски марки и одлагање со обврзници за две години до 2002 година, кога евентуално ќе дојде друга власт да го враќа долгот, за да подолу премиерот констатира дека на тој начин се затвораат два големи долгови кон оваа држава. Тоа го припишува како сериозен успех на владите ни досега ги водеше за овие 20 месеци, а фактичката состојба по ова прашање конкретно стои вака.

Така е и по прашањето на Законот за денационализација. Вели дека е донесен нов закон за. Всушност, правени се измени и дополни на Законот за денационализација. Факт е дека Законот за денационализација што го донесе старата Влада не се спроведуваше, но факт е дека и овој закон не се спроведува, барем до овој момент, додека сме ние. Дури, не се знае ни обемот на обврските на државата Република Македонија, кои треба да произлезат во врска со одредбите на законот и тој обем да се квантифицира во тој износ. Ве молам, ако не знаете колку должите, тогаш како можете да кажете дека долгот сте го вратиле.

Има и други небулози во излагањето. Невработеноста. Но, не смееме така г-дине претседателе да поминеме - лесе па се. Се согласувате.

Ја имаме одговорноста по тоа прашање. Сакам да кажам, погледнато ова експозе, па сега и со новиот состав кој треба да го прокоментираме, затоа што расправаме за персонален состав. Еве вака стојат работите на прв поглед.

Од досегашната Влада од 10 министри кои се распуштаат се распушта еден академик и осум доктори на науки. Еве ги фактите.

Во новата Влада остануваат два доктори на науки во составот на министерствата и еден, г-динот Васил Тупурковски, министер без ресор. Ако одиме по таа формална квалификација, што во суштина преставува и суштина во смисла на тоа не заради шминкање со титули на кандидатите за министри, туку поради општествената верификација што ја постигнале кандидатите, барем за кои расправаме денес за едни за разрешување, други за именување низ процесот на образование и дека тоа е сепак една верификација помината низ структурите, која влева надеж дека во овој, да не употребам збор, историски период што ни претстои за државата, сериозен период дека ќе добиеме екипа со капацитет која ќе се носи со сериозните притисоци, што ќе стојат пред нејзе. Ние погледнато од овој аспект значи добивме полоша екипа.

Јас би сакал реалниот живот да ме демантира во иднина и ќе бидам еден од посреќните граѓани, ќе се потврди тезата дека титулите најчесто кај луѓето служат како ортопетско помагало за движење низ општествената структура и т.н., но јас да ви кажам со искрена почит према овие луѓе што се кандидирани овде ја почитувам таа општествена верификација и првиот мој впечаток е дека нешто не е во ред од тој аспект.

Вториот впечаток дека нешто не е во ред од тој аспект, од аспект на капацитетот на Владата да се носи со идните сериозни предизвици е политичката композиција што е направена од трите политички фактори деновиве и што дел од нив дава изјави и кој дел овде не се присутни во составот на предлогот на Владата гледам висат и во воздух овде меѓу пратениците, има некои нејаснотии зошто не е присутен овој, зошто не е присутен оној. Има полно и збунетост кај добар дел од пратениците од позицијата и пазарењето околу некои министерски ресори и негодување на одредени политички барања, што е дополнителен амортизер, што може да го испразни потребниот капацитет на Владата за да се носи со актуелните проблеми и предизвици што ќе и дојдат. Јас разбирам дека во заедничката политичка композиција треба да правите компромиси, но компромисите трпат одредена граница и норма. Ако се премине таа норма тогаш оди на штета на сите, оди на етиката која треба да ја работи работата, но оди на штета, за жал и на

граѓаните на Република Македонија во конкретниот случај.

Ако се погледаат биографските податоци и другите податоци ќе се види дека за писмените граѓани во Република Македонија и информираните граѓани во Република Македонија, добар дел од екипата е хендикепирана со минатиот труд во решавање на проблемите, прво и второ, добар дел од екипата е хендикепирана, барем досега немала презентација ниту поединечно, ниту групно, за визиите што ги има за понатамошни економски, демократски развој на Република Македонија и дека е сериозен хендикеп, дополнителен за таа екипа.

Со оглед дека се работи за министри со кои делумно извесен период работевме и познати се резултатите од нивната работа, скепсата е уште поголема.

Јас само пожелувам среќа и мирно море на премиерот за да може да плови со овој брод и политички да преживее понатаму. Инаку, друг заклучок не може да се извлече од оптимизмот, кој практично го нема ако и понатаму анализирате што се е презентирано и на кои одговорности.

Оттаму, мојот став е, јас незнам од каде потребата да се брза во врска со имплементацијата на Законот за организација на државната управа, во смисла да се добие нов состав на Влада. И така се пред нас годишните одмори можеше да се седне во помирен период, на подобар начин ќе се размисли околу композицијата на целокупните проблеми и навистина, јас сум свесен дека нема идеален тим, дека нема идеална Влада, но можеше да се направи дополнителен напор да се излезе и со посериозен тим пред нас овде, да ни дадеше барем оптимизам и верба дека нешто ќе се случува во иднина, а и со посериозна презентирана програма за овие две години. Да се избришеа лошите соништа од залажување на граѓаните со изборните програми од 1998 година и навистина да дојдевме до нешто поопипливо.

Благодарам господине претседател.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Благодарам на г-динот Наќе Стојановски, за учество во расправата.

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците и министрите да влезат во салата.

(Пратениците и министрите влегуваат во салата).

Уште еднаш ги молам и ги повикувам сите пратеници и министри да влезат во салата и да седнат на своите места.

Преминуваме на избор на Влада на Република Македонија.

Предложениот состав на Влада го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

69 пратеници гласаа за, 8 се воздржани, 15 против.

Според тоа констатирам дека Собранието избра Влада на Република Македонија.

За претседател на Владата на Република Македонија е избран Љубчо Георгиевски.

Второ, за министри кои ќе раководат со одделни министерства се избрани:

- Љубен Пауновски, за министер кој ќе раководи со Министерството за одбрана,

- Доста Димовска, за министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи,

- м-р Џевдет Насуфи, за министер кој ќе раководи со Министерството за правда.

- Александар Димитров, за министер кој ќе раководи со Министерството за надворешни работи,

- Никола Груевски, министер кој ќе раководи со Министерството за финансии,

- м-р Борко Андреев, за министер кој ќе раководи со Министерството за економија,

- Марјан Ѓорчев, за министер кој ќе раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;

- д-р Драган Даниловски, за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство.

- д-р Гале Галев, за министер кој ќе раководи со Министерството за образование и наука,

- Бедредин Ибраими, за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика,

- Џемаил Саити, за министер кој ќе раководи со Министерството за локална самоуправа,

- м-р Ганка Самоиловска - Цветанова - за министер, кој ќе раководи со Министерството за култура,

- Љубчо Балковски, за министер кој ќе раководи со Министерството за транспорт и врски,

- Тони Поповски, за министер кој ќе раководи со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Трето, за министри без ресор, се избрани:

- д-р Васил Тупурковски,

- Ернад Фејзулаху.

Констатирам дека со изборот на Владата на Република Македонија на членовите на Владата од претходниот состав, што не се избрани им престанува функцијата.

Ги молам, претседателот на Владата и министрите да дадат свечена изјава.

Ве молам да станете.

(Сите присутни во салата стануваат).

Молам, да повторуваат членовите на Владата, барем еднаш по Парламентот, она што ќе им се каже.

"Изјавувам дека доверената функција ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се придржувам на уставите и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

Ги молам претседателот и членовите на Владата да го потпишат текстот на свечената изјава.

(Претседателот и членовите на Владата го потпишуваат текстот на свечената изјава).

Дами и господа пратеници.

Дозволете ми од името на сите пратеници, да им го честитам изборот на претседателот на Владата Љубчо Георгиевски и на министрите и да им посакам успешна работа во извршувањето на задачите кои ги очекуваат во наредниот период, како и успешна соработка со Собранието на Република Македонија.

Истовремено дозволете ми да им се заблагодарам на досегашните министри, кои не се избрани за нивните залагања и да им посакам успех во нивната понатамошна активност.

Дами и господа пратеници, почитувани гости, почитуван господине претседател на Републиката, Борис Трајковски, кој што не удостои да присуствува на денешната седница.

Пред да ја заклучам 55-та седница на Собранието на Република Македонија, дозволете ми да кажам една моја импресија.

Нема многу да говорам, затоа што многу говоревме.

Седум дека расправаме и водиме една, по мое мислење, доста квалитетна расправа. Донесовме мошне значајни закони. Покажавме еден висок степен на зрелост на демократијата со соочување на факти, на аргументи, со едноставно подобрување на условите на живеење во оваа држава. Јас мислам дека секој министер, а мислам дека се доволно паметни сите, особено Владата во целина ќе извлече поука од денешната расправа, ќе го оддели она што претставуваше маркетиншки настап од она што претставуваше добронамерни укажувања и ќе го вгради во понатамошната работа, не заборавајќи го она што јас уште на почетокот го кажав, дека со самиот потпис што денеска се става од овој момент, не треба да заборават дека еден ден ќе бидат бивши, како и сите други кои што беа овде и т.н.

Ја заклучувам 55-та седница и ве повикувам на еден коктел. Аплауз.

(Седницата заврши со работа во 19,00 часот).